МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

ПРОМОЦИЈА НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ЗАКОНИКОТ НА „ПОСЕБНАТА СМЕТКА“

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Предмет: Филозофија на правото

Ментор: вонр. проф. д-р Иван Ефремовски

Студент: Даниела Тошева-Николовска

Број на индекс: М 177008

Насока: Граѓанско право

Свети Николе, 2021

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

ПРОМОЦИЈА НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ЗАКОНИКОТ НА „ПОСЕБНАТА СМЕТКА“

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Предмет: Филозофија на правото

Ментор: вонр. проф. д-р Иван Ефремовски

Студент: Даниела Тошева-Николовска

Број на индекс: М 177008

Насока: Граѓанско право

Свети Николе, 2021

ИЗЈАВА

ЗА ОРИГИНАЛНОСТ НА ТРУДОТ

Јас, Даниела Тошева-Николовска изјавувам дека поднесениот магистерски труд со наслов „Промоција на семејните вредности во Законикот на „Посебната сметка“, е мој самостоен труд што го создадов со индивидуална научна работа. Создавањето на овој труд се одвиваше во согласност со законските прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и при употребата на трудови од други автори делував во согласност со пропишаните методолошки стандарди. Литературата која ја користев при изработката на трудот е обележана во делот БИБЛИОГРАФИЈА и на соодветен начин обележана и во самиот составен дел на трудот. Според ова тврдам дека трудот е оригинален, односно не е плагијат.

Изјавувам дека ги прифаќам сите права, обврски и одговорности, кои произлегуваат од актите што ги регулираат прашањата на авторските и сродни права.

Свети Николе, _____ 2021 г. *Кандидат:*

Даниела Тошева-Николовска

Апстракт:

Предмет на истражување на овој труд е еден Законик издаден во раните години од владеењето на Август во провинцијата Египет. Верзијата што е зачувана денес потекнува од вториот век н.е. Законикот е еден вид прирачник за потребите на една служба која потекнува од Птолемајскиот период, наречена „Посебна сметка“. Оваа служба се занимавала пред сè со конфискуваниот имот, со негова продажба, како и со решавање спорови што се однесуваат на ваков имот. Меѓутоа, кога Египет станува римска провинција, оваа служба добила многу повеќе овластувања и се создала потреба од составување на Законик, кој претставува еден вид епитом на Августовото законодавство. Тоа значи дека се употребени во голема мера законите што се издадени или под името на Август, или за време на неговото владеење, иако не се назначени експлицитно. Забележително е што повеќето од законите кои се основа на овој законик се однесуваат на промоција на бракот и на семејните вредности, а стануцва збор за Законик кој произлегува од службата за конфискување имот. Тоа е така, зашто голем дел од овие законски одредби се закони кои предвидуваат материјална казна и тоа е всушност заедничкото за речиси сите одреби: казната е или целосно или делумно конфискување на имотот на прекршителите. Но, поради тоа што во Египет има поинаква класификација на населението, правото доживува преобликување, па и во однос на овие закони што се однесуваат на семејните вредности. Имено, тие се дел од процесот „провинцијализација“, кој во одреден период го создава тоа провинциско право, што излегува надвор од рамките на провинцијата и добива генерално значење. Овде, всушност, во Законикот и во правните папируси од тој период на римската историја во Египет, го гледаме формирањето на провинциското право во областа на семејното право пред сè.

Клучни зборови: *Римско право, провинцијализација, Августовото законодавство, Законикот на „Посебната сметка“, Римски Египет, принкипат, локализирано право.*

Abstract:

The subject of this paper is a Code titled the Gnomon of the Idios Logos issued in the early years of the reign of Augustus in the province of Egypt. The version that is available today originates from the second century AD. The Gnomon is a kind of manual for an office that dates back to the Ptolemaic period, called the "Special Account" i.e. Idios Logos. This office was primarily concerned with confiscated property, its sale, as well as resolving disputes related to such property. However, as Egypt became a Roman province, this office gained much more authority and the need arose to draft a legal handbook, a kind of epitome of Augustan legislation. This means that the laws issued either under the name of Augustus, or during his reign, have been used extensively, although they are not explicitly stated. It is noteworthy that most of the laws that are the basis of this Gnomon are related to the promotion of marriage and family values, and this is a Code that arises from the office for confiscation of property. This is because many of these legal provisions are laws that provide for material punishment and this is in fact common to almost all provisions: the punishment is either full or partial confiscation of the property of the offenders. However, due to the different classification of the population in Egypt, the law is undergoing a transformation, even in relation to these laws that refer to family values. Namely, they are part of the process of provincialization, which in a certain period creates that provincial law, which goes beyond the province and acquires general significance. Here, in fact, in the Gnomon and in the legal papyri from that period of Roman history in Egypt, we see the formation of provincial law in the field of family law.

Keywords: *Roman law, provincialization, Augustan legislation, The Gnomon of the Idios Logos, Roman Egypt, principate, localized law.*

Скратеници

BGU	*Aegyptische Urkunden aus den Königlichen* (later Staatlichen) Museen zu Berlin, Griechische Urkunden. Berlin.
Gn.	*Der Gnomon des Idios logos, (1919), Ägyptische Urkunden aus den Staatlichen Museen zu Berlined. Griechische Urkunden V. Band. 1. Heft. Bearbeitet von Emil Seckel und Wilhelm Schubart. Berlin: Weidmannsche buchhandlung.*
P. Eleph.	*Elephantine* XIII: *Les papyrus et les ostraca grecs*
Wagner	*d'Elephantine*, ed. G. Wagner. Mainz 1998. (Deutsches Archäologisches Institut (Kairo), Archäologische Veröffentlichungen 70). Papyri nos. I—IV; ostraca nos. 1—372; nos. 166—278 are descripta. [PvZ]
P. Lond.	*Greek Papyri in the British Museum*. (London)
P. Mich.	*Michigan papyri* ed. Gerald M. Browne (Toronto: Hakkert, 1975)
P. Oxy.	Grenfell, Bernard P., Hunt, Arthur S. et al., eds., *The Oxyrhynchus papyri* (London: Egypt Exploration Fund, 1898-)
P. Ryl.	*Catalogue of the Greek and Latin Papyri in the John Rylands Library*, Manchester. (Manchester 1911-1952) I, Literary Texts, ed. A.S. Hunt. 1911, Nos. 1-61; II, Documents of the Ptolemaic and Roman Periods, ed. J. de M. Johnson, V. Martin and A.S. Hunt. 1915, Nos. 62-456; III, Theological and Literary Texts, ed. C.H. Roberts. 1938, Nos. 457-551; IV, Documents of the Ptolemaic, Roman and Byzantine Periods, ed. C.H. Roberts and E.G. Turner. 1952, Nos. 552-717.

Содржина

Апстракт: ii

Abstract iii

Скратеници iv

Увод 1

Предмет на истражување 1

Изворите и нивниот контекст 8

Претходни истражувања 10

1. ПОИМОТ ЗА БРАК И СЕМЕЈСТВО ВО РИМСКОТО ПРАВО 13

2. ЗАКОНИКОТ НА „ПОСЕБНАТА СМЕТКА“ 23

3. *ЗАКОНОТ НА ЈУЛИЈ И ПАПИЈ-ПОПАЈ* И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА НА АВГУСТ 27

3.1. КАЗНИТЕ ВО ЗАКОНОТ НА *ЈУЛИЈ И ПАПИЈ-ПОПАЈ* 36

3.2. ПРИДОБИВКИТЕ ОД ЗАКОНОТ НА ЈУЛИЈ И ПАПИЈ-ПОПАЈ: IUS (TRIUM) LIBERORUM 40

4. ДРУГИ ЗАКОНИ ВО *ЗАКОНИКОТ* 44

5. ВОЈНИКОТ ВО ГНОМОНОТ 51

5.1. ПРИВИЛЕГИИТЕ НА ВОЈНИЦИТЕ ВО *ЗАКОНИКОТ* ПРИ СОСТАВУВАЊЕ ЗАВЕШТАНИЈА 53

5.2. СТАТУСОТ, БРАКОТ И СЕМЕЈСТВОТО НА ВОЈНИКОТ ВО *ЗАКОНИКОТ* ... 61

6. ЗАКЛУЧОК 70

БИБЛИОГРАФИЈА 76

ДОДАТОК 80

Законикот на „Посебната сметка“ (BGU 5.1210) 80

Увод

Предмет на истражување

Една од главните карактеристики на Августовото законодавство (27 пр. н. е. до 14 н. е.) е промовирање на семејни вредности, односно склучување брак и создавање законски деца, кои ќе бидат идната сила на империјата. Ова е, од една страна, заклучок даден од денешна перспектива врз основа на бројни научни истражувања, но од друга страна, овој концепт бил препознаен уште во антиката, славен од поетите, современиците на Август, величен и критикуван од историографите. Во основа, Август не воведува нешто туѓо за римската правна култура, затоа што бракот за Римјаните отсекогаш претставувал моногамна и егзогамна заедница, чија основна општествена функција е создавање потомство (liberorum procreandorum causa). Во таа смисла, Августовите закони во однос на бракот и создавањето потомство не се целосно новитет, туку препознавање на претходното законодавство и на *mores maiorum*. Разликата меѓу законодавството од периодот на Републиката (имено пред Август) и Августовото законодавство е тоа што семејните работи стануваат *res publica* во второто, тие веќе не се *res privata*. Но колку и да звучи грандиозна изјавата на почетокот од овој текст, потребно е да се каже дека Августовото законодавство во суштина било рестриктивно и опресивно кон одредени категории население во Римската Империја, кое предвидува голем број материјални казни за оние што не ги почитувале одредбите. Тоа значи дека голем дел од законите биле *leges minus quam perfectae = „закони од помалку совршен вид“ (*закони кои противправното дејство не го прогласуваат за ништовно, туку предвидуваат казна за сторителот*)* и затоа повеќето од овие закони создадени за време на Августовото владеење се основа на еден добро познат законски текст меѓу оние што се занимаваат со римската (правна) историја: *Законикот на „Посебната сметка“*[1]. Главна задача на овој *Законик* се случаите во кои се конфискува имотот на граѓаните од страна на државната ризница (фискот). Овој текст, *Законикот*, е главниот изворен текст врз кој ќе биде спроведено истражувањето. Ќе биде покажано како законите на Август, но и законодавството што претходи и што е поврзано со идејата за промовирање брак и

[1] Понатаму во трудот *Законикот на „Посебната сметка“* ќе биде наведен во скратена верзија *Законикот*, освен ако од контекстот е нејасно за каков законик се работи.

раѓање деца, се употребени соодветно од страна на службата наречена „Посебна сметка“, која била исклучителна за провинцијата Египет.

Овој начин на „реупотреба“ на официјалното законодавство со извесни промени е суштина на поимот „провинцијализација“ на правото, кога зборуваме за римското право и за кој ќе бидат дадени објаснувања. Имено, римското право претставува многу широка и детално истражувана област меѓу правните историчари, меѓутоа *Законикот на „Посебната сметка“* во Египет, што стои во насловот на овој труд упатува на еден ограничен временски период од Римската историја – времето на принкипатот, и на еден конкретен географски простор – Египет. Терминот „провинцијализација“ кој се однесува на *Законикот* пред сè, не покажува ниту некакво генерализирање на правниот систем или системи во провинциите, а ниту конкретизирање на правните статути во *Законикот* во рамките на правниот систем, бидејќи таквиот пристап подразбира изучување на правната теорија пред сè, поточно на оној систематизиран корпус од правила создаден *a posteriori*. Во таа смисла зборуваме за изучување на провинциското право, област од римското право што е многу работена и воопшто не е новина во правната историја и сродните науки, бидејќи досега има многу студии создадени врз основа на овој корпус од правила. Провинцијализацијата претставува процес, а *провинциско* е својство до кое се доаѓа преку процесот; затоа, римското право аплицирано во *Законикот* е најсоодветен начин да се покаже процесот, а правните папируси како сведоштва од праксата ја покажуваат на интерен и на екстерен начин правната култура[2]. Тоа значи дека пристапот на изучување и толкување на правото во овој случај поаѓа од „долната страна на спектарот“, за разлика од вообичаениот начин на изучување на правото, кој поаѓа од дефинирање на правните системи, служејќи се со правната теорија, односно поаѓа од „горната страна“. Она што ќе биде истражувано во овој труд, општо кажано, е начинот на кој римското право во провинцијата Египет (може да се додаде најдокументираната провинција) е прилагодено за потребите на таа провинција, т.е. „провинцијализирано“. Оттука може да се зборува и за „локализирано“ римско право, термин што го употребува Кимберли Чајковски (Czajkowski 2017), кога

[2] Интерниот начин на покажување на правната култура го гледаме преку мислењата на правниците кои се изложени во голем број документи и кои се однесуваат на некој конретен случај. Таквите коментари, пак, им служат на правниците понатаму како референца, затоа ова е казуистично право – односно се темели на толкувани случаи (casus). Екстерен начин, пак, се однесува на мислеањата и барањата што ги составува населението, во кои, освен начинот на функционирање на правната пракса, се гледа ставот кон правото и кон државата.

станува збор за објаснување на мултикултурата на правните условно речено системи, во римските провинции пред Едиктот на Каракала (212 г.)[3].

Правниот систем во римската провинција Египет може да се каже дека е sui generis, и покрај тоа што има ставови кои се спротивставуваат на ваквата можност за размислување. Египет има долга историја и пред Рим, а ние овде се осврнуваме само на еден краток временски период со референции кон Птолемајски Египет. Тие особености се создавале во текот на многу векови, од различни и развиени цивилизации што владееле во долината на Нил. Занимливо е тоа што ниедна цивилизација не го поништува системот на претходната, но го прифаќа и прилагодува на новата власт. Така, кога Египет паѓа под власт на македонската династија Лагиди (Птолемаиди), животот на локалното население останува во голема мера неизменет, а административната поделба и управувањето остануваат речиси исти. Кога Египет паѓа под римска власт во 31 г. пр. н. е. Октавијан Август не ја поништува администрацијата и правните одредби на Птолемаидите, но се однесува слично како Птолемај I Сотер во 323 г. пр. н. е., односно го прифаќа она што го освоил какво што е и го прилагодува на римските правни институции. Во врска со посебноста на провинцијата Египет во рамките на Римската држава, Доминик Ратбоун (Rathbone 1993, 81) застапува поинаков став од она што е opinio communis, а имено дека „фискалниот систем на Римски Египет бил прилично различен од стандардниот што се среќава во другите провинции“; веднаш потоа тој го дискредитира ова мислење како застарен став, затоа што во тој случај сите правни папируси кои се пронајдени во Египет, би биле важно само за локалното право, а без никакво значење за остатокот од Империјата. Имено, Ратбоун ја застапува тезата дека општеството и администрацијата во Египет поминале значајни промени особено во однос на оданочувањето и ова е начин на размислување што го застапуваат и други автори. Тие промени се случуваат како резултат на анектирањето на Египет под римска власт, и дека Египет сепак не бил толку посебна провинција во однос на другите и наведува зошто, потенцирајќи ја пред сè сличноста на даночниот систем во споредба со другите провинции. Меѓутоа, тоа е еден аспект од кој може да се толкува правната култура на таа провинција. Она што е важно за ова истражување е статусот на „Посебната сметка“, која е птолемајска институција, но подоцна прифатена во

[3] Во 212 г. императорот Марк Аврелиј Север Антонин Каракала (198-217 г. н. е.) им дава римско граѓанство на сите слободни жители во Римската Империја, со исклучок на дедитициите, преку царскиот едикт познат како Constitutio Antoniniana. Овој едикт има огромно значење за Римската Империја, бидејќи се нивелираат разликите меѓу жителите на римската држава врз основа на граѓанскиот статус.

модифициран облик и во други провинции со терминот *patrimonium*. Значи, самата институција, нејзините службеници и ингеренции во однос на *bona vacantia*, *caduca* и *damnatorum* наскоро биле претставени и во останатите римски провинции. На крајот, Ратбоун вака ја дефинира положбата на Египет: „Далеку од тоа дека бил исклучителен случај, но Египет бил лабораторија во која Октавијан ги развивал и тестирал новите елементи на фискалниот систем, што тој како Август ги направил, но со извесни модификации, стандарни за целата империја.“ (Rathbone 1993, 111-112).

Како и да е, за Египет имаме најмногу податоци и со сигурност може да се каже дека Египет, во својата историја во времето на Птолемаидите и во Римскиот период, развива уникатен правен систем. Во овој труд ќе бидат мапирани и класифицирани тие обележја на вака создаденото провинцилијализирано право, кое навлегува и во главните текови на правниот сообраќај во Римското царство. Всушност, процесот е двостран.

Доказ за минималните промени во провинцијата Египет, но и во останатите источни провинции е пред сè јазикот; имено, источните римски провинции го задржуваат јазикот наметнат од македонските дијадоси, така што и во Египет се во употреба два, а во одредени периоди и три различни јазици: (1) египетскиот (прво прикажан преку демотското писмо, а потоа преку коптското), кој главно го говорело индигеното население надвор од градовите; (2) грчкиот, кој го зборувале членовите на средните и на високите класи во градовите; (3) латинскиот, lingua legitima на римската администрација и армија. Сепак, грчкиот го задржал својот полу-официјален статус, барем до одредени нивоа во римскиот царски систем. Постепено, како што се гледа од папирусите, латинскиот е истиснат, и покрај обидите да се возобнови преку различни царски рескрипти, како на пример во времето на Диоклетијан. Диоклетијан прави обиди да ги возобнови не само римските практики во провинцијата Египет, но и да го направи Египет дел од римскиот систем. Овие реформи на Диоклетијан се однесуваат, меѓу другото, и на возобновување на латинскиот јазик како официјален јазик. Овие негови обиди се речиси без успех, бидејќи грчкиот јазик се задржува во правниот сообраќај до освојувањето на Арапите во 642 г. Дури и главниот текст врз кој ќе се истражува она што е најавено во насловот на трудот, а имено текстот наведен погоре, *Законикот на „Посебната сметка“* во Египет е напишан на грчки јазик, факт што доволно говори за ситуацијата во оваа провинција. Освен овој текст, ќе бидат земени предвид и дополнителни правни папируси од периодот и од областа на која се однесува *Законикот,*

за да се види овој процес на провинцијализација in situ. Значи, примарните извори кои се употребени во ова истражување се автентични правни документи кои се пронајдени на папируси. Тие не припаѓаат на ракописната традиција, затоа што се пронајдени во нововековието при раскопки на територијата на Египет, каде што климатските услови дозволиле папирусите да останат читливи и по толку векови. Покрај изворите-артефакти, во трудот ќе биде постојано консултирана правната теорија како што ни ја предава јуриспрудентот Гај од II век н. е. како и теоријата од доцната империја (собрани во *Кодексот на Теодосиј* и *Збирката граѓанско право* на Јустинијан).

Во овој труд се поставуваат следниве работни хипотези: дека римското право сфатено и во буквална смисла како ius civile, но и како ius gentium, добива преобликување во провинцијата Египет. Ова преобликување во голема мера е под влијание на претходниот систем, т.е. двојниот правен систем на Птолемаидите, но и затоа што токму оваа провинција, која имала статус на царска провинција во Римската Империја, имала извесни привилегии во административниот и правниот систем. Тоа прилагодување што е дел од процесот на провинцијализација, се гледа најмногу од оној тип документи кои претставуваат законски одредби прилагодени за индигеното египетско население, или законски одредби за регулирање на односите меѓу римските граѓани и домицилното население, како и голем дел од царската легислатива упатена до провинциските намесници во Египет, преведена на грчки јазик. Целта на овој труд не е да се препознае кое право преовладува, односно кој правен систем се користел во овој период од римската историја во дадената провинција, но да се разбере правната култура на една заедница која содржи плурализам од правни системи, коешто е аплицирано на една конкретна тема: промовирање на семејни вредности. Но, кога станува збор за проучување на правото и правната култура, нужно е да се навлезе и во областа на правната херменевтика. Имено, како што вели Камбовски (2010, 353) „за правниот или друг текст можеме да сметаме дека сме го разбрале кога сме го разјасниле неговото значење, поаѓајќи од надворешниот, јазичен израз на мислата! Меѓутоа, разбирањето не запира тука, туку продолжува со истражување на согласноста на мислата, односно на мисловните претстави содржани во јазичниот израз, со практичниот, животниот контекст, кој се состои од реални факти и односи врз кои се создаваат мисловните претстави, потем преточени во јазични изрази!“ Имено, пишаниот извор *Законикот на „Посебната сметка“* се толкува во својот поширок историски, културен и идеен контекст. Правните норми кои се дадени во изворникот се применувале, така што

подвлекувале одредени правни последици. За среќа, можеме да видиме од праксата какви се последиците од пропишаните норми. Но, тие закони уште во антиката биле предмет на толкување во правната теорија која изобилува во периодот на создавање на последната верзија на *Законикот* и понатаму. Оваа практика, пак, толкување на законите и на правната теорија од антиката особено станува актуелно во средниот век кога се возобновува интересот за римското право. Во однос на *Законикот,* прашањето не поставува само за правните последиците на нормите, туку и за содржината на правните норми и нивното потекло.

Истражувањето во овој труд е поделено на пет дела. Во првиот дел: Поимот за брак и семејство во римското право се разгледува значењето и посебноста на римскиот поим *familia*, бидејќи неговото правилно сфаќање е предуслов да се разбере и она што е најавено како предмет на истражување во овој труд. Имено, синтагмата „семејни вредности“ стои во насловот на овој труд, така што е нужна обврска на истражувачот да даде најпрвин генерална експликација за оваа област од римското право. Вториот дел, Законикот на „Посебната сметка“, се однесува на истражување на службата наречена „Посебна сметка“, бидејќи е уникатна за Египет, но и самиот *Законик на „Посебната сметка“* и неговото создавање, за да се сфати зошто законите на Август за промовирање семејни вредности се земени како основа, иако тие никаде не се наведени експлицитно. Третиот дел е посветен на еден комбиниран закон од Августовото законодавство, *Lex Iulia et Papia Poppaea*, кој е во голема мера искористен за правилата во *Законикот*. Во тој контекст се посветува внимание и на другите закони на Август што се однесуваат на семејството, кои не се земени во *Законикот,* со цел да се добие комплетна слика за неговата програма, но и претстава за природата на самиот *Законик*. Натаму, во овој дел се разгледуваат казните и привилегиите во *Законот на Јулиј и Папиј Попај* и надвор од *Законикот*, односно најпрвин нивната интегрална форма, односно она што е зачувано во различни извори, а потоа содржината што е преземена во *Законикот*. Во четвртиот дел се анализираат и другите закони што се препознаени како дел од *Законикот*, а се однесуваат на промовирање семејни вредности. Едниот закон е дел од републиканското законодавство, а другиот е дел од Августовото. Петтиот дел се однесува на една тема, на која ѝ е посветено големо внимание во *Законикот*, а тоа е војникот, бракот на војникот и децата на војникот, бидејќи римското право покажува одредени специфичности во однос на регулирање на статусот на војниците и нивното семејство во овој период од римската историја. Тоа е очекувано за милитаристичка држава каква

што била Римската. На самиот крај во овој труд е даден додаток, во кој се наоѓа дел текстот на *Законскиот прирачник* што се однесува на најавената тема, во т.н. паралелен превод (од една страна е грчкиот, оригинален текст, а од друга страна е македонскиот превод) со нужните коментари. Ова дополнение е неопходно затоа што во главниот текст се реферира често на одредени правила во *Законикот*, кои не се секогаш цитирани.

Изворите и нивниот контекст

Основиот материјал што се истражува во овој труд се еден вид артефакти, затоа што станува збор за папируси; оттука е нужно да се даде објаснување за една посебна историска дисциплина што се занимава со нивното толкување, а имено папирологијата. Како што ја дефинира Багнал во уводот на својата книга (Bagnall 2011), папирологијата во поширока смисла е научна дисциплина, која се занимава со реконструкција и експлоатација на античките артефакти, на кои е запишан текст, но се занимава исто така и со текстуалниот материјал што е зачуван на таквите артефакти. Во построга смисла на зборот, овде ќе се занимаваме со вториот момент, а тоа е текстот на папирусот како сведоштво за одредена област од римската историја. Областа на која припаѓаат текстовите од овие папируси е правото, па затоа уште се нарекуваат правни папируси, како потесна одредница, со која се занимаваат правните папиролози и правните историчари пошироко.

Папирусите се откриени на голем број локалитети на Медитеранот, кои биле дел од римската држава, каде климата дозволила да останат неоштетени и по толку голем временски период. Сепак, најголем и најрепрезентативен дел има во Египет, кој и онака има долга историја под римска власт. Пронаоѓањето на папирусите во Египет започнува во XVIII век, и уште поинтензивно во XIX. Патиштата по кои стигнале папирусите до научните кругови се главно два: или се пронајдени од локалното население кое ги продавало на Европјаните, или се пронајдени при организирани археолошки раскопки. Како резултат на овие откритија, кон крајот на XIX век почнаа да се објавуваат првите расчитани папирусни збирки со различни содржини. Тогаш, научната јавност го препозна значењето на папирусите за реконструирање на правните институции и општо за реконструирање на историскиот контекст на Египет и на античкиот Рим. Во меѓувреме, од првите публикации до денес се пронајдени и расчитани уште многу текстови, а со усовршување на технологијата, расчитувањето и презервацијата на овие артефакти стана подобра. Дигитализацијата на папирусите, како и на нивните расчитувања, овозможи лесна достапност на материјалот за проучување. Во историските науки денес веќе не е тренд да се пронаоѓаат нови артефакти, туку повторно да се расчитуваат веќе пронајдените, кои стануваат достапни секому. Новите читања на старите текстови даваат поинаков поглед на целиот контекст.

Каталошките имиња на папирусите што се важни за ова истражување се дадени или според локалитетот или според институцијата каде што се чуваат. Најважните кратенки што се однесуваат на *Законикот на „Посебната сметка“* се *P.Oxy.* и *BGU*. Првата кратенка укажува на локалитетот Оксиринх, (Oxyrhynchus или Ὀξύρρυγχος), кој бил значаен град за време на римската империја, но како населба постои и во претходните периоди. Тоа е град во Среден Египет на растојание 160 км југо-југозападно од денешен Каиро. Од деветнаесеттиот век па наваму, локалитетот Оксиринх се ископува постојано, така што има голем број папируси кои датираат и од времето на Птолемаидите, а помал број и од времето на фараоните. Во римскиот период тој е главен град не номата Оксиринхит. Од пронајдените папируси, само една десетина се книжевни текстови, а остатокот припаѓа во категоријата документарни папируси и правни папируси. Во нив се опфатени јавни документи (царски едикти, законици, цензорски списоци, јавни набавки, лицитации, официјална кореспонденција итн.), како и приватни документи (барања, договори, записници од суд, завештанија, приватни писма и сл.).

Кратенката *BGU*, пак, не се однесува на некаков локалитет, туку на институцијата која ги чува овие папируси: Berliner griechische Urkunden (започнува во 1895); тоа е една програма, која сè уште трае, за објавување на документи, претежно папируси, напишани на грчки јазик од Berlin State Museums, првенствено составен од папирусната збирка на Египетскиот Музеј во Берлин. Поголем дел од документите со оваа каталошка одредница имаат потекло од Александрија, но се пронајдени на други локалитети, бидејќи биле дислоцирани уште во антиката; со тоа овие документи биле случајно спасени, затоа што голем дел од античка Александрија денес е под вода.

Законикот е текст што припаѓа од областа на јавното право, но во прилог ќе видиме некои папируси кои се дел од приватното право, а може да претставуваат приватни или јавни документи и покажуваат поинакви релации. Заедничко за сите папируси што се земени за истражување во овој труд е тоа што потекнуваат пред сè од периодот на принкипатот, кажано апроксимативно.

Претходни истражувања

Проучувањата на римското право во својот историски контекст е понова тенденција. Во 1967 година, кога излегува книгата на John Crook: *Law and Life of Rome*, Cornell University Press, почнува да се напушта оној начин на проучување на римското право кој потекнува од деветнаесеттиот век, но не веднаш. Децении по објавувањето на оваа книга, римското право продолжува да се проучува како апстрахиран феномен, а особено во земјите каде англискиот не е официјален јазик. Во следните децении, по книгата на Крук, се случува прекршување на границите меѓу различните научни дисциплини во однос на проучување на римското право, иако традиционалистите сè уште се чувствуваат непријатно да го гледаат римското право како дел од античката историја, наместо како посебна научна дисциплина. Изучувањето на римското право оттогаш станува дел од повеќе академски научни дисциплини, како класичната филологија, античката историја, патристичките студии, родовите студии, итн., кои се надополнуваат.

Во последните децении проучувањето на римското право надвор од правната теорија е сè поинтензивно и доведува до создавање на еден нов концепт за проучување на правото и на римската држава. Оваа појава Кимберли Чајковски (Czajkowski 2017, 17) во својот Увод кон толкување на правните документи од Набатеа (денешен Израел), т.н. Архивата на Бабата и Саломе Комаисе, ја нарекува правен плурализам, мулти-легализам, или конфликт на законот со областа на современите модерни правни системи, на социологијата, на антропологијата; тој смета дека сите научни дисциплини имаат придонеси за расветлување на оваа област од римската историја со изненадувачко одлични резултати. Тој начин на пристап е наречен „правна култура“ пристап, кој е во спротивставеност со пристапот „правен систем“.

Интердисциплинарноста е очекувана во првиот пристап на изучување, и тоа е всушност понудено во ова истражување, бидејќи целосното образование на авторот на овој труд е во областа на класичните студии, кои сами по себе се интердисциплинарни студии, со особен нагласок на старогрчкиот јазик и култура. Првите посериозни нововековни изучувања на римската историја и на римското право започнуваат со германскиот научник Теодор Момзен во XIX век, кој и самиот е класичен филолог, со потесна специјалност Римска историја и Римско право. Меѓутоа, неговиот пристап, а и

на оние по него, во поново време се нарекува ригорозен германски стил, односно стил кој го апстрахира римското право во некаква безвремена димензија и го прави тешко за проучување. Од класичните филолози кои се занимаваат со оваа интердисциплинарна област го издвојувам Bruce Frier кој со својата книга *Lanlord and Tenants in Imperial Rome* објавена во 1980 година, го става римскиот правник во конкретно време и место, а со книгата *The Rise of the Roman Jurists: Studies in Cicero's Pro Caecina* (1985) Фраер веќе ја подига свесноста за овој пристап, кој понатаму станува главен тек во светски рамки, но не и кај нас. Уште една негова книга вреди да спомне, која е дел од еден нов тек, а тоа е *A Casebook on Roman Family Law*, составена заедно со Thomas A.J. McGinn во 2004, која се обидува да го контекстуализира и актуелизира проучувањето на римското право за студентите. Имено, тие имаат можност да разгледуваат автентични текстови за одредени проблематики и правни институти и да ги решаваат случаите.

Во таков формат е и делото на Judith Evans Grubbs, уште еден класичен филолог, издадено нешто порано, во 2002 год.: *Women and the Law in the Roman Empire: A sourcebook on marriage, divorce and widowhood*. Таа се занимава со положбата на жената во еден конкретен временски период: римската империја од времето на Август: 31 г. пр. н.е. до крајот на Западната римска империја, 476 г. Материјалите кои ги вклучува во истражувањето на положбата на жената припаѓаат на правната теорија и таа главно ги разрешува дилемите околу дефинирање на правата на жените во царскиот период преку теориските дела. Во значителен дел како извори ги употребува и правните папируси, кои не се ограничени само на Египет, туку се работи за документи пронајдени во различни римски провинции. Од нејзиното истражување се исклучени *Новелите* на Теодосиј и *Новелите* на Јустинијан, бидејќи се однесуваат на период кој таа не го истражува. Се разбира, нејзиното истражување во таа насока е екстензивно. Вреди да се спомне и нејзиното дело *Law and Family in Late Antiquity: The Emperor Constantine's Legislation on Marriage* (1995), како и статии кои се однесуваат на бракот и пошироко на семејството во Рим за време на Империјата.

Во однос на папирусите, откако се објавени на почетокот на дваесеттиот век наваму, истражувањата, пред сè, се однесуваат на расчитување и преведување. Но, во поново време тие се дел од научните реконструкции. Една од специјализираните книги која се однесува само на правните папируси во Египет е *Law and legal practice in Egypt from Alexander to the Arab conquest* : *a selection of papyrological sources in translation*, with

introductions and commentary / [edited by] James G. Keenan, J. G. Manning, Uri Yiftach-Firanko. За разлика од претходните изданија, кои се со мешана содржина, оваа се однесува само на правните папируси, во однос на кои укажува на еволуцијата во временски рамки. Но, книгата се однесува на сите типови правни документи кои се класифицирани според содржината и според јазикот, а пред секоја содржина има уводен дел кој дава информации за типот на договорите и дава историја на папирусот и периодот.

Ова истражување е од помал формат и фокусирано, како што може да се заклучи од наведените извори – не се однесува на римското право во целост, туку на еден законик, преку кој се разгледуваат други закони донесени во периодот што претходи на *Законикот* кои се однесуваат на најавената тема, иако и самиот *Законикот* си има свој развој од два века и очигледно повеќе верзии. Фокусот е во мапирање на тие извори и утврдување на правната култура за една важна област од човековото живеење - семејството, во провинцијата Египет во нејзиниот ран период под римска власт.

1. ПОИМОТ ЗА СЕМЕЈСТВО И БРАК ВО РИМСКОТО ПРАВО

За да се разбере во целост содржината на *Законикот* која се однесува на промовирање на семејните вредности, нужно е најпрвин да се даде објаснување за тоа каква е содржината на поимите *семејство* и *брак* во римското право. Латинскиот збор *familia,* кој во повеќето јазици е преземен како таков, не може да се преведе со својата семантичка целост преку македонскиот збор *семејство*. Имено, содржината на поимот *familia* е значително поширока од содржината на поимот *семејство*, бидејќи поскоро се однесува на домаќинството во целост, односно ги опфаќа и лицата што се дел од семејството и стварите, како што информира правникот Улпијан (Just. *Dig*. 50.16.195.1-2):

> 1.[4] „Да видиме како се сфаќа називот „фамилија“[5]. Навистина, се сфаќа на различни начини; се однесува и на ствари и на личности. На ствари, на пример, се однесува во Законот на дванаесет таблици како што може да се види преку зборовите: „Нека му припадне „фамилијата“ [*т.е. имотот*] на најблискиот агнат.“ Означувањето „фамилија“ се однесува на личности кога законот зборува за односот меѓу патронот и ослободеникот: „од таа фамилија“ или „во таа фамилија“; овде е сигурно дека законот зборува за поединечни личности. 2. Називот „фамилија“ се однесува и за означување на која било група од индивидуи (corpus), коишто се поврзани според нивното право како индивидуи или според заедничката врска што произлегува од роднинството. Го додаваме називот „фамилија“ [за означување] на повеќе лица според лично право, кои се потчинети на власта на едно лице или природно или според законот, како на пример, таткото на семејството (pater familias), мајката на семејството (mater familias), синот на

[4] Сите преводи од латински или старогрчки во овој труд му припаѓаат на авторот на трудот, освен ако не е наведено поинаку.
[5] Во извадокот е оставен автентичниот назив *фамилија* за да се сфати смислата.

семејството (filius familias), ќерката на семејството (filia familias), а потоа и оние што потекнуваат од нив, како на пример, внуци, внуки и така натаму.[6]

Од извадокот е јасно дека во римската *фамилија* влегуваат сите лица кои се под власт на таткото на семејство (pater familias), кои исто така се дефинирани како членови на неговото домаќинство преку терминот *familias*. Во поширока смисла и сите крвни роднини или роднини по тезбина влегуваат во *фамилија*. Во уште поширока смисла римското семејство го опфаќа сиот личен имот што се состои од физички предмети и од робови. Самиот начин на структурирање на семејната динамика и хиерархија укажува на тоа дека семејството се сметало за градежен блок на римското општество и метафорично се сфаќало како микроструктура на државата. Оттука било многу важно да се уредат односите во рамките семејството со поставување на стабилна хиерархија и со донесување на закони кои ќе ја подржуваат.

Припадноста на некое лице во одредено семејство (familia) играла голема улога во римскиот општествен и правен живот. Од големо значење за одредување на правата на некое лице е неговиот статус во рамките семејството, односно дали е независно (sui iuris) или е под власт на друго лице (alieni iuris). Лицата со статус alieni iuris биле под власт на таткото на семејството (pater familias), кој не мора да биде биолошки татко, туку едноставно е најстариот член на семејството, кој има статус sui iuris и ги ужива сите права што му се дадени како римски граѓанин (civis optimo iure). Таткото на семејството е столбот во римскиот семеен систем, бидејќи неговата власт над останатите членови во семејството претставувала врска што ги поврзува тие членови во заедница. Вообичаено, таткото на семејството има власт над (1) својата сопруга (uxor = законска жена), доколку таа влегла во брак наречен cum manu (под рака т.е. под власт на мажот); (2) своите деца; (3) своите внуци, т.е. потомци на синовите што под негова власт (potestas); (4) неговите позаконети и посвоени деца; (5) робовите и други индивидуи зависни од него на сличен начин. Терминот *agnatio* ја означува таа врска што се создава меѓу членовите на семејството, која не мора да биде крвна. Крвната роднинска врска (cognatio) нема

[6] 'Familiae' appellatio qualiter accipiatur, uideamus. et quidem uarie accepta est: nam et in res et in personas d<e>ducitur. in res, ut puta in lege duodecim tabularum his uerbis 'adgnatus proximus familiam habeto'. ad personas autem refertur familiae significatio ita, cum de patrono et liberto loquitur lex: 'ex ea familia', inquit, 'in eam familiam': et hic de singularibus personis legem loqui constat. Familiae appellatio refertur et ad corporis cuiusdam significationem, quod aut iure proprio ipsorum aut communi uniuersae cognationis continetur. iure proprio familiam dicimus plures personas, quae sunt sub unius potestate aut natura aut iure subiectae, ut puta patrem familias, matrem familias, filium familias, filiam familias quique deinceps uicem eorum sequuntur, ut puta nepotes et neptes et deinceps.

толкаво правно значење во пораниот период од Римската држава, но постепено станува значаен фактор (процес што е започнува кон крајот на Републиката и може да се насети и во *Законикот*), што е од особена важност за интестатското наследување. Во доцната Римска империја, агнатското сродство нема никакво значење.

Услов за создавање римско семејство-familia е склучување брак, во кој ќе се создадат деца по природен пат и/или со посвојување. Бракот во латинскиот јазик има три назива со различна етимологија, кои се употребуваат подеднакво и укажуваат на различните функции и задачи што произлегуваат од оваа заедница: coniugium[7]; nuptia[8]; matrimonium.[9] Овие називи се однесуваат на врската која се создава меѓу мажот и жената, која според законот треба да биде моногамна (никој не смее да има повеќе од една жена) и егзогамна (идните младенци треба да се бараат надвор од родовската заедница):

> „Општо е познато дека никој, кој е под римско правосудство, не може да има две жени [истовремено], а и според едиктот на Преторот ваквите мажи се обележани со губење граѓанската почест (infamia). Соодветниот судија, пак, нема да допушти ваквата работа да биде неказнета.“[10]

Сепак, законите, но и називите што се наведени за бракот погоре, се однесуваат на бракот кој е заснован на ius civile = правото кое го уживаат само римските граѓани (cives Romani), кои имаат ius connubium (право на законски брак, iustum matrimonium) и само таков брак може да создаде *familia*. Во таков брак се заштитени правата на обата сопружника во однос на нивниот имот и наследување, но и доколку дојде до развод на бракот. Но, ако се работи за брак кој произлегува од обичаите на другите народи (ex iure gentium) или воопшто, за заедница меѓу маж и жена кои немаат ius connubium, тогаш станува збор за нелегитимен брак matrimonium iniustum или non legitimum, кој не конституира *familia*. Во незаконските бракови не се заштитени правата ниту на сопружниците, а ниту на децата, бидејќи децата родени во таков брак и самите се сметаат за незаконски и го добиваат називот naturales (природни, родени), наместо legitimi

[7] Заемна врска (quasi commune iugum), што укажува на сврзувањето.
[8] Nuptia се поврзува со глаголот nubere што претставува церемонија во која невестата го трга велот, зашто *nubo* има и транзитивно значење: *покривам со вел* и има иста етимологија со *nubes* (*облак*) (*Oxford Latin Dictionary s.v.* nubo).
[9] Matrimonium е термин кој укажува на должностите на мајката во заедницата (matris (mater = мајка) munus (moenus = должност, обврска)).
[10] "Neminem qui sub dictione sit Romani nominis, binas uxores habere posse vulgo patet, cum et in edicto praetoris huiusmodi viri infamia notati sint. Quam rem competens iudex, inultam esse non patetur." (*Cod.Iust.* 5.5.2. De incestis et inutilibus nuptiis)

(законски). Нивната мајка, пак, никогаш нема да стане uxor (законска сопруга), туку го носи општиот назив mulier (жена). Незаконските бракови исто така имаат посебни називи:

(1) concubinatus, овој вид заедница е авторизирана со законот на Август и Папиј и се однесува на лица кои имаат нееднаков статус, доколку мажот не е веќе во законска брачна заедница. Жената во оваа заедница се нарекува конкубина (concubina = соложница, со која мажот го дели креветот), таа не е ниту pellex = љубовница, ниту uxor = законска жена, туку uxoris loco = наместо сопруга. Децата од оваа заедница не се законски (legitimi), но ниту се вонбрачни (spurii), туку родени деца (naturales).

(2) contubernium[11] е заедница меѓу слободен човек и робинка или меѓу робови. Contubernium станува iustum matrimonium кога робовите ќе станат слободни.

Законскиот брак, од друга страна, со право може да се нарече процес, бидејќи се одвива во неколку фази. Прва фаза е свршувачката (sponsalia), потоа е ветувањето мираз (dotem promittere, dotis promissio/dictio), брачната церемонија (nuptia), и раскин на бракот (dissolutio matrimonii), кој најчесто е резултат на смрт на еден од сопружниците, или на развод (divortium); како и да е, раскинот вообичаено е проследен со враќање на миразот (dotem remittere)[12] со што завршуваат обврските меѓу сопружниците.

1. Свршувачката е дел од процесот брак (nuptia) и претставува формално ветување; оттука и називот sponsalia (spondeo = *свечено* ветувам). Многу често свршувачките ги договарале со стипулација[13], еден вид вербален договор, во кој таткото на идниот младоженец е stipulator, оној што прашува, а таткото на идната невеста е promissor, оној што ветува. Вообичаено на овој чин се случува и ветувањето за мираз (promissio dotis), но и спогодбите (pacta) доколку има отстапување од законските одредби за миразот. Татковците го договараат идниот брак само доколку идните младенци во рамките на семејството имаат статус alieni iuris. Тоа значи дека тие се под татковска власт (patria potestas). Дури и да се под татковска власт, тие може да не се согласат, да не дадат consensus, што е еден од условите за договарање свршувачка и

[11] Буквално значи заеднички шатор, односно заедничко живеалиште на робовите кои се оженети, па оттука доаѓа и изведеното значење на заедница, се разбора која е надвор од законските прописи.
[12] Миразот се враќа и во случај на смрт на жената.
[13] Стипулацијата (stipulatio) е вербален облигационен договор во кој доверителт (stipulator) бара усно ветување од ветувачот/должникот (promissor). Таа постапка се случува по строго пропишан начин:
Доверителот: Ветуваш ли дека ќе ми дадеш сто? (Spondesne mihi centum dare?)
Ветувачот: Ветувам дека ќе ти дадам сто. (Spondeo tibi centum dare.)
Бидејќи стипулацијата не била ограничена за одреден вид трансакции, туку можела да се употребува за какви било законски обврзувања, таа е општ договор.

склучување брак. Но тоа право е ограничено за девојката, бидејќи таа може да не се согласи со изборот на таткото само ако тој одбрал расипник или бесрамник (*Dig.* 23. 1.12).

Иако во најстариот период свршувачката била неформален чин без специфични правни последници, сепак честопати следувал формален договор и ветувања кои носеле извесни последици. Постепено sponsalia станала легализиран дел од процесот nuptia. Во класичното право било невозможно едната страна да ја тужи другата за оштета поради прекршено ветување, поради правилото дека бракот треба да биде слободен (Libera matrimonia esse antiquitus placuit; *Cod.Iust.* 8.38.2).

За разлика од бракот, за свршувачката не е потребен пишан документ, а ниту сведоци. Она што е често користено се посредниците, т.н. стројници. Најчесто стројник е pater familias, но во *Cod.Iust.* 5.1.6. се изнесува дека стројникот може да биде и надворешно лице (extraneus), кое може да заработи 5% од износот на миразот. Ова е всушност царски рескрипт со кој се ограничува сумата што може да ја земе посредникот.

Во врска со возраста, не важат истите рестрикции како за склучување брак, бидејќи идните младоженци може да бидат и малолетни, но на онаа возраст на која разбираат што се случува со нив, а тоа е седум години. На друго место, пак, стои дека девојчињата може да бидат свршени уште кога ќе се родат.

Под насловот *De ritu nuptiarum* (*За обичајот на бракот*) во книга 23 во *Дигести* веднаш е дадена дефиниција за бракот според правникот Модестин:

> „Бракот е соединување на мажот и жената, заедница за цел живот, споделување според божественото и човековото право.“[14]

Натаму следуваат правилата кои се однесуваат на склучување брак, од кои најважни се условите кои треба да се исполнат за да се создаде законски брак и пречките кои оневозможуваат законски брак. Услов за да се склучи законски брак е сопружниците да имаат ius connubii, пред сè. Тоа значи да бидат римски граѓани, или Латини, и да немаат забрана за склучување брак. Освен тоа, услов е возраста, тие не треба да бидат малолетни. Годишната граница за девојчињата е дванаесет години, а за машките четиринаесет (*Inst. Iust.* 1.10; *Cod.Iust.* 5.4.24). Ако се помали од пропишаната возраст,

[14] Nuptiae sunt coniunctio maris et feminae et consortium omnis vitae, divini et humani iuris communicatio. (*Dig.* 23.2.1)

бракот се смета за неважечки, и покрај тоа што жената е донесена во домот на мажот. Последните два услова за склучување брак се: да има брачната наклонест (affectio maritalis) и бракот да биде склучен во облик пропишан со правото.

Очигледно е дека браковите дури и во времето на Јустинијан, не биле регистрирани од страна на државен службеник, или друго официјално лице. Оттука, властите не можеле секогаш да имаат увид во тоа кој со кого стапува во брак, особено во провинциите, меѓу локалното население. Но, со реформите на Диоклецијан, кои се однесуваат на данокот во селските области се добива поголем увид во пописот на селското население и се воспоставила малку поголема контрола над тоа кој со кого стапува во брак. Ако бракот не го сочинува регистрација од официјален застапник, тогаш што е тоа што го држи бракот? Според Улпијан (*Dig.* 24.1.32.13) тоа е брачната наклонетост (affectio maritalis)[15] и тоа е чинот на водење на жената (uxorem ducere, deductio in domum) во домот на мажот, кој е место за живеење на брачниот пар. Самиот факт дека таа живее во неговиот дом и сака да живее во неговиот дом, е основа за прогласување брак и тоа е наједноставниот начин на склучување брак, наречен (1) usus (користење, ползување). Има уште две форми на склучување законски брак, кои подразбираат извесни церемонии: (2) coemptio (привидно купување); (3) confarreatio (конфареација е најстар и најугледен начин на религиозно римско венчавање во присуство на pontifex maximus при кое младоженците јаделе парче од колачот farreus panis).

Во рамките на бракот, склучен на еден од трите наведени начини, жената може да биде еманципирана (sui iuris), доколку претходно била еманципирана од својот татко. Во тој случај бракот се нарекува matrimonium sine manu (букв. *без рака,* т.е. *моќ, власт*), или брак во кој жената не е под власт на мажот, а ниту под власта на неговиот татко, ако мажот не е еманципиран. Но, за да ја одржи таа состојба, нужно е да го искористи правилото usurpatio/absentia trinoctium, според кое таа е должна да биде отсутна од својот дом три ноќи по ред секоја година (*XII Tab.* VI, 4[16]). Доколку жената пред бракот била alieni iuris, т.е. била под татковска власт (patria potestas), таа нужно влегува во

[15] non enim coitus matrimonium facit, sed maritalis affectio.
„Бракот не го прави сексуалното општење, но брачната наклонетост."
[16] Lege XII tab. cautum est, ut si qua nollet eo modo (usu) in manum mariti convenire, ea quotannis trinocito abesset atque eo modo (usum) cuiusque anni interrumperet. („Од Законот на дванаесет таблици е предвидено дека жената, која не сака да биде под власт на мажот, треба секоја година да отсуствува три ноќи и на тој начин таа година се прекинува [власта]")

matrimonium cum manu – брак во кој жената е под власт на својот сопруг, доколку тој е еманципиран, или е под власт на неговиот татко, или друг агнат[17] кој е pater familias во тоа агнатско семејство.[18] Овие работи се навистина важни за имотно-правните односи меѓу мажот и жената во текот на бракот, но и по разведување на бракот.

Пречките за склучување брак се бројни. Прво, ако не се исполнети условите за брак кои се наведени, тогаш има пречка за склучување брак. Понатаму, може да се издвојат оние што се пропишани со законот: постоење на друг брак, како што беше наведено погоре; душевна болест на еден од сопружниците (ако е стекната во текот на бракот, тогаш не е причина за развод на бракот)[19]; крвно сродство.

Според правникот Гај (Gai. *Inst.* 1.59) бракот меѓу родител и дете, дедо и внука, баба и внук, т.е. меѓу сите што се во роднинска врска во права линија, се смета за безбожен и инцестуозен (nefarias et incestas nuptias). Во странична линија роднините не смееле да стапуваат во брак во најстаро време до шести степен, а во класичното право до четврти степен. Истото се однесува и на сродството по посвојување. Имено Гај потврдува и понатаму (Gai. *Inst.*s 1.61; *Dig*. 23.2.17.) дека инцестуозен се смета и бракот меѓу брат и сестра без разлика дали се вистински, полу или посвоени. За бракот меѓу легитимно и посвоено дете вели дека може да се реализира само доколку едното од нив се еманципира. Тогаш веќе нема правна пречка за брак (nihil impedimento erit nuptiis). Но бракот меѓу посвоено дете (десцедент) и родител посвоител (асцедент), или со брат/сестра на асцедентот се смета за инцестуозен, а со тоа и забранет, дури и по еманципација на посвоеното дете (*Dig.* 23.2.17.2.). Доколку ваков брак сепак се склучи, тој се сметал за неважечки, а децата родени од овој брак се сметаат дека немаат татко (sine patre). Тоа кажува дека децата се лишуваат од правото да бидат наследници и тоа е казната.

Но, покрај овие пречки од старото право, во подоцнежното право како пречка се смета и брак меѓу тутор и штитеничка, што претставува злоупотреба на позиција, а со

[17] Агнати се роднини од таткова страна, оние кои припаѓаат во семејството на таткото кој има татковска власт. Тие не се нужно крвни роднини, бидејќи овде спаѓаат и посвоените деца и жените кои се се омажиле за синовите или внуците на таткото на семејството. Од друга страна, когнати се роднини по крвно сродство, но кои не припаѓаат на истото агнатско семејство, како на пример омажената ќерка со нејзиното нуклеарно семејство.

[18] Идните сопружници, или нивните застапници прават договор наречен conventio in manum, според кој жената влегува во семејството на нејзиниот маж и стекнува правна положба на ќерка (filiae familias loco), што значи дека е зависна од неговата моќ (manus).

[19] Лудилото претставува пречка да се склучи брак, бидејќи е потребна согласност; но штом ќе се склучи [бракот] правилно, [лудилото] не претставува пречка. (*Dig*. 23.2.16)

законите на Август (*Lex Iulia de maritandis ordinibus* и *Lex Papia Poppaea*), се забранува сенаторскиот сталеж да стапува во брак со ослободеници или со лица кои се занимаваат со недостојни професии и на ова е посветено достојно внимание во *Dig.* 23.2.

3. Прекин на брачната заедница според Паул настанува поради развод, смрт, заробеништво или друг вид ропство на еден од сопружниците[20].

Во денешни услови, се разбира, бракот се прекинува или поради смрт на еден од сопружниците, или поради развод. Но кај Римјаните ропството исто така било причина за разрешување на брачната заедница, бидејќи со тоа се губел *status libertatis* на еден од сопружниците, а тоа автоматски значи губење и на *ius connubii* што претставувало правна пречка за продолжување на бракот. Но, ако мажот, или жената, се врати од заробеништо и го врати поранешниот статус на граѓанство (status civitatis), тогаш зависело од нивната волја дали бракот ќе продолжи. Како и да е, без разлика дали има можности за враќање на заробеникот, или не, правниците (*Dig.* 24.2) им препорачуваат на сопругите на заробените мажи да не избрзуваат со стапување во друг брак, за да не ги сносат последиците од разведувањето, кои главно се однесуваат на нивниот имот.

Разводот, ако се читаат теоретските дела од областа на правото, се чини дека биле многу честа причина за прекин на бракот. Државата, како што не го регистрирала склучувањето на бракот, исто така не го регистрирала ни разведувањето на бракот. Оттука сведоштва за практиката на разведување има само преку пронајдените папируси со документи за развод на брак, или цензорските списоци, кои главно потекнуваат од Египет или од Блискиот Исток, од кои не може да се изведе правило што се однесува на целата Империја. Според правниците, за да биде валиден разводот, нужно било мажот и жената да имаат сведоци дека бракот е разрешен. За разведување на бракот се употребуваат два термина, кои понекогаш имаат исто значење: divortium и repudium. За разликата меѓу divortium и repudium говорат и класичните правници, кои исто така не се едногласни за нивната дистинкција. Според Модестин (*Dig.* 50.16.101.1.1):

> „се вели дека ’развод’ (divortium) настанува меѓу сопруг и сопруга, а известување за ’напуштање’ (repudium) се чини дека се праќа за свршувачка.“[21]

[20] Dirimitur matrimonium divortio, morte, captivitate vel alia contingente servitute utrius eorum. (*Dig*. 24.2.1.)
[21] 'Diuortium' inter uirum et uxorem fieri dicitur, 'repudium' uero sponsae remitti uidetur.

Правникот Паул (*Dig.*50.16.191), пак, ја дава следнава дистинкција:

> „Меѓу ’развод’ (divortium) и ’напуштање’ (repudium) ова е разликата: ’напуштање’ може да се направи на бракот што ќе се склучи, додека за свршувачката не може да се каже дека се разведува, бидејќи зборот ’развод’ доаѓа оттаму што одат на различни страни оние кои се разделуваат.“[22]

Денес главно се прифаќа дека 'divortium' се однесува на двострана одлука да се разведе бракот, за која не се потребни правни причини (iusta causa), додека *repudium,* кој како термин е карактеристичен и за свршувачката, значи едностранa одлука да се раскине бракот, па оттука може да се преведе со *напуштање*, иако понекогаш има значење на *набркување*. Едниот брачен партнер одлучува да ја напушти заедницата, без разлика кој од нив го напушта заедничкиот дом. „Терминот *repudium* [...] се преведува со изразот *едностран развод*.[23] Како *adulterium* така и *repudium* е кованка: re+ pudet+ium (*Oxford Latin Dictionary*). Префиксот *re-* има значење на *движење наназад* или *обратно, повлекување, одвојување, дејство што се повторува.* Глаголот *pudeo* има значење *се срамам* или *правам некој да се срами.* Од овој глагол е изведена и именката (nom. agentis) *pudor, -oris*[24] = *срам*, *срамота*, но исто така и *скромност*, *чувство на чест*, зашто тој што се срами, тој е скромен. Овие два значенски збора се поврзани во именката *repudium* за да означат *одбивање на срамот.* Такво значење добива и глаголот *repudio*: *одбивам, не прифаќам, отфрлам, испадувам, избркувам* (*uxorem*), *го отфрлам срамот од себе*. Всушност *repudium*, чин што можел да го стори само мажот во времето на Републиката, се поврзува со отфрлање на срамот, кој има своја основа во сексуалната комуникација.[25]“ (Тошева 2019)

[22] Inter 'diuortium' et 'repudium' hoc interest, quod repudiari etiam futurum matrimonium potest, non recte autem sponsa diuortisse dicitur, quod diuortium ex eo dictum est, quod in diuersas partes eunt qui discedunt.
[23] Во *Законот на дванаесет таблички* (IV.3) се спомнува едностран развод, т.е. брқање на жената од домот на мажот: Illam [...] suas res sibi habere iussit, ex XII Tabulis, claves ademit exegit. („И заповеда да си ги земе своите работи, според законот на дванаесет таблици, ѝ ги зеде клучевите и ја избрка.“)
[24] Именката има ист корен со глаголот pudeo, 2 = се срамам, правам некој да се срами.
[25] За тоа зборува и еуфемистичкиот назив на половите органи, кои, кај Грците и Римјаните, се наречени *срамни органи* (*pudenda, τὰ αἰδοῖα*).

2. ЗАКОНИКОТ НА „ПОСЕБНАТА СМЕТКА“

Законикот на „Посебната сметка“ или *Гномонот на идиологот* е зачуван денес на два папирусни свитока со каталошки имиња: *BGU* 5.1210 и *P.Oxy.* 42.3014[26]. Иако *Законикот* е дел од римската правна и административна историја, многу малку внимание му е посветено во историските науки[27]. Неговото значење е препознаено подоцна, така што денес може со сигурност да се каже дека *Законикот* претставувал значаен судски документ и административен прирачник (γνώμων) составен за магистратите во службата наречена „Посебната сметка“ (ἴδιος λόγος). Оваа посебна сметка е воведена во птолемајскиот период, за време на владеењето на Филометор (180-164 / 163-145 г. пр. н. е.), а престанала да функционира за време на владеењето на Септимиј Север (193-211 г. н. е.). Како и да е, има разлика меѓу птолемајската служба „Посебна сметка“ и онаа со истото име во римскиот период.

Оваа служба е забележана за првпат во папирусите од средината на вториот век пр. н. е. Сворни (Swarney 1970, 35-36), врз основа на анализата на четири папируси (*BGU* 992; *P. Haun.* 11; *P. Amh*. 31; *BGU* 1772) во кои се спомнува оваа служба, разликува три фази во развојот на „Посебната сметка“: првата фаза е кога се одвојува од кралската ризница, т.н. басиликон (βασιλικόν), за да се регистрираат одредени плаќања кои пред 162 г. пр. н. е. се регистрирале во басиликонот; втората фаза ја нарекува транзициона, но речиси истовремена со првата, кога „Посебната сметка“ е востановена во Александрија како служба и кога бил назначен службеник за управување со оваа служба, наречен „оној [што управува] со посебната сметка“ (ὁ πρὸς τῷ ἰδίῳ λόγῳ), кој вобичаено се транскрибира во останатите јазици како *идиолог*; третата фаза е кога „Посебната сметка“ станува посебен оддел на птолемајската финансиска администрација. Во надлежност на оваа служба се наоѓал имотот кој бил конфискуван од поданиците, за чиешто продавање потоа била одговорна исто така оваа служба. Зошто излегла потреба од создавање на посебна сметка (буквалното значење на ἴδιος λόγος) и зошто парите од продажбата на конфискуваниот имот или имотот кој бил дефиниран како „имот без сопственик“ (ἀδέσποτα[28]), не одел во кралската ризница, туку во посебен оддел, не е

[26] *BGU* 5.1210 е зачуван подобро од *P.Oxy.* 42.3014, но во основа се работи за истиот текст.
[27] Неодамна Ана Долганов го истражуваше темелно Прирачникот на посебната сметка, осврнувајќи внимание на датирањето во две статии: Dolganov 2020[1] and Dolganov 2020[2].
[28] *ἀδέσποτα* буквално значи „земја без господар – *δεσπότης*", што е слично со римскиот правен термин *res nullius*.

сосем јасно и не може да се заклучи само врз основа на папирусите кои ја регистрираат оваа појава. Сворни (Swarney 1970) понатаму ја истражува оваа служба детално и во римскиот период, прво за време на Јулиевците-Клавдиевците, а потоа и за време на Флавиевците. Имено, папирусите од овој период, кои ја спомнуваат службата, покажуваат дека „Посебната сметка“ не само што била задолжена за собирање данок од имот што е конфискуван од идиологот, како и за продавање на тој имот, но таа служба имала и судски компетенции и функција на инспекторска служба. Всушност одделот на „Посебната сметка“ бил задолжен и за конфискување и за судење на случаи поврзани со конфискување имот и други посложени работи. Бидејќи таа служба се усложнила, произлегла потреба да се направи прирачник во периодот кога Египет бил анектиран од Римската држава; во тој прирачник ќе се расчисти кои се ингеренциите и компетенциите на службата. Нормално, овој прирачник е составен за време на Август и се темели на Августовото законодавство. Најважната разлика меѓу птолемајската служба „Посебна сметка“ и онаа во римскиот период е следнава: Посебната сметка во римскиот период не е веќе посебна сметка, туку само Оддел со повеќе компетенции од претходно. Службата „Посебна сметка“ имала административна, судска и извршна власт, но средствата од конфискуваниот имот оделе во царската ризница, наречена *fiscus*[29], а не во државната ризница, наречена *aerarium*.[30] Всушност тоа е во согласност со статусот на оваа провинција, која била царска; сенатските провинции, од друга страна, го полнеле аерариј от.

Оваа верзија на *Законикот, BGU* 5.1210, е составена во вториот век н.е., пред *Constitutio Antoniniana* (212 г.), а по владеењето на Хадријан; оттука приложени се различни правила за различни категории жители во римската провинција Египет. Статусот на личноста според римскиот правен систем е определен во однос на сите права што ги поседува, како и во однос на правните и деловните способности (капацитети) на физичкото лице (субјект). Најважните фактори што влијаат на статусот на личноста биле: (а) дали е роден како слободен или роб; (б) дали има римско граѓанство или не; (в) каква е неговата позиција/положба во семејството. Сите тие работи се засегнати во *Законикот*, со тоа што има малку поинаква категоризација, од онаа што ја претставуваат

[29] Латинскиот термин *fiscus,* но транскрибиран на грчки *φίσκος,* се употребува за да се означи царската ризница во *Прирачникот*, која ковала златни и сребрени пари, а старата благајна – аерариј, со која располагал сенатот, ковала бакарни пари.

[30] “The imperial *patrimonium* gained the alternative name of "the fiscus" (treasury), and fiscus began to supplant *aerarium* as the term used in both official and private writings to denote the central financial and fiscal institution of the Roman state.” (Rathbone 1993, 100)

правниците во правната теорија. Во римската правна теорија сите кои немаат римско граѓанство (*status civitatis*), а имаат право на слобода (*status libertatis*), носат заеднички назив перегрини, т.е. странци. Посебна категорија се т.н. Латини, кои во однос на перегрините имаат повеќе права, но се ограничени во областа на јавното право, а некои од нив и во правото на склучување граѓански брак. Но, мора да се нагласи дека ниту оние што имале римско граѓанство не ги уживале сите права кои се наведени како содржина на римското граѓанство, имено многу малку граѓани биле со целосно право (cives optimo iure), а од таа категорија се изземаат жените. Во *Законикот*, пак, се препознаваат три категории граѓани: Ῥωμαῖοι (римски граѓани), ἀστοί (граѓани-асти, т.е. хеленизирано население што живее во главните градови на номите, наречени метрополи), Αἰγύπτιοι (Египќани, населението што живее надвор од метрополите).[31] Редослед на набројување ги покажува нивните права, со тоа што Римјаните се привилегираната класа, а нешто помалку права имаат астите.

Законикот опфаќа 119 правила што се однесуваат на различни правни прашања, како: статусот на населението, еманципација, мешани бракови, наследство, погребување, египетски свештеници и храмови. Не се дадени правила за продавање и купување на конфискувана земја, бидејќи тоа е работа на управување, а не е судска работа. За современиот читател овој прирачник претставува многу нејасни и нецелосни правила, но тоа треба да се очекува, бидејќи *Законикот* е составен како епитом на Августовото законодавство, како што е наведено и во преамбулата:

> „[*Преамбула*] Од листата на законски правила, кои божествениот Август ги достави до Управата за посебни прашања [*идиологот*], со додатоци кои се направени или од императорот или од сенатот, или, со текот на времето, од епарсите или од идиолозите, ти подготвив кратка содржина на главите за јавна

[31] Една цензорска изјава од 48 г. н. е. (*P.Oxy*. II.255) на 65 годишната жена Термутарион, покажува малку поинаква категоризација: μηδένα ἕτερον οἰκεῖν παρ’ ἐμοὶ μήτε ἐπίξενον μήτε Ἀλεξανδρέα μήδ’ ἀπελεύθερον μήτε Ῥωμανὸν μηδὲ Αἰγύπτιον ἔξω τῶν προγεγραμμένων. („Никој друг не живее кај мене, ниту странец, ниту Александриец, ниту ослободеник, ниту Римјанин, ниту Египќанин освен претходно попишаните.“) Тоа со латинската терминологија се peregrini, Alexandrini, libertini, Romani, Aegyptii. Либертините, т.е. ослободениците, во *Законикот* не се посебна граѓанска категорија, бидејќи тие го наследуваат сталежот на своите поранешни господари. Жителите на Александрија, пак, имале посебен третман уште од почетокот на римската власт, во однос на данокот. Подоцна, тие се изедначуваат со останатите категории жители на метрополите, сите наречени граѓани (ἀστοί).

употреба, за да се потсетуваш со овој скратен облик на изложување и лесно да ги совладаш работите.“

Истражувањето на политиката за промоција на брак и создавање потомство ќе започне со претставување на одредени статути (leges) кои се основа за правилата во *Законикот.* Повеќето од законите потекнуваат од Августовото законодавство, но има еден закон и од периодот на Републиката. Како и да е, речиси сите закони што се употребени во *Законикот* имаат слична санкција: целосна или делумна конфискација на имотот на граѓанинот. Всушност тоа е нивната заедничка црта што ги обединува во еден прирачник, а не фактот што голем дел од нив се однесуваат на промовирање на семејните вредности. Откако ќе бидат мапирани законите во *Законикот*, ќе биде разгледано нивното прилагодување и спрема оние што не се римски граѓани.

3. *ЗАКОНОТ НА ЈУЛИЈ И ПАПИЈ-ПОПАЈ* И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА НА АВГУСТ

Ова поглавје е краток опис на добро познатиот закон издаден во времето на Август, кој е опишан во различни текстови во антиката, но исто така, голем обем литература е напишана и во нововековието. Улогата на Август во римската историја е многу значајна, затоа што тој го симболизира крајот на еден период полн со граѓански војни и немири во Италија, а со неговото владеење започнува еден поинаков период, означен со синтагмата *pax Romana* (римски мир). Кога Октавијан стекнал контрола над Римската држава во 31 г. пр. н.е., римскиот свет сè уште се наоѓал во состојба на немири. Главните барања биле да се врати стабилноста, која можела да се постигне со соодветен систем на државно уредување. Но, целата администрација на државата била толку тесно сврзана со републиканскиот устав, што станало речиси невозможно да се постигне политичка стабилност без да се зачуваат републиканските традиции. Врз основа на оваа реална проценка на ситуацијата, Октавијан Август, преку серија од вонредни манипулации, востановува уредување кое вештачки ги задржува републиканските институции, но всушност создава нова монархиска моќ и нов систем на владеење со провинциите. Ова уредување, познато како принкипат, овозможило за период од речиси 200 години мирен развој на римската држава и цивилизација.

Исто како што ги задржал републиканските институции, така и во областа на приватното право Август се залага за враќање на старите вредности, кои поаѓаат од она што е нуклеус на општеството, а имено семејството: familia Romana. Во „Делата на Божествениот Август“ самиот вели: „Многу обичаи на предците што веќе во наше време паѓаа во заборав, благодарение на новите закони што ги донесов, беа возобновени; а, за многу работи, лично им дадов примери на следните поколенија, достојни за подражавање.“ (Tab. II, 8, прев. С. Пановски 2007) Концептот familia Romana во времето на Август е поинаков од архајскиот период, зашто пред сè власта на таткото на семејството - patria potestas, е многу помала, а жените од друга страна, кои заедно со децата се категорија римски граѓани со ограничени права, добиваат значително повеќе права. Патријархалното семејство на агнатите (familia agnatorum) губи сила уште во последните децении на Републиката, за сметка на когнатското семејство (familia cognatorum), но и во времето на Август сè уште не се расчистени границите. Со своето

законодавство тој отвора пат за промените што следуваат, иако се повикува на старите вредности.

За Октавијан Август е пишувана обемна литература уште во антиката. Светониј во своето дело *Дванаесетте римски цареви*, му ја посветува втората книга, која зафаќа значаен дел од приватниот и јавниот, т.е. политичкиот живот на Август. Тоа подразбира дека се изнесени и многу закони што ги донел Август за време на своето владеење (34): „Изменил многу закони, а донел и некои нови, како законите за растрошност, прељуба, за чедност, за поткуп, како и законот за стапување во брак на луѓе од различни сталежи.“ Светониј (33) уште еднаш ја потврдува страста на Август за делење правда не само теоретски, создавајќи закони, туку и практично: „Самиот Август редовно делел правда, понекогаш до стемнување; ако бил со слабо здравје, лежел во носилка поставена наместо судиски стол, а понекогаш сето тоа го правел во својот дом.“ Во „Делата на Божествениот Август“ (Tab. I. 8) самиот кажува за легитимитетот на неговата функција надзорник на законите: „Сенатот и римскиот народ се сложија дека треба да бидам назначен за надзорник на законите и обичаите без колега и со најшироки овластувања, го одбив секое овластување спротивно на обичаите на предците. Кога Сенатот посака тие работи да ги спроведувам, ги извршив во согласност со трибунските овластувања, а за тие овластувања, од Сенатот пет пати побарав и прифатив колега.“ (прев. С. Пановски 2007) Строгите закони што ги вовел Август, а кои се однесуваат на високите редови од римското општество, не наидувале секогаш на безрезервно прифаќање, како што пренесува и Тит Ливиј (I. praef. 9): nec vitia nostra, nec remedia pati possumus („Не можеме да го поднесуваме ниту нашите недостатоци, ниту средствата за отстранување (лековите)“). Во ова поглавје ќе видиме зошто е тоа така.

Иако насловот на ова поглавје се однесува на еден комбиниран закон, ќе биде посветено внимание и на два други закони кои не се дел од законскиот прирачник, но се дел од Августовата легислација што се однесува на социјалните реформи и пред сè на промовирање брак и создавање потомство:

1. Законот на Јулиј за казнување на прељубите (Lex Iulia de adulteriis coercendis)

Со овој закон се казнува прељубата, која се дефинира како *crimen* и со тоа прељубата станува јавна работа (*res publica*). А доказ за ова е институционализирањето

на постојан суд (*quaestio perpetua*)[32], во кој се разгледувале случаите со прељуба (*adulterium*) и блуд (*stuprum*), кои за првпат во римската правна историја се третираат како кривични дела (*crimina*)[33]. Тоа значи дека за овие кривични дела, сторителите ги казнувала државата; жртвите го изгубиле (но не целосно) правото да се пресметуваат сами со престапниците. За постојаниот суд се знае дека опстојал најдолго од сите други судови во времето на принкипатот. Законот се смета дека е издаден во 18 г. пр. н.е., во почетните години од принкипатот на Август, така што претставува некаков мост меѓу архаичното и класичното право. Ова датирање се должи во голема мера на тврдењето на Касиј Дион (LIV, 16) дека законот е издаден по враќање на Август од Истокот, а тоа е 19 г. пр. н. е. Овој закон, исто така, покажува длабока поврзаност со блискоисточната и медитеранската традиција, во која односот кон брачното неверство не само што се казнува на сличен начин, но соодветствува и претставата за жртвата и за престапниците.

Извори за овој закон има кај повеќе јуристи, како и кај еден поет: Justinian, *Inst*. IV, 18, 4; *Dig*. IV, 4, 37, 1 (Tryphoninus); XLVIII, 5 (Titulus); XLVIII, 5, 43 (42) (Tryphoninus); *Coll*. IV, 2, 1 (Paulus); XIV, 3, 3 (Ulpianus); *Pauli Sent*. II, 21b, 2; CJ IX, 9, 3 (Caracalla); Valerius Probus, §3, 10. Horatius, *Oda IV* (13 г. пр. н. е.).

Како овој закон што ја казнува прељубата е важен за политиката на создавање брак и потомство? Прво, треба да се знае дека се казнува жената што сторила прељуба, но и мажот со кого го сторила тој чин. Мажот кој е оштетен и чиј имот е загрозен од можно внесување туѓо дете исто така може да биде казнет, како што е пренесено во *Дигести* (48.5.2.2): „Злочинот прељуба е пропишан според законот на Јулиј за прељубништво, кога веќе е востановена казна за оној сопруг, кој си придобива нешто од прељубата на својата жена, но исто и за оној [сопруг], кој ја задржува [сопругата] фатена во прељуба.“[34] Санкциите за ова кривично дело се разновидни и кумулативни:

[32] Секој постојан суд бил задолжен за некоја специфична категорија кривично дело. Постојаниот суд, кој решавал за прељубите, се нарекува *quaestio perpetua de adulteriis*. Формите на судскиот процес во овие кривични судови биле обвинувачки, а не испитувачки. Тоа значи дека процесот не можел да отпочне доколку некој граѓанин не поведе постапка против некого, т.е. доколку тужителот не го изложи својот случај пред началникот на судот. Во најстарите времиња постапката можеле да ја поведат само жртвата и неговите блиски, а во подоцнежната историја, постапката можел да ја поведе секој граѓанин. Ова се однесувало и за постапката против кривичното дело прељуба.

[33] „[Во римското право] зборот *crimen означува* незаконски акт што е насочен против државата, или заедницата како целина, кој се гони кривично и се казнува од државните органи. [...] Во римското право, разликата меѓу деликт и кривично дело произлегува главно од фактот што во однос на деликтот жртвата може да си наплати надоместок и да му нанесе казна на сторителот преку приватна тужба во граѓански процес, а не преку судење од државни органи.“ (Mousourakis, 2015: 159–160)

[34] Како пример дека се казнувале мажите што ги задржувале прељубничките во брак во овој дел од Дигести (48.5.2.6) е наведен некојси сенатор „Клавдиј Горг, маж од сенаторски сталеж (vir clarissimus), кој ја

конфискување на имотот на мажот со кого жената сторила прељуба т.е. прељубникот, протерување, но и губење на правото за склучување правосилен римски брак (ius connubii) кое се дефинира во *Законот на Јулиј за брак меѓу сталежите* (*Lex Iulia de maritandis ordinibus)*, како и правото да бидат сведоци – стануваат *intestabiles*. Освен овој тип казни за прељубата, Август задржал и алтернатива, односно начин на казнување, кој потекнува од самопомоштa, а тоа е *правото да се убие* (ius occidendi)[35], со кое отпаѓаат другите казни претходно наброени. Правото да се убие жената и нејзиниот љубовник доколку бидат фатени *in flagrante delicti* во домот на жртвата, било вообичаен начин на справување со брачното неверство на Блискиот Исток, во Хититските законици и во Средноасирките законици (Westbrook 2015, 156), но е забележано и во *Законот на Драконт*, каде што се зборува за праведни убиства[36]. Во *Collatio* (IV.2.1.) се вели дека според законот на Мојсеј секој што сторил прељуба со жената на соседот, треба да умре, а исто и жената која ја обљубил[37]. Август го ублажил овој стар закон со тоа што го намалил *ius necandi* на таткото; таткото со *patria potestas*[38] имал право да ги убие и ќерката и нејзиниот љубовник само ако ги фати *in flagrante* во својот дом или во домот на зетот (*Coll.* IV. 2. 3: secundo uero capite ...). Но, правата на сопругот во брак *cum manu*[39] биле поограничени: тој имал право да го убие само љубовникот ако го фати во својот дом *in flagrante.* Има уште еден услов за љубовникот, а тоа е да го разведе бракот набрзо по овој чин, во спротивно, тој ќе биде обвинет за убиство. Со овој закон жестоко се казнува жената која извршила прељуба, поради можноста да внесе туѓо дете во бракот,

обвинил својата жена откако ја фатил во прељуба, но кога бил откриен дека ја задржал спротивно на законот, без обвинител бил осуден за подведување од страна на божественият Север."

[35] *Ius occidendi*, што го има таткото врз ќерката ако ја фати во прељуба е дел од *patria potestas*, но во овој случај е аплицирано кривичното право за справување со престапник фатен на дело без да се носи на суд. Од друга страна, *ius necandi* на таткото, кое исто така го преведуваме како право на убивање, или поточно право на [праќање во] смрт, не се однесува на кривичното право, туку на татковското право да одлучува за животот и смртта на своите деца, односно оние што се под негова власт, без разлика дали се фатени на дело во прељуба или се работи за сосем друга работа.

[36] Овој дел од законот Драконт, каде што се предвидува оправдување на одредени убиства, не е зачуван како епиграфски споменик, туку е наведен кај говорникот Лисија (Lys. 1) и кај Демостен (Demosth. 23.53). И во *Дигестите* на Јустинијан се наведува дека Драконт и Солон дозволувале убиство доколку прељубниците се „фатени на дело" (ἐν ἔργῳ) (*Dig*. 48.5.24).

[37] Moyses dixit: Quicumque moechatus fuerit mulierem proximi sui, mortem moriatur qui moechatus fuierit et quae moechata fuerit.

[38] *Dig*. 48.5. 33 (32). MACER libro primo de publicis iudiciis:
Nihil interest, adulteram filiam prius pater occiderit an non, dum utrumque occidat: nam si alterum occidit, lege Cornelia reus erit. Quod si altero occiso alter vulneratus fuerit, verbis quidem legis non liberatur:
„Макер, книга прва, за јавните судења:
Не е важно дали таткото попрво ќе ја убие ќерка си прељубничка или не, сè додека не ги убие двајцата. Ако го убие [само] едниот од двајцата, ќе биде виновен според 'Законот на Корнелиј'".

[39] Брак cum manu е брак во кој жената не била еманципирана, туку била или под власта на мажот, доколку тој самиот бил еманципиран (sui iuris), или била под власта на таткото на семејството во кое припаѓал нејзиниот сопруг, доколку нејзиниот сопруг не бил еманципиран (alieni iuris).

но и мажот со кого сторила прељуба, зашто тој загадува туѓ брак. Интервенцијата во приватниот живот на граѓаните не се состои во казнувањето на прељубата, туку во третирањето на прељубата како тешко кривично дело, што не го оштетува само семејството, туку и државата. Оштетениот маж немал можност да одбира, како во архаичните закони, туку бил обврзан да го разведе бракот и да ја тужи прељубничката. Единствената можност за избор е дали да го оствари *ius occidendi* или да ги тужи двајцата прељубници. Покрај тоа, е предвидено секој римски граѓанин, без разлика дали е во некакви односи со прељубниците, да може да поднесе тужба за прељуба. Така, со овој закон за првпат јавно, пред постојан суд, се осудува неморалното однесување во бракот. Ова не е единствениот закон со кој интервенира императорот Октавијан Август во приватниот живот на граѓаните; всушност, тој донесува редица закони со кои се наметнува како голем морализатор, а таквиот тренд го прифаќаат и христијанските императори во IV век и натаму, но изразен на поинаков начин – преку простување и помирување, што е во духот на христијанската религија.

Во *Институциите* на Јустинијан, под насловот *De publicis iudiciis* (Just. *Inst.* 4.18.) овој закон се толкува накратко, притоа се даваат информации и за кривичното дело блуд:

> „[Според] Законот на Јулиј за прељубниците, со меч (sc. на смрт) се казнуваат не само осквернувачите (temeratores) на туѓиот брак, но и оние што се дрзнуваат да вршат неприроден разврат[40]. Според истиот закон, исто така, се казнува нечесното дело (flagitium) за блуд (stuprum) кога некој без [употреба на] сила обесчествува (stupraverit) или девица или немажена жена. Истиот закон предвидува казна за тие престапници (peccatoribus); ако се од високите сталежи [се казнуваат со] конфискување на половина имот; ако се од пониските сталежи, се казнуваат телесно или со прогон.“

Последниот дел од текстот покажува како римските граѓани не се еднакви пред законот бидејќи содржината на граѓанството варира од категорија до категорија граѓани. Овој текст е индикативен и за односот кон прељубата поради терминологијата која се употребува за да се означат мажите. Се однесува на мажите што „влегуваат“ како натрапници во туѓ брак, бидејќи вршат прељуба со мажена жена. Тие се наречени

[40] Се користи изразот *mascula libido* = *неприродна сексуална желба* и најчесто се смета дека се однесува на машко хомосексуално однесување.

оскврнувачи и престапници. Во *Дигестите,* во цитат од Улпијан, се наведува дека овој тип однесување: прељубнички чин на жената, но и подведувањето (*lenocinium*) на жената од страна на својот маж, се смета за загадување (*contaminatio*) на бракот.[41] Но, називот *прељубник*, или, пак, какво било негативно квалификување, не го добива сопругот што врши прељуба со немажена жена. За ваквиот однос кон прељубата говори и самиот збор *adulterium*, кој значи *расипување, изопачување*; прељубата, пак, како чин ја расипува чистотата на бракот.[42]

Зачудува отсуството на овој закон од *Законикот*, бидејќи во *Дигести* се наведува дека комибинираната казна за *Законот на Јулиј за прељубите* предвидува конфискување на имотот, што е сепак во доменот на „Посебната сметка“. Исто така, никаде не е наведено дека овој закон се однесува само на Рим и Италија, како што се знае за следниот закон на Јулиј.

2. Законот на Јулиј за театарските претстави (Lex Iulia theatralis)

Овој закон многу малку е познат. Се спомнува кај Светониј (Август 40 и 44). Во првата референција се спомнува како „театарска казна“:

> „Бидејќи поголем дел од витезите го изгубиле семејниот имот во граѓанските војни, па луѓето не се осмелувале да ги гледаат претставите од првоте четиринаесет реда, плашејќи се од „театарска казна“ (poenae theatralis), овој прогласил дека од неа се изземени сите кои, со сопствениот или имотот на нивните родители, некогаш влегувале во витешкиот попис.“ (превод Димовска – Јањатова, Саракински 2001)

Од оваа референција не е јасно дали законот воопшто се однесува на промовирање брак и раѓање деца. Во 44, пак, иако не се спомнува експлицитно за таков закон, дадена е содржината на она што го опфаќа *Законот на Јулиј за театарските претстави*, а имено дека на театарските претстави имало хиерархија во седењето, а женетите луѓе имале преднос во однос на нежените, што е важен момент за ова

[41] Just. *Dig.* 48.5.2. 3-4:
Ceterum qui patitur uxorem suam delinquere matrimoniumque suum contemnit quique contaminationi non indignatur, poena adulterum non infligitur.
„Меѓу другото, оној што ѝ допушта на својата жена да погреши, го презира својот брак; а во случај кога некој не го смета за срамно тоа загадување, [тогаш] не се изрекува казна за прељуба.“

[42] За *Законот на Јулиј за прељубата* види повеќе Даниела Тошева „Како adulterium станува прељуба во римското право“, *Philological Studies*, vol. XVII, 2019.

истражување. Се смета дека е објавен истовремено со *Законот на Јулиј за казнување на прељубите*, во 18 г. пр. н. е. Исклучувањето на целибатите (caelebes)[43] од театарот во 17 г. пр. н. е., според Роусон (Rawson 1987, 98) е terminus ante quem за датирање на Законот. Оваа забрана не била дел од првичната содржина на законот, кој постоел и пред времето на Август, но во негово време доживува обновување, како впрочем и *Законот за казнување на прељубите*. Но, овој закон важел само за Рим и за Италија. Провинциите се исклучени, затоа и воопшто не е применет во *Законикот*. Сепак е во прилог на Августовото законодавство за социјална реформа, кое ќе помогне да се согледаат овие промени и во провинцијата полесно.

3. Законот на Јулиј и Папиј-Попај (Lex Iulia et Papia Poppaea)

Во *Дигести* на Јустинијан, како и во други правни и книжевни извори, насловот *Lex Iulia et Papia Poppaea* служи за да се означат два закона со заедничко име: *Lex Iulia de maritandis ordinibus* и *Lex Papia Poppaea.* Вториот, *Lex Papia Poppaea* (Законот на Папиј-Попај), бил дополнение и корекција на претходно објавениот *Lex Iulia de maritandis ordinibus* (Законот на Јулиј за брак меѓу сталежите), и бил сметан за комплементарен на вториот. Сепак, има некои разидувања[44] меѓу двата закона кои се однесуваат на долната граница за раѓање деца и долната старосна граница за склучување брак.[45] Очигледно е според правните извори, а пред сè од *Дигести* на Јустинијан, дека јуристите речиси секогаш ги користеле двата закона заедно; во овој текст исто така, два закона ќе бидат именувани со заедничкото име. Но во правните папируси, првенствено во брачните договори, на овие закони се реферира поединечно и тоа се наведува само едниот од нив. Сепак не можеме да знаеме кои содржини се однесуваат на едниот, а кои на другиот закон, бидејќи ниту *Законот на Јулиј за брак меѓу сталежите* ниту *Законот на Папиј-Попај* не се зачувани во автентичен и интегрален облик, но само како цитати во правната литература и други правни извори. Датирањето е проблематично, исто така; сепак има индикации дека *Законот на Јулиј за брак меѓу сталежите* бил издаден веројатно набрзо по *Законот на Јулиј за казнување на прељубите*, кој е издаден во 18 г. пр. н. е.

[43] Ова е оппшто термин за неженети луѓе.
[44] Тертулијан во *Apologeticum* 4.7 дискутира за ова разидување меѓу двата закона.
[45] Улпијан расправа за разидувањето во двата закона во однос на *tempus lugendi* (1) *Tit.Ulp.* 14: *feminis lex Iulia a morte uiri anni tribuit uacationem, a diuortio sex mens(ium), lex autem Papia a morte uiri biennii, a repudio anni et sex mens(ium).*

Веројатниот датум за *Законот на Папиј-Попај* е 9 г. н. е., кога се знае дека биле консули M. Papius Mutilus и Q. Poppaeus Secundus[46].

Во папирусите од Египет се наведуваат овие закони, што значи дека биле референтни за римското население; овие папируси се пред сè брачни договори во кои се утврдува дека бракот е склучен согласно *Законот на Јулиј за брак меѓу сталежите* [secundum legem Iulia]m quae de maritandis ordinibus lat[a est liberorum procreando]rum causa[47] (P.Ryl. IV, 612) („со цел создавање закоснки деца според *Законот на Папиј-Попај*, или: "τέκνων γνησίον σπορᾶς] | ἕνεκεν κατὰ νόμον Πάπιον Παππαῖον" (*P.Vind. Bosw* 5) („според Законот на Јулиј за брак меѓу сталежите што е донесен за раѓање деца.“). Во еден друг папирус од 138 г. се спомнува вториот Закон од оваа комбинација заедно со *Законот на Аелиј-Сентиј* во Изјава за раѓање дете: ex lege A(elia) S(entia) et Papiae Poppaeae quae de fills procreandis latae sunt (*P.Mich.* VII, 436)[48], што укажува повторно на римски граѓани, бидејќи овие закони, кога се наведени експлицитно, не се однесуваат на другите категории население во Египет.

Законот предвидува казни (*poenae*) и придобивки (*praemia*). Казната е комбинирана, што вклучува и материјални санкции и санкции со кои не се признава сторената работа, па затоа не секоја провизија од *Lex Iulia et Papia Poppaea* е искористена во *Законикот*.

Казните генерално може да бидат поделени на три категории:

(1) Материјални казни, поврзани главно со наследство и мираз.
(2) Снижување на општествениот статус.
(3) Имунитет од придобивките на *Lex Iulia et Papia Poppaea.*[49]

(1) Овој закон е познат по казнувањето на целибатите (caelibes), односно оние што не стапиле во брак[50] (жени над 20 и под 50 години, а мажи над 25 и под 60 години

[46] За датирањето на законите види повеќе, see McGinn 2007.
[47] Римските граѓани, до едиктот на Каракала, правеле претежно т.н. instrumenta dotalia, договори во кои се попишува миразот, но во нив се повикуваат на Законот на Јулиј за брак меѓу сталежите и Законот на Папиј и Попај кој претставува дополнение на првиот. Другите категории граѓани не се повикувале на ваков закон и затоа си ги утврдуваат условите во договорот.
[48] За овој папирус види подолу глава 4. За Законот Аелиј-Сентиј види глава 3.
[49] Како на пример, исклучување одредени категории од должноста да бидат сведоци (personae intestabiles) или да го добијат Правото што се добива со раѓање деца.
[50] Оние што стапувале во брак со понизок сталеж се сметале исто така за *caelibes*, бидејќи нивниот брак бил ништовен според законот.

старост), како и оние што се бездетни во одредени ситуации. Некои од казните предвидени за немажените, неженетите и бездетните се поврзани со правата за наследување: прекршителите или не можат да наследат воопшто или не можат да наследат целосно. Други казни се поврзани со миразот, во кој случај миразот бил конфискуван целосно или делумно, а ова е посведочено и во *Законикот*.

(2) Снижување на општествениот статус се однесува пред сè на сенаторскиот сталеж: на сенаторите и на членовите на нивните семејства им било забрането да стапуваат во брак со ослободеници(чки) или со лица кои имаат нечесни професии (и на другите сталежи со *status civitatis* им било забрането да стапуваат во брак со лицата кои имаат нечесни професии).[51] Сенаторите биле санкционирани со губење на сенаторскиот сталеж и овој закон бил рангиран како *minus quam perfecta*[52].

(3) Подоцна, за време на Марк Аврелиј (121-180 г. н. е.) браковите кои не биле склучени во согласност со овие закони се сметале за ништовни = lex perfecta[53], а брачниот пар не можел да ги ужива привилегиите што се предвидени со овој закон. Овие казни што не се материјални, или генерално *leges perfectae*, не биле од значење за „Посебната сметка“ и затоа не се регистрирани во *Законикот*, но исто така и *minus quam perfecta* доколку санкцијата не е материјална, туку губење на општествениот ред.

[51] Лицата со нечесни (инфамни) професии, како на пример, глумци и воопшто луѓе што се занимавале со театарски уметности, понатаму проститутки итн., се сметале за *personae turpes*. Тие биле недостојни за римските граѓани, а особено за римското благородништво т.н. honestiores.
[52] Законот lex се смета за *minus quam perfecta,* кога чинот што е сторен спротивно на одредбите во законот не се прогласува за ништовен, но се предвидува казна.
[53] Станал *lex perfecta*, бидејќи кога чинот што е сторен спротивно на одредбите во законот е прогласен за ништовен во самиот закон.

3.1. КАЗНИТЕ ВО ЗАКОНОТ НА *ЈУЛИЈ И ПАПИЈ-ПОПАЈ*

Речиси за секое правило во *Законикот* се предвидува санкција конфискување имот, но што се однесува до *Законот на Јулиј и Папиј-Попај* надвор од *Законикот,* изворите кажуваат дека не се пропишува материјална казна за секоја провизија, односно не се сите санкции казни (без разлика какви) за лицата што не стапиле во брак или за бездетните, особено кога се на поодминатa возраст, туку се предвидени и награди и привилегии. Во ова поглавје се разгледуваат оние провизии од *Законот на Јулиј за брак ...* за кои се пропишани казни (poenae*)*, особено за богатите и за возрасните римски граѓани без деца. Како што вели Ана Долганов (Dolganov 2020[1]), казните во законодавството на Август ги таргетираат горните ешалони од римското општество, но привилегиите и наградите во истите закони биле достапни за сите Римјани. Треба да се додаде дека привилегиите и наградите во законите на Август во врска со бракот и раѓањето деца, со леснотија им биле доделувани на сите граѓани ако биле исполнети условите за нивно стекнување, бидејќи тие не опфаќаат имотни или наследни привилегии, туку одредени права со кои се ублажува ригидноста на законите и овозможува полесно функционирање на бирократскиот апарат.

Материјалните казни во *Lex Iulia et Papia Poppaea* биле посоодветни за законски прирачник кој се занимава со конфискување на имот. Во однос на *Законикот* материјалните казни може да се делат понатаму во две категории:

(1) Казни за бездетните граѓани и за оние што не стапиле во брак

Три правила од *Законикот* се однесуваат на богати, но бездетни граѓани (29, 30 и 32):

> 29. „Слободно родена Римјанка, која поседува 20.000 сестерции, сè додека е немажена ќе плаќа 1/100 годишно [данок]; но и ослободеничка ако поседува 20.000 сестерции ја плаќа истата сума сè додека не се омажи.“

Правилото 29 се однесува на данокот што треба да го плаќаат немажените и слободни жени, но и ослободеничките, кои имаат имот од 20.000 сестерции и повеќе. Данокот треба да го плаќаат сè додека не се омажат. Правилото 30, од друга страна, им забранува

на немажените, но и на мажените и бездетни со имот од 50.000 да наследуваат[54]. Очигледно на жените со помал имот им било дозволено да наследат ако ги исполнат другите услови за наследување, бидејќи тие едноставно не биле лукративни:

> 30. „Наследство оставено на Римјанки, кои имаат имот од 50.000 сестерции, но се немажени и бездетни, им се одзема.“

Истото правило се однесува и на мажите:

> 32. „Римјаните кои поседуваат над 100.000 сестерции, но се неженети и бездетни, не наследуваат, но оние што имаат помалку, наследуваат.“

Забележително е како овие правила се однесуваат само на римските граѓани. Другите категории, хеленизираното население (граѓаните-асти) и Египќаните, не се спомнати во *Законикот* за ова прашање, што значи дека тие не се казнуваат за истите провизии. Секое од наброените правила се однесува на богатите граѓани и на ослободениците кои вообичаено го наследуваат општествениот ред на нивниот патрон. Но да се задржиме малку на римските редови (ordines) кои во *Законикот* се именуваат како τάξεις, бидејќи очигледно имаат значење во дефинирање на правилата, кога веќе се набројува кој колку сестерции поседува. Највисокиот ред бил сенаторскиот, за кои имотниот предуслов бил 1.000.000.000 сестерции, додека вториот ред, еквестрискиот, требало да поседуваат најмалку 400.000 сестерции, како и тоа членовите да потекнуваат од слободни граѓани најмалку две поколенија наназад. Третиот ред биле декурионите, кои биле најимотните членови на муниципалниот совет, како и воените ветерани.[55] Според тоа, правилата кои се наведени во *Законикот* во кои се дефинира имотот на граѓаните и граѓанките, не се членови на највисокиот ред, но можеби припаѓаат во редот на декурионите. Членови на сенатроскиот ред нема, зашто бездруго станува збор за царска провинција; во секој случај тие граѓани што се наведени погоре во правилата се дел од оној слој на граѓани наречен honestiores („благородните“) во кој припаѓаат трите наброени реда, за разлика од оној слој наречени humiliores („неблагородните“), каде се вбројуваат посиромашните

[54] Жени со деца и голем имот можеле да наследуваат, како што покажува правилото 28 во Законикот, но само ако се помалку од педесет години. *Lex Voconia*, кој е објавен во 169 г. пр. н. е. им забранувал на жените да станат наследнички на големи имоти, но овие правила биле аболирани во времето на Август со *ius liberorum*.

[55] За римските класи и слоеви види повеќе Саракински – Пановски 2019, 234-6.

римски граѓани и пролетеријатите, дел од ослободениците и робовите (оние што според современото право се предмет на права и обврски, а не носители).

(2) *Казни поврзани со возраста*

Казните што се однесуваат на напреднатата возраст најчесто се поврзани со миразот, со подароците меѓу сопружниците и со наследството. Според *Законот на Јулиј и Папиј-Попај* се казнуваат оние мажи и жени кои не стапиле во законски брак или оние што стапиле подоцна, на возраст која не е продуктивна за потомство. Казната е конфискување на миразот, подароците и наследството. Во правилото 27 се пропишува казна за постари мажи кои немаат ниту сопруга ниту потомство:

> 27. „Ако Римјанин на шеесет години возраст наследи каков и да е имот, а нема деца и жена, му се одзема. Ако има жена, но нема деца, му се дозволува половина [од наследството само] доколку се пријави.“

Правилото 28, кое се разгледува во следното поглавје во врска со *ius liberorum*, припаѓа на оваа категорија казни, само во однос на жените.

> Миразот, пак, се конфискува во правилото 24:
>
> 24. „Миразот, којшто е даден од сопруга Римјанка над педесет години возраст на сопруг Римјанин кој е под шеесет години, го одзема државната благајна по смртта [на кој било сопружник].“

Ова правило е дел од *Законот на Папиј Попај*, со кое им се забранува на жени под 50 години да се мажат со мажи над 60 години и обратно. Тоа се нарекува несоодветен брак (impar matrimonium), бидејќи не произведува потомство. Казната за склучување на ваков брак е конфискување на имотот кој сопружниците си го оставиле во наследство, ако станува збор за successio testamentaria, или забрана за наследување според законскиот наследен ред, како и конфиксување на оној имот што жената го внела како мираз, по смртта на мажот.[56]

[56] Жените имаат право да си добијат миразот назад по прекин на бракот што се случил поради развод, смрт на сопругот, или губење на граѓанските права на сопругот.

Правилата 25 и 26[57] се варијации на истото правило; тие се однесуваат на подароци, а не на мираз, што претставува друга категорија имот; имено, не е специфицирано дека се работи за мираз, туку буквално за „нешто што е дадено“. Ова е збунувачки момент, бидејќи подароците меѓу мажот и жената се забранети а тоа го најавува Улпијан во извадокот од *Коментари за Сабин*, книга 32: „Според обичаите кај нас е прифатено дека подароците меѓу мажот и жената не се важечки.“ (*Дигести* 24.1.1.). Во истото поглавје од *Дигести*, кое е насловено „За подароците меѓу мажот и жената“, се цитира и допустот даден како Senatus Consultum од страна на императорот Антонин Август, кој кажува во кои случаи подарокот е неважечки, а тоа е пред сè кога бракот е склучен според римските форми на склучување брак. Во *Законикот* подарувањето се уредува поинаку: им се забранува само на возрасните да си подаруваат, што можеби претставува измена на Сенатскиот совет, а можеби сенатскиот совет сè уште не бил донесен кога било напишано ова правило. Правилата во секој случај се поинакви од правната теорија, бидејќи станува збор за натурализирани Римјани во провинција. Во тој случај, ова е првото правило кое отстапува од ius civile. Правилото 26 се однесува на брачните подароци што ги дава жената со статус Латинка, но не е специфицирано која категорија Латини. Имено, некои *Latini* имаат слични граѓански права со римските граѓани, но во овој случај не може со сигурност да се каже на кои Латинки се однесува правилото 26.[58] Ако Латините имаат право на брак (conubium), тогаш и ова правило е отстапување од ius civile.

[57] 25. „Исто така, ако жена под педесет години му даде нешто на маж над шеесет години, се одзема.“
26. „Ако и Латинка над педесет години му даде нешто на маж над шеесет, исто така се одзема.“

[58] Населението категоризирано како Latini имало привилегиран статус во споредба со останатите жители во Римската Империја. Тие имале *status libertatis*, но лесно можеле да стекнат и од придобивките и правата што се однесувале на римските граѓани, како ius connubii, или станувале римски граѓани ако биле членови на локалниот совет или биле декуриони.

3.2. ПРИДОБИВКИТЕ ОД ЗАКОНОТ НА ЈУЛИЈ И ПАПИЈ-ПОПАЈ: IUS (TRIUM) LIBERORUM

Античките извори даваат информации и за алтернативните санкции во *Законот на Јулиј и Папиј-Попај*, кои всушност предвидуваат награда за тие што ги следат правилата. Имено, *Законот на Јулиј и Папиј-Попај* предвидува придобивки и награди (*praemia*) за оние жители што имаат деца и за оние што посвоиле деца, давајчи им т.н. *ius liberorum* или *Правото што се добива со раѓање деца*.[59] Според Улпијан, на евнусите и на лицата кои не можат да создадат потомство[60], на целибатите (caelibes), како и на лицата кои немаат син, им било дозволено да посвојуваат или со адопција или со адрогација[61], што претставува уште еден начин за промовирање на семејните вредности[62]. Затоа и овие лица ги уживале привилегиите на *ius liberorum.*

Што е всушност *ius liberorum*? Правникот Гај го спомнува *ius liberorum* во врска со деловната способност (*capacitas agenda*) на жените и така е всушност најпознато ова право. Но ќе видиме дека ова не е единствената содржина на *ius liberorum*. Гај во *Институции* (*Inst*. I. 145) вели:

> „Па така, ако некој му доделил тутор на својот син или ќерка преку завештание, а обајцата се веќе полнолетни, синот ќе престане да има тутор, но ќерката, се разбира, ќе остане сè уште под туторство. Имено, само според Законот на Јулиј и Папиј-Попај жените се ослободуваат од туторство поради правото што се добива со раѓање деца.“[63]

[59] Раѓањето деца се наградува и во *Lex Iulia theatralis* (види погоре).
[60] Терминот *spado* во латинската правна терминологија се употребува не само за кастрираните лица туку општо за неплодните мажи, кои поради разни причини не можеле да генерираат потомство.
[61] Има две форми на посвојување: adoptio и adrogatio. Посвојувањето се нарекува адрогација кога лице sui iuris е донесено под татковска власт на некој друг татко на семејството. Ефектот од адрогацијата е дека сите лица кои се под власт на адрогираниот (adrogatus), како и неговиот имот, паѓаат под власт (potestas) на адрогаторот (pater adrogans), кој е новиот татко на семејството. Посвојувањето се нарекува адопција кога лице под туѓа власт се пренесува од татковска власт на еден татко во татковска власт на друг.
[62] Ulpian. *Reg*. VIII. De adoptionibus 6-7:
„Оние што не се способни за прокреација, како на пример, евнусите, може да посвојат на еден од двата начина. Истото се однесува и на неженетите. Навистина, секој што нема син може да посвои некој да му биде внук (in locum nepotis).“
[63] Itaque si quis filio filiaeque testamento tutorem dederit et ambo ad pubertatem pervenerint, filius quidem desinit habere tutorem, filia vero nihilo minus in tutela permanet: tantum enim ex lege Iulia et Papia Poppaea iure liberorum a tutela liberantur feminae. (Gaius *Inst*. I, 145)

Тоа што не е кажано во овој цитат, но во многу други извори се наведува е дека жените за да добијат деловна способност, односно за да се ослободат од туторот што се назначува на жените (tutor mulieris), треба да родат три деца, а ослободеничките четири. Сепак, оние жени што не се Римјанки во правните папируси не се повикуваат на ова право. Тие секогаш се застапувани од κύριος, еден вид правен застапник за возрасните жени. По 212 г. сите жени го имаат ова право, но по IV век институцијата туторство на жениете, заедно со *ius liberorum* исчезнува од правната теорија и од папирусите; не се наведува ниту во Кодексот на Теодосиј, ниту во кодификацијата на Јустинијан.[64] Оваа привилегија на жените со *ius liberorum* не е мала, бидејќи ги ослободила жените од многу формалности поради кои не можела самостојно да истапува во правниот и во економскиот сообраќај.

Пред Едиктот на Каракала, назначувањето на тутор за жените со статус перегрини било функција на локалниот официјален службеник. Во некои папируси тоа е наведено. Имено, станува збор за *Законот на Јулиј и Титиј*, издаден кон крајот на првиот век пр. н.е., според кој провинциските управници биле авторизирани за назначување застапници за жените (tutores mulieris), како и за малолетниците (tutores impuberis). Има разлика меѓу римските жени во Египет и локалните жени во однос на барање тутор. Римските граѓанки пред едиктот на Каракала, се разбира, му се обраќале на преторот со барање да им додели тутор: δοῦναί μοι κύριον τὸν δεῖνα. На тој начин Римјанката добива „назначен“ тутор (δεδομένος κύριος κατὰ τὰ Ῥωμαίων ἔθη Μάρκου Αὐρηλίου Νικοκλέους). Локалното население постапува поинаку: жените барале да биде регистриран нивниот одбран застапник кај кралскиот секретар (βασιλοκὸς γραμματεύς) со изразот ἐπιγραφῆναι; овој тутор бил одбран само за одредена трансакција и тоа се нагласува во папирусите. Тие жени немале *ius liberorum.*

Во *Законот на Јулиј и Папиј-Попај* се опфатени награди и казни што се однесуваат и на наследството. Но тие провизии што се однесуваат на наследството, иако се централни за *Lex Iulia et Papia Poppaea*, тие се маргинални за *ius liberorum*: се знае само дека на жените со *ius liberorum* им било дозволено да наследуваат од своите деца. Способноста да состават завештание (testamenti factio activa), им била загарантирана само на оние слободни жени што формално склучиле т.н. брак *купување* (*coemptio*) (cf.

[64] Овој генерален заклучок треба да се преиспита, најмногу зашто еден папирус од втората половина на V век SB IV 7449 во кој една жена, очигледно вдовица, дава изјава во документ хирограф, изјавувајќи дека нејзиниот имот е под контрола на други лица, што упатува на tutela mulierum.

Законикот 33), кој бил фиктивен и тоа нема врска со овој закон. *Coemptio* е една од најстарите форми на склучување брак, што претставува привидно купување на невестата од таткото. Купувањето се прави преку постапката манципација (mancipatio), така што власта над жената се префрла од таткото на мажот (conventio in manum). Ова е т.н. matrimonium cum manu = брак во кој жената е под власт на мажот. Во таков случај жената не може да прави завештание[65]. Но, во ова правило не се мисли на таков брак, туку на една фиктивна ситуација, во која жена што е под туторство на агнатите (семејството на нејзиниот починат маж) прави фиктивен брак, кој веднаш се разведува, за да може да избере самата свој тутор, кој ќе ѝ даде поголема слобода во управувањето на својот имот, одошто агнатите. Во таков случај, таа може да прави завештание. Поинаку, според римското право жените не можеле да го наследат имотот на своите деца преку интестатска сукцесија, односно без да имаат составено завештание.

Правото што се добива со раѓање деца редовно се спомнува во правните папируси со следнава формула: χωρὶς κυρίου χρηματίζουσα δικαίῳ τέκνων κατὰ τὰ Ῥωμαίων ἔθη („составува документ без застапник согласно правото што се добива со раѓање деца според римскиот закон“).[66] Но оваа формула се однесува само на способноста на жените да произведат правни последици самостојно, без интервенција на туторот, што од друга страна не е важно за *Законикот*. Освен тоа, оваа формула се среќава по Едиктот на Каракала, зашто претходно, како што беше кажано, освен Римјанките, жените со поинаков статус ме можеле да ја користат. Од причини што не предвидува казни, *Правото што се добива со раѓање деца* е речиси отсутно во *Законикот,* со исклучок на правилото 28:

> „Жена која има педесет години, не може да наследува; ако има помалку [години] и има три деца, наследува, а жена ослободеничка [може] ако има четири деца.“

[65] Ова, на пример, е посведочено во еден епиграфски споменик пронајден во околината на Рим, познат под името Laudatio Turiae, кое претставува посмртен говор на мажот за својата жена. Во него, меѓу другото, се откриваат многу правила во однос на наследувањето и склучувањето брак непосредено пред Августовото законодавство.

[66] Единствениот документ во кој се бара признавање на „Правото што се стекнува со раѓање деца“ е P.Oxy.12.1467, кој датира од 263 г. повеќе од половина век по укинувањето на Законикот. Три години подоцна истата жена се појавува во документ (*P.Oxy*. xii 1475) во кој купува земјиште, каде е забележано дека таа има ius liberorum. Недостатокот на овој тип документи некои го толкуваат дека ius liberorum се добива по автоматизам, не мора да се регистрира кај нотар. Сепак, нема аргументи ниту за оваа претпоставка.

Ова правило открива и други работи што се опфатени со *Правото што се добива со раѓање деца*: жените со ова право може да наследат *ab intestato* од своите деца. Ако, имаат над педесет години, не можат да наследат, без разлика дали го имаат или не *Правото што се добива со раѓање деца.* Според тоа, имотот на децата станува „пропаднат имот“ (bona caduca), кој може да биде побаран законски од други бенефицијари на завештанието. Ако немало бенефицијари, имотот припаѓал на царската ризница, фискот. Во основа, ова правило во *Законикот* е казна за бездетните жени од сите генерации, а за жените над педесет години возраст казната се донесува дури и да се со деца. Меѓутоа, правилото е малку нејасно, ако некој не е запознаен со римската правна историја. Треба да се има на ум дека *Законикот* сепак е епитом. Правилото 28 не е особено јасно во однос на граѓанскиот статус на овие жени – дали се Римјанки, граѓанки или Египќанки. Во таа смисла правните папируси ја пополнуваат празнината. Очигледно е дека Египќанките биле исклучени од ова правило, бидејќи пред 212 г. тие имаат *testamenti factio activa et passiva* како што може да се види од папирусите што претставуваат египетски завештанија[67] со исклучок на жените од Крена: 11. „Жена од Крена не наследува од своето дете.“ Хеленките, или граѓани - ἀσταί, не наследувале преку тестамент, но не им било дозволено да наследуваат ниту *ab intestato* и ова е во согласност со претходната легислација во Птолемајски Египет. Римјанките, од друга страна, не се појавуваат во завештанијата како *testatorices,* но не можеме да бидеме сигурни за интестатската сукцесија, бидејќи не е документирана надвор од законските одредби. Ова правило поттикнува раѓање деца само меѓу Римјаните, со цел да си ги остварат своите наследни права, а пропишува казни за постарите, без разлика дали биле бездетни или не[68].

[67] cf. *Законикот*. 33: „На Римјанка не ѝ е дозволено да остава во наследство, освен ако не влегла во брак наречен купување (coemptio). Легат оставен од Римјанка на Римјанка која е малолетна, се одзема.“
[68] cf. *Законикот*. 27 кое е истото правило само што се однесува на мажите.

4. ДРУГИ ЗАКОНИ ВО *ЗАКОНИКОТ*

Има и други закони што претходат на Августовото законодавство, а имаат значаен удел во *Законикот*, или закони кои не се изгласани под името на Август во народните собранија[69]. Од тие закони што претходат на империјата, *Lex Minicia* е на некој начин поврзан со политиката за создавање законски брак и законско потомство.

1. Законот на Миникиј (Lex Minicia)

Во содржината на римското граѓанство влегува и *ius conubii*, или правото да се склучи законски брак. Тоа право го имаат пред сè римските граѓани, но во одреден период го добивале и Латините. Тоа значи дека таткото на семејството (pater familias) имал татковска власт (patria potestas) врз своите деца добиени од законската сопруга, кои стануваат законски наследници на неговиот имот: Item in potestate nostra sunt liberi nostri quos iustis nuptiis procreavimus. Quod ius proprium civium Romanorum est. („Исто така, под наша власт се и нашите деца, родени во законски брак. Ова право им припаѓа на римските граѓани.“) (Gai. *Inst*. I.55)

Правилата за статусот на децата кои се родени во брак меѓу партнери кои едниот нема *ius conubii*, биле изменети со *Законот на Миникиј*. Самиот закон е прилично непознат, затоа што не е зачуван автентичен текст, а се спомнува само кај Гај (Gai. *Inst*. I.78) и во *Tituli Ulpiani* (5.8). Натаму, не се наведува годината кога е издаден, а ниту се познати многу подробности околу законот. Се претпоставува дека е издаден во 90 година пр. н.е., меѓутоа Дејвид Чери (Cherry, 1990) смета дека првпат е објавен во 338 година пр. н. е. кога за првпат е востановено ова право, а името *ius conubii*; годината 90 пр. н. е. се смета како веројатна година на објавување на законот, најмногу поради сведоштвото на Гај, кој во веќе спомнатиот текст го поврзува објавувањето на законот со социјалната борба.[70] *Законот на Миникиј* пропишува дека дете родено од родители со различен статус го добива понискиот статус:

> „Кажавме дека римски граѓанин и туѓинка кои немаат право на граѓански брак, кога ќе им се роди дете, тоа ќе биде [со статус] туѓинец (peregrinum esse), како

[69] Законите што се изгласани во народните собранија на предлог од Август го носат насловот *Lex Iulia* со дополнување со кое се навестува предметот.

[70] Ваквиот начин на датирање според внатрешни показатели (референци имплицитни или експлицитни кон актуелни општествени случувања) е вообичаен, но не е доволен. За да биде датирањето сигурно, се споредуваат надворешните со внатрешните показатели.

што е запазено според Законот на Миникиј, бидејќи се следи родителот со понизок статус. Според истиот закон, од друга страна, ако некој е странец, но нема право на граѓански брак, а во брак е со Римјанка, туѓинче се раѓа од таа заедница, но поради ваквите случаи најмногу беше неопходен Законот на Миникиј; имено, ако беше отстранет овој закон [детето] ќе требаше да го наследни другиот статус [*т.е. на мајката*], бидејќи според Правото на народите (ius gentium), кога ќе се роди дете од оние што немаат право на брак, детето се стекнува со статусот на мајката. Оној дел од законот што налага од Римски граѓанин и туѓинка дека се раѓа туѓинче, се чини дека е излишен. Имено и со отстранување на овој закон ова ќе биде така според Правото на народите.

Овие прописи се регистрирани во правилото 39 во *Законикот*:

„Ако Римјанин или Римјанка не знаејќи стапат во брак со граѓанка/граѓанин или со Египќанин/Египќанка, децата го следат понискиот сталеж (τῷ ἥττονι γένει)."

Синтагмата τῷ ἥττονι γένει очигледно се однесува на *deterior parens* во латинската терминологија, односно родителот со понизок статус. Според ius gentium детето со мајка Римјанка, а татко граѓанин-астос или Египќанин, ќе биде Римјанин. Но ius gentium се анулира според Законот на Миникиј. Ако таткото е Римјанин, а мајката со понизок статус, детето и според ius gentium ќе биде со понизок статус.

Меѓутоа, во правилото 46 се наведува поинаква содржина:

„На Римјаните и на граѓаните, кои поради незнаење се оженили со Египќанки, им се допушта да бидат без одговорност со [одлуката ?], а децата го преземаат татковиот статус.“

Имено, оваа одредба се коси со 39, но станува збор за допуштање, бидејќи συνεχωρήθη може да се преведе и „(им) е допуштено“. Ова „допуштање“ е веројатно резултат на извесна одредба (можеби Senatus Consultum), со која им се допушта на мажите Римјани и на жителите на градовите да поминат неказнети поради грешката. Ова правило се однесува и на жителките на хеленските градови (правило 47), но не се однесува на Римјанките. Според Багнал (Bagnall 1993) овој допуст во 46 е дел од *ius civile*, а Законот на Миникиј (правило 39), од кој отстапува ова правило, е варијација на *ius gentium* за

оваа проблематика. Ова е провинцијализирање на римското право, зашто ваков допуст не е забележан во главните културни текови, или во другите провинции.

Евиденцијата од правните папируси го потврдува ова правило во пракса. Во *P. Oxy*. II.273 – што претставува цесија на земја (95 г. н. е.) мајката има *nomen gentilicium* и *cognomen* Јулија Херакла (Ἰουλία Ἡρακλᾶ)[71]. Таа очигледно го има правото на три имиња, што им припаѓа само на римските граѓани до 212 г. Со помош на својот тутор (таа нема *ius liberorum*), Јулија Херакла ѝ подарува катојкиска земја на својата ќерка. Ниту нејзината ќерка, ниту нејзиниот зет немаат *nomen gentilicium*, што е доказ дека во мешаните бракови децата го земаат понискиот статус. Документот *P. Oxy*. III.506 (145 г.) е уште еден доказ за ова тврдење, кој претставува договор за позајмување пари. Мајката на извесен Серапион се вика Caecilia Polla, но сепак Серапион се идентификува како „син на Херод, [којшто е] син на Ексакон“. Не се употребуваат ниту *nomen* ниту *cognomen* за идентификација на синот, податоци што никогаш не се изоставаат кога се работи за римски граѓани.

Во правилото 13 има исто така модификација на овој закон, но во врска со останатите категории во Египет, односно се однесува на деца родени од *граѓанка-асте* и од перегрин, од кои перегринот има понизок статус. Децата стануваат перегрини и не наследуваат од нивната мајка: „Децата родени од граѓанка и од странец [перегрин], стануваат странци и не наследуваат од мајката.“ Ако, од друга страна, жената е *асте* а мажот Египќанин (38), нивните деца го следат понискиот статус – тие стануваат Египќани, но наследуваат од обата родителa: „Оние лица што се родени од граѓанка-асте и од Египќанин, остануваат Египќани, но наследуваат од обата родителa.“ Ова е адаптирање на закон кој се однесува инаку само на римските граѓани, кон жители што го немаат тој статус, во одредена провинција.

Правилата 45—54 се варијации на истиот проблем: како да се справат службениците во „Посебната сметка“ со наследството од мешани бракови, меѓу категориите кои беа наведени погоре. Се разбира, имотот на оние без деца, без разлика на граѓанството што го имаат, се конфискува по нивната смрт, или по смртта на еден од

[71] Ἡρακλᾶ е cognomen од грчко потекло, кое е посведочено кај Римските легионери, но Iulia е женски род од многу познатото nomen gentilicium Iulius.

сопружниците. Кога има деца од таков брак, во некои случаи дел од имотот им се остава на децата, но поголемиот дел оди во фискот.

Очигледно е дека на Римјаните и на *граѓаните-асти* не им биле дозволено да стапуваат во брак надвор од нивниот општествен ред (τάξις). Доколку се склучел брак, нивните деца се сметале за незаконски и не можеле да го наследат татковиот имот, или можеле да наследат само мал дел. Остатокот бил конфискуван. Од тие причини овој закон на Миникиј бил важен за *Законикот на „Посебната сметка“*, но добива извесни модификации во провинцијата, бидејќи се работи за различна класификација на населението. Во Египет, според *Законикот* 45—54, *Законот на Миницијс* провинцијализира. Како е ова поврзано со поттикнување на брак и раѓање деца? Целта била да се принудат жителите да стапуваат во брак со некој од својот ред, за да не се дава секому римско граѓанство и соодветно да не се дава римскиот имот надвор од општествениот ред. Целта на овој закон е да се промовира прокреација на деца во рамките на редот. Така се контролирал и бројот на населението што плаќа данок tributum capitis, што било особено лукративно за фискот. „Основа на финансискиот систем во провинциите бил непосредниот данок (tributum), што го плаќале безмалку сите жители на провинцијата. Трибутот можел да се пресметува врз основа на имотот, или пак по глава на жител, а неговиот износ се потпирал врз повремениот имотен попис во секоја провинција, што се спроведувал во главните градски средишта на провинцијата.“ (Саракински-Пановски 2019, 250)

Хадријан (117-138 г. н. е.), како што е потврдено во едно писмо составено не подоцна од 134 година, се вели дека им доделил ἐπιγαμία (P. Würzburg 9), односно право на законски брак (conubium) на жителите на Антиноополис со египетското население, град кој го основа во 130 г. н. е. Сепак, може да се работи за хеленизирано население, т.н. асти, а не за Римјани. Овие граѓани на новиот град во документите се именуваат како „Новите Хелени“, кои во сè друго се изедначени со астите. Тоа не значи дека Законот на Миникиј е укинат, но веројатно се работи за некаков допуст, какви што се вообичаени за императорот Хадријан.

Нормално овој закон нема никаков ефект по Едиктот на Каракала во 212 година.

Според тоа, може да се потврди дека *Законот на Миникиј* им ја одзема можноста на децата родени од мешани бракови да наследуваат од своите римски родители.

Исклучок се децата на војниците, за кои ќе стане збор во следната глава, бидејќи причините за ова се поинакви. Римјанинот можел да му го остави својот имот на незаконското дете само како фидеикомис (fideicommissum)[72], но не и во завештание, а никако преку законски наследен ред.

2. Законот на Аелиј-Сентиј (Lex Aelia Sentia)

Овој закон се однесува на контролирање на законското ослободување на робови. Законот е дел од августовото законодавство, но не како закон предложен од Август, и претставува дополнение на претходно објавениот *Законот на Фуфиј-Канинијj* (*Lex Fufia Caninia*), (2 г. пр. н. е.) со кој се контролира бројот на ослободени робови преку завештание. Според *Законот на Фуфиј-Канинијj* господарот можел да ослободи одреден број на робови во завештанието. Во 4 г. н. е. со *Lex Aelia Sentia* се донесуваат рестрикции на годините на господарот што ослободува и на робот што треба да биде ослободен: господарите не треба да бидат помлади од дваесет години, а робовите помлади од триесет. Правилата 19—21 се однесуваат на овој закон.

Прашањето што произлегува врз основа на овие податоци е: Како еден закон што се однесува на манумисија на робови може да биде поврзан со политиката за поттикнувањето на раѓање деца? Овој закон вели дека робовите кои се ослободени со формална манумисија пред да наполнат 30 години, добиваат статус на *Latini Iuniani*, што претставува еден чекор кон стекнување на римско граѓанство. Гај детално го објаснува *Законот на Аелиј-Сентиј*, особено она што се однесува на добивање граѓанство (Gai. *Inst*. I.28-32b); тој раскажува дека според *Законот на Аелиј-Сентиј* робовите помлади од триесет години се стекнувале со статус Латини (Јунијани). Тие можеле да станат римски граѓани понатаму под ва услови: ако се оженат или со Римјанка, или со Латинка од колониите или со Латинка со истиот статус како нив, и ова го посведочат седум полнолетни сведоци пред преторот, и доколку им се роди син во таа заедница кој треба да го регистрираат кај преторот штом наполни една година. Така добиваат римско граѓанство сите членови во семејството на Јунијанот, освен ако жена му веќе не е Римјанка по статус. Ова е исто така еден начин на создавање римски граѓани, што е внимателно контролиран процес. Изборот на жената на Јунијанот е важна, зашто станува збор за жителка на империјата која на плаќа непосреден данок (tributum capitis, т.е.

[72] Т.е. во доверба на некој од наследниците, кој во улога на фидуцијар треба да му го предаде имотот на фидеикомисарот, лицето што не може да наследи законски.

λαογραφία во документите на грчки). Така империјата нема да биде лишена од некој што придонесува на таков начин за царската ризница. Во еден папирус, цитиран подолу во глава 4, (P.Mich. VII 436), еден војник чие име не е зачувано сака да го запише својот син Нумисиј кај службеникот и се повикува на Законот на Аелиј-Сентиј, што покажува дека војникот не е римски граѓанин туку Латин Јунијан, кој со раѓањето на своето дете може да стане римски граѓанин. Поради воената служба н еможел да го запише навреме, како што е наведено во барањето.

Сепак не можеле сите робови да стекнат такво право, т.е. да бидат ослободеници со римско граѓанство или Латини-Јунијани и тоа е регистрирано во *Законикот*. Робови кои имале египетско потекло, доколку биле преку море, а нивниот господар бил Римјанин, можеле да станат римски граѓани преку манумисија со *status civitatis*. За да се спречи ова, било забрането извезувањето на египетски робови, а оние што биле фатени биле продавани од страна на фискот (cf. *Gn*. 67):

> 67. „Оние што оставаат во наследство или продаваат египетски робови родени во домаќинството, но надвор од домаќинството, со тоа што ќе отпловат, во некои случаи им се одзема сиот имот, во некои половина, а во некои четвртина. Се определува казна и за оние што дозволиле. За оние што се родени дома, дури и да не е Египќанка мајката, не се истражува мајчиното потекло.“

Поентата на ова законодавство е дека римското граѓанство не се давало лесно, особено не на Египќаните, кои плаќаат данок како перегрини, туку било контролирано од државата. Имотот на римските граѓани не може да го наследи кој било, макар и да се работи за натурализирани Римјани, какви што биле повеќето во Римски Египет. Не може да се каже дека етничката и статусната припадност биле исти. Имотот на оние што се со статус Римјани, се давал само на римските граѓани, а доколку нема такви потомци, тогаш државата го конфискува имотот, а ова е всушност доменот на службата „Посебна сметка“. Во рамките на истиот граѓански статус граѓаните со голем имот биле принудени да стапуваат во брак и да создаваат потомство, со цел да се пренесе нивниот имот и нивниот општествен статус на нивното потомство. На тој начин имотот останува во истиот општествен ред, а потомците можат да вршат литургија, што претставува еден вид принудна јавна служба. Привилигирани редови се Римјаните и астите, како и нивните ослободеници. За нив казните се строги, додека Египќаните воопшто не се засегнати од овие казни, зашто дури и да стапат во брак надвор од редот, не губат ништо,

туку губи нивниот партнер со повисок статус. Египќаните, според *Законикот*, се казнуваат од фискот кога се претставуваат како Римјани, зашто така одбегнуваат извесни даночни давачки. Материјалните казни за привилегираните класи можеби се строги, но од праксата се знае дека биле егзекутирани, факт што придонесува и останатите граѓани да ги почитуваат правилата.

5. ВОЈНИКОТ ВО ГНОМОНОТ

Правната способност на римските граѓани вклучува повеќе права од областа на јавното и на приватното право. Меѓу другото, од областа на јавното право во содржината на римското граѓанство (status civitatis) влегува и правото да се служи во римските легии. Останатите категории население во Римската држава, т.н. перегрини, слободни жители без римско граѓанство, не служеле во легиите, туку во помошните одреди. Римските војници, а потоа и оние што немаат статус на граѓани (Latini, pergerini), добиваат извесни привилегии при начинот на составување тестамент, одење на суд[73], на кои патемно ќе им биде посветено внимание во овој дел од трудот; тие војници што биле без граѓанство пред службата, доколку биле отпуштени од службата со почести, добивале римско граѓанство[74], а со тоа и ослободување од непосредниот данок, tributum capitis, данок кој Римјаните по битката кај Пидна (168 г. пр. н. е.) престанале да го плаќаат, но населението во одредени провинциите го плаќале. Папирусите покажуваат дека некои војници добивале римско граѓанство и во текот на службата, како што е едно писмо (*BGU* II 423) напишано во вториот век од страна на Апион до неговиот татко. Во писмото Апион му кажува на таткото дека се наоѓа во Месинската флота (cf. *Gn*. 55), но дека неговото име веќе е Антониј Максим, што може да го има само римски граѓанин. Во документот *BGU* II 632, имаме второ писмо од овој натурализиран римски војник, повторно напишано на грчки, каде се појавува само со името Антониј Максим и кажува дека му се родил син Максим од неговата сопруга/сопатничка (symbios), Ауфидија, чиј статус не е дефиниран конкретно. Тоа се позитивните страни на војничката служба. Од друга страна, за војниците важеле одредени рестрикции, кои се однесуваат на семејството: една од најважните работи која им била забранета на војниците е да не склучуваат брак за време на службата и да не создаваат деца. Доколку склучеле брак, тој се сметал за незаконски во периодот кога војникот бил во служба, па соодветно и децата родени во тој период се сметале за незаконски. Оваа рестрикција, според Кемпбел (Campbell 1978) се укинува во времето на Септимиј Север (197-211 г.), речиси истовремено кога и *Законикот на*

[73] P. Oxy. 376 (77 г. н. е.) е согласност според која Тит Флавиј Клемент, војник од Третата Легија (Киренската легија), назначува претставник за да се појави на суд.
[74] Доказ за ова се бројните војнички дипломи што се зачувани.

посебната сметка веќе не е во употреба, но кога точно се создава, не може да се каже со сигурност.

Во времето на Август војската станува постојана наемничка војка, која доживува реорганизација во однос на претходниот состав. Легиите биле пополнувани со римски граѓани, како што потврдува и *Законикот*. Трупите од источните провинции, како што е Египет, биле пополнувани со римски граѓани што живееле таму, кои најчесто биле натурализирани или војниците во текот на службата добивале римско граѓанство за да можат да служат во римските легии. Но тоа се обично граѓани-асти што добиваат римско граѓанство за време на службата; Египќаните се изоставени од оваа награда (cf. *Gn.* 55). За *Законикот* е важен обичниот легионер. Тоа се луѓе што стапуваат во служба од 17-20 г. возраст, а службата траела од 25-30, па дури и 40 години. Меѓутоа, од извори од вториот век се знае дека војничката служба траела меѓу 23 и 26 години. Кога ќе завршеле со службата, голем дел од нив не биле способни за создавање семејство, така што законот со кој им се забранува влегување во брак додека се во служба се коси со другите закони на Август за прокреација. Сепак, оваа забрана не е дел од Августовото законодавство и не се знае кога точно е воведена. Ако оваа верзија на *Законикот* е напишана во II век н.е., како што покажуваат и внатрешни и надворешни показатели, тогаш тоа правило за бракот на војниците е донесено во I век н.е., и немало долга употреба, бидејќи Хадријан во својот допуст кон војниците се обраќа како кон востановена пракса (види подолу). Ова правило не се однесува на сите војници, зашто перегрините не добиваат рестрикции во врска со бракот.

На статусот на војниците, брачен и граѓански, им се посветени голем број правила во *Законикот*, бидејќи прекршување на строгите законски одредби во врска со војниците и нивниот приватен живот, придонесуваат за конфискување на имотот од страна на државата. Војникот е земен предвид во ова истражување, зашто акцентот е ставен на создавање законски брак и законско потомство, каков што е случајот со претходните закони во *Законикот*. За Римјаните по служба (бидејќи често се женеле со перегрини – домицилно население каде што биле стационирани), а за астите тое е неважно, бидејќи тие секако имале жени перегрини – за нив добрата служба се наградува со граѓанство.

5.1. ПРИВИЛЕГИИТЕ НА ВОЈНИЦИТЕ ВО *ЗАКОНИКОТ* ПРИ СОСТАВУВАЊЕ ЗАВЕШТАНИЈА

Овие привилегии за војниците се важни за истражувањето, бидејќи покажуваат некои работи за нивниот семеен статус, за статусот на нивните деца и како се добива римско граѓанство. Според *Законикот* (8) на римските граѓани не им е дозволено да составуваат завештанија на хеленски начин. Затоа сите завештанија составени од Римјани пред 212 г., се напишани на латински јазик во форма per aes et libram. Testamentum per aes et libram се развил од праксата на употребување на модифицирана форма на манципација и се состоел од формален трансфер (преку манципација) на имотот на оставителот на „купувачот“ (familiae emptor) со усни инструкции како емпторот да го подели имотот меѓу лицата назначени за наследници по смртта на оставителот. Во архаичното право купувачот (т.е. ополномоштеното лице) стоел на местото на наследникот и можел, теоретски, да го управува имотот на каков сака начин, како да е наследник. Во подоцнежната римска држава, „купувачот“ се сметал само за извршител на волјата на оставителот и можел да биде задолжен од корисниците да ја ефектуира волјата. Релевантната процедура била модифицирана од страна на преторот во подоцнежната републиканска доба: ако бил создаден пишан тестамент со печати на оние што се нужни за манципација (т.е. familiae emptor, libripens и пет сведоци), тогаш преторот ѝ гарантирал владение на личноста назначена како наследник. Ако завештанието не е составено на овој формален начин, се сметало за неважечко, а имотот, доколку нема законски наследници, го презема фискот (*Gn*. 4).[75] Римските војници, пак, се исклучени од ова општо правило за составување завештанија и тоа е регистрирано во правило 34[76]:

> „На војници додека се во служба, но и по воената служба, им е дозволено да го завештуваат својот имот и според римските и според хеленските завештанија и да се служат со какви сакаат имиња[77]; како и да е, [имотот мора да го остават] само на историодник или на оние на кои им е дозволено.“

[75] За законските наследници на војникот види во следното поглавје.
[76] Ова правило не се однесува на војниците од помошните легии.
[77] Како што беше покажано погоре, војниците кои немале римско граѓанство а служеле во легиите, добивале римски имиња, а со тоа и римско граѓанство. При составување на завештанијата тие можеле да се служат со кое сакаат име: или роденото (хеленско име) или стекнатото римско име.

Во еден текст на Улпијан цитиран во *Дигести* под поглавјето насловено *За завештанието на војникот* (*De testamento militis*, Just. *Dig.* 29.1) се вели дека оваа одлука е донесена уште во време на Г. Јулиј Кајсар (12 или 13 јули 100 – 15 март 44 пр. н. е.), а имено на војниците им е доделено неограничено *testamenti factio*. Тоа е еден вид привилегија, која доаѓа со војничката служба. Во извадокот од мандатите што го наведува Улпијан, се вели дека неискусноста на војниците во правните работи се толерира, така што можат да го направат завештанието како сакаат. Тој дава историјат на оваа привилегија:

> „Улпијан, *За едиктот*, книга 45: Божественият Јулиј Кајсар во секој случај беше првиот што им дозволи на војниците слободно правење на завештание (testamenti factio); но таа дозвола беше привремена. Како и да е, подоцна прв божественият Тит [им] даде; по ова Домитијан[78]; потоа божественият Нерва[79] донесе најпотполна благонаклоност кон војниците; Трајан[80], пак, го следеше ова и оттука такво поглавје беше вметнато во [императорските] мандати. Поглавје од мандатите: „Како што добив претстава, се положуваат завештанија што се оставени од нашите соборци, коишто може да бидат предмет на расправа ако се повикуваме на точноста и на уважението на законите; следејќи ја отвореноста на мојата душа кон оние што се одлични и верни војници, сметав дека треба да се излезе во пресрет на нивното неискуство [во врска со правните работи], така што каков и да е нивниот начин на сочинување завештание, нивните желби да се прифатат. Според тоа, нека ги прават нивните желби на каков сакаат начин, нека ги прават на каков можат начин, и нека бидат доволни самите желби на завештателот за да направат поделба на нивниот имот.“[81]

Сето ова се мандати што се донесени во времето пред Хадријан, кој е последниот што доделува поинаква милост за војниците која ќе биде разгледана во следното поглавје.

---

[78] 24.10. 51 г. – 18.09. 96 г.
[79] 96 – 98 г.
[80] 98 – 117 г.
[81] ULPIANUS libro quadragesimo quinto ad edictum. Militibus liberam testamenti factionem primus quidem diuus Iulius Caesar concessit: sed ea concessio temporalis erat. Postea uero primus diuus Titus ded<i>t: post hoc Domitianus: postea diuus Nerua plenissimam indulgentiam in milites contulit: eamque et Traianus secutus est et exinde mandatis inseri coepit caput tale. Caput ex mandatis: 'Cum in notitiam meam prolatum sit subinde testamenta a commilitonibus relicta proferri, quae possint in controuersiam deduci, si ad diligentiam legum reuocentur et obseruantiam: secutus animi mei integritudinem erga optimos fidelissimosque commilitones simplicitati eorum consulendum existimaui, ut quoquomodo testati fuissent, rata esset eorum uoluntas. **Faciant igitur testamenta quo modo uolent, faciant quo modo poterint sufficiatque ad bonorum suorum diuisionem faciendam nuda uoluntas testatoris**'.

Но, зошто воопшто се наведува во *Законикот* ова правило за завештанијата на војниците, кое очигледно има историја, а нема консеквенции за фискот? Вообичаено оние категории што се изоставени од некаква казна, не се спомнуваат во *Законикот*[82]. Ова правило е показател дека „Посебната сметка“ се занимава и со судски работи, така што е нужно за службениците да знаат во кои случаи не се конфискува имотот во тоа генерално правило што важи за Римјаните. Но да се вратиме на последниот услов во правилото 34: „како и да е, [имотот мора да го остават] само на **историодник** или на оние на кои им е дозволено“, кое кореспондира со следното, правило 35: „Дозволено им е на децата и на роднините на војниците кои умреле без завештание, да наследат, доколку оние што бараат дел припаѓаат на **истиот род**“. Во 34. се употребува ὁμοφύλῳ = **историодник**, а во 35. τοῦ αὐτοῦ γένους ὦσι = да бидат од **истиот род**. Тоа е условот за да биде важечко завештанието составено на каков било начин. Во спротивно, повторно фискот го одзема имотот. Всушност, римскиот војник можел да прави и хеленско и римско завештание[83] (египетско не се спомнува, бидејќи нема соодветен модел[84]), но не може да завешта секому, а доколку умре без завештание, имотот припаѓа само на оние од истиот род, ако нема законски наследници. Во спротивно фискот го одзема имотот (ὁ φίσκος ἀναλαμβάνει). Отстапувањето од ius civile во *Законикот* е тоа што војникот ја задржува можноста и по службата да прави какво сака завештание. Тоа е така зашто се работи за војници чиј мајчин јазик не е латинскиот, зашто добиле граѓанство во текот или по службата. Инаку, во ius civile тоа правило јасно е дадено во *Институциите* на Јустинијан 11.3, а имено ако војниците сакаат да направат завештание по отпуштањето, тоа треба да го направат според формите пропишани за сите граѓани.

Токму по тоа правило се води и војникот во едно завештание што е зачувано на папирус (*BGU* I 326) што датира од 194 г. н. е. Завештанието е составено од римски ветеран, Гај Лонгин Кастор, отпуштен со почести. Тој, ветеранот, составува римско завештание per aes et libram, напишано оригинално на латински јазик, но зачуван е

[82] Како на пример, правило 23, кое им забранува на Римјаните да се женат со своите сестри и се предвидува материјална казна, додека другите категории воопшто не се спомнати. Од папирусите, пак, знаеме дека другите категории граѓани: астите и Египќаните, склопувале вакви блискородни бракови без последици за фискот, но тие не се повинуваат на семејните закони кои се дел од ius civium Romanorum.

[83] Не е неопходно војниците и ветераните да состават рисмко завештание per aes et libram на латински јазик, како што се обврзани другите римски граѓани, ниту да употребуваат свечени формули (certa et solemnia verba).

[84] Египетските т.н. завештанија се нарекуваат меритеја, буквално, распределба на имотот со ефект по смртта. Тие не се чуваат во јавни архиви, така што немаат јавно отворање (делација) по смртта на завешаттелот.

преводот на грчки во кој е нагласено дека се работи за превод. Војникот во тестаментот вметнува и кодицил. Војникот во своето завештание прави манумисија на своите робинки, кои се над 30 години возраст, значи во согласност со *Законот на Аелиј-Сентиј*; ослободените слугинки ги прави потем единствени наследнички на имотот, со тоа што назначува и супститути. Тој очигледно нема свое законско семејство, туку основал незаконска заедница со робинката, со која има и ќерка. Не се познати причините зошто не склучил брак со слугинката додека бил жив, но не е единствениот што живее во незаконско семејство кое post mortem добива манумисија и имот. Имено, се претпоставува дека било полесно во однос на давачките и формалностите да се пренесе имотот на вака создадено семејство на овој начин – одеднаш да има манумисија и завештание, одошто да го направил ослободувањето во текот на заедничкиот живот, а потоа уште еднаш да плаќа за завештанието. Робовите на римските граѓани можеле да добиваат наследство преку завештание од господарот. Кога оставителот го назначувал својот роб за наследник, робот станувал слободен и бил задолжен како heres necessarius да го преземе наследството. Ова се случувало кога оставителот сакал да го ослободи робот, но исто така кога имотот на оставителот бил заглавен во долгови, кои не сакал да ги предаде на своите законски наследници. Второто не е случај, бидејќи имотот на војникот не е во долгови. На овој начин ослободеничките на Гај Лонгин Кастор стануваат римски граѓанки, но неофицијално семејство, што и не е важно, кога веќе целта на склучување на брак е пренесување на статусот. Доколку бракот го склучел за време на служба, што е забрането, многу потешко ќе го пренел статусот и имотот на овие жени. Во прилог е завештанието.

[*предна страна од папирусот, кол. 1*]

„Превод на завештание.

Гај Лонгин Кастор, ветеран отпуштен со почести, од преторската класа на Мисенците, направи завештание.

Заповедам да станат слободни мојата слугинка Маркела, над триесет години возраст и Клеопатра, мојата слугинка, над триесет години возраст. Нека бидат мои наследнички со подеднаков дел, а сите останати нека бидат лишени од наследство. Нека влезат во наследството секоја за својот дел, кога и да дознае секоја од нив и може да посведочи дека е моја наследничка; не е дозволена продажба, ниту хипотека. Но ако на претходно запишаната Маркела ѝ се случи нешто човечко, тогаш нејзиниот дел од наследството сакам да им припадне на

Сарапион, Сократ и Лонгос. Исто и со делот на Клеопатра, сакам да му припадне на Нилос. Кој и да стане мој наследник, нека биде одговорен да даде, да стори и да го обезбеди сето она што е запишано во ова завештание, и ги полагам во нејзина доверба.

Сарапијада, мојата слугинка, ќерка на Клеопатра, мојата ослободеничка, нека биде слободна и ѝ давам и оставам пет арури житни ниви, коишто ги имам кај селото Каранида во месноста наречена „Ној“, исто така и една четвртина арура од долина, исто и третина дел од мојата куќа и третина од истата куќа којашто ја купив претходно од Прапетеј, од мајка Тасеута; исто и третина од градина со палми, којашто ја имам близу до каналот, којшто се вика

[*предна страна од папирусот*, колона 2]

„Стариот Канал“. Сакам телото да ми биде погребано и замоткано со грижата и побожноста на моите наследници. Ако оставам нешто по ова напишано со моја рака, на каков било начин, сакам ова да биде важечко. Нека нема измама и зло во ова завештание. Домаќинството и имотот од ова завештание што е направено, ги купи Јулиј Петронијан, за монета од еден сестерциј, а држачот на вагата беше Гај Лукретиј Саторнилиј, кој потврдува.

За сведок го повика Марк Семпрониј Хераклијан, кој потврдува. Завештанието е направено во селото Каранида, во номата Арсиноит, на петнаесеттиот ден од ноемвриските календи, за време на консулатот на двајцата Силани, во триесеттата година од владеењето на императорот Кајсар Марк Аврелиј Комод Антонин Побожен, Среќен, Август, Арменискиј, Медискиј, Партискиј, Сарматскиј, Германаскиј, на дваесет и први хатир. Ако оставам други писма напишани со моја рака, сакам да бидат важечки.

Отворено и прочитано во метрополата Арсиноит, на плоштадот Август, во гарнизонот на една дваесетина од наследства и ослободувања, на деветиот ден пред мартовските календи, за време на консулатот на сегашниве консули, во втората година од владеењето на императорот Кајсар Лукиј Септимиј Север Пертинакс Август, на дваесет и седми мехејр. Останатите што ставаат печат се: Гај Лонгин Акила, кој потврдува, Јулиј Болисиј, Марко Антистиј Петронијан, Јулиј Гемел ветеран.

Јас Гај Лонгин Кастор ветеран, отпуштен со почести од преторијанската класа на Мисенците, направив кодицил.

Марко Семпроиј Хераклијан пријател вреден човек, го направив застапник со сопствената верба. На роднината Јулиј Серен му давам и му оставам 4000 сестерции. На седмиот ден пред февруарските иди, го напишав со своја рака.

Печат ставија Лонгин Акила и Валериј Приск.

Печат ставија: Гај Лонгин Акила, кој потврдува, Јулиј Филоксен, Гај Лукретиј Санторнил, кој потврдува, Гај Лонгин Кастор, Јулиј Гемел ветеран. Беа отворени и прочитани на истиот ден во кој и завештанието беше отворено.

[*втора рака*] Јас Гај Лукиј Гемијан, римски правник, го преведов погоре наведениот примерок и е во согласност со автентичното завештание.

[задна страна од папирусот]

На Гај Лонгин Кастор “

Римските привилегии на војниците, но не е специфицирано кои војници, се поништуваат, ако тие не се разрешени како што треба, како што ни покажува *Законикот*:

56. „Војниците, кои не добиле законско разрешување, доколку се служат со римските привилегии, се казнуваат со четвртина од имотот.“

Папирусите кажуваат дека војниците може да бидат разрешени незаконски ((οἱ) μὴ νομίμην ἔχοντες ἀπόλυσιν) или со почести (ἐντίμως ἀπολυθείς 50, 2, οὐετρανὸς τῶν ἐντίμως ἀπολελυμένων), а тоа е правило што е потврдено и во *Дигести*:

„Има три општи причини за отпуштање [на војниците]: (1) Разрешување со почести е она што се дава за исполнување на војничката служба. (2) Разрешување со причина е кога некој поради мана на душата или телото е помалку способен и се повлекува од војничка служба[85]; (3) Разрешување без почести е кога некој е ослободен од војничката заклетва поради деликт.“ (Just. *Dig*. 49. 16. 13. 3)[86].

Значи, војник разрешен со почести може да ги ужива правата кои му се загарантирани, како што покажува и следниот епиграфски текст од времето на Веспасијан (69-79 г.), кој претставува војничка диплома. Во дипломата се дадени имињата на отпуштените војници со почести кои добиваат римско граѓанство. Нивните сопруги, исто така, имаат

[85] Таков еден пример е зачуван во *P.Oxy*. I. 39. (52 г. н. е.), кој преставува препис од отпуштање (ἀντίγράφον ἀπολύσεως) на војникот Тифон поради слаб вид и катаракта (ὑποκεχυμένος ὀλίγον βλέπων).

[86] Missionum generales causae sunt tres: honesta, causaria, ignominiosa.
Honesta est, quae tempore militae impleto, datur; **causaria**, cum quis vitio animi vel corporis minus idoneus, militiae renunciatur; **ignominiosa** causa est, cum quis, propter delictum, sacraménto solvitur.

право да станат Римјанки. Претходно тие не биле римски граѓани, па затоа не им биле одземени никакви привилегии доколку склучиле брак и создале деца за време на службата, каков што е случајот со оние војници коишто биле римски граѓани и служеле во легиите. Според името, тие очигледно не се родени како Римјани:

Војничка диплома CIL 16, 00024. = AE 1927, 0096., 8. Септември 79 н.е.

> „Императорот Тит Кајсар Веспасијан Август, врховен понтифик, за време на деветтата година од трибунската власт и император по четиринаесетти пат, татко на татковината, цензор, конзул по седми пат, им дава граѓанство на ветераните кои служеа војска во египетската флота и кои заслужија плати за старост и за дваесет години служба и за повеќе кои беа отпуштени со почести, чиишто имиња се попишани долу; **на нив, на нивните деца и потомството нивно и право на законски брак со жените кои тогаш ги имале кога им се дало граѓанството или ако не се во брак право на брак со оние кои ќе ги земат за жени подоцна, но само еднаш за една**.
>
> Шести ден пред септемвриските иди, за време на конзулатот на Тит Рубтиј Ајлиј Непот и на Марк Арij Флак, од веслачите до Марк Папириј, син на Марк од Арсиноит, и до Тапаја, ќерка на Трифон, негова сопруга, и до Карпиниј, неговиот син. Препишано и признато од бронзена табличка која е објавена во Рим, на Капитол, до основата на статуата на кралот Помпилиј, до олтарот на родот Јулиевци.“[87]

Војничката диплома не е документ на папирус, туку епиграфски споменик, како што е спомнато погоре, изгравиран во бронза, со кои се потврдува дека војникот ја завршил

[87] Imp(erator) Titus Cae[sa]r Vespasianus | Au[gustus ponti]fex maximus | t[r]i[bunic(ia) pot]estat(e) VIIII imp(erator) XIIII | 4 p(ater) p(atriae) c[e]nsor co(n)s(ul) VII | veteranis qui militaverunt in | classe qua[e est] in Aegypto eme|ritis stipendiis senis et vice|nis [pl]urib[u]sve [dimi]ssis ho|nesta mi[ss]ione quorum no|mina sub[s]cripta sunt ipsis li|beris posterisque eorum civi|tatem dedit et conubium cum | uxoribus quas tunc habuissent | cum est civitas iis data aut si qui | caelibes essent cum iis quas pos|tea duxissent dumtaxat singuli | singulas a(nte) d(iem) VI Idus Sept(embres) | T(ito) Rubrio Aelio Nepote | M(arco) Arrio Flacco co(n)s(ulibus) | 20 ex remigibus | M(arco) Papirio M(arci) f(ilio) Ars[enoitae] | et Tapaiae Tryphonis filiae u[xori eius] | et Carpinio f(ilio) eius | 24 descriptum et recognitu[m ex tabu]|la aenea quae fixa est Ro[mae in] | Capitolio in basi Pompil[i regis ad] | aram gentis Iuliae
P(ubli) Atini Rufi |
[M(arci)] Stlacc(i) Phileti |
L(uci) Pulli Sperati |
Q(uinti) Muci Augustalis |
L(uci) Pulli Verecundi |
L(uci) Pulli Ianuari |
T(iti) Vibi Zosimi |

службата со почести и со тоа им се гарантираат привилегиите, меѓу кои и граѓанството. Но, ова на е оригиналниот натпис, туку натпис-препис, заверен кај нотар. Оригиналните војнички дипломи се чувале во Рим. Војничките дипломи пред 110 година, како што е оваа, според класификацијата на Мелор (Mellor 1978/9) се делат на три главни типови: (1) оние што се издадени за војници во служба; (2) оние што се издадени за војници и за ветерани; (3) оние што се издадени само за ветерани. Дипломата од погоре припаѓа на третиот тип, но оваа класификација покажува дека војниците можеле и во текот на службата да добијат привилегии, кои им носеле олеснувања во однос на наведените работи и пред завршување на војничкиот рок. Но, треба да се нагласи дека станува збор за не-Римјани, за кои најважна награда е граѓанството за нив и за нивното семејство. Римските граѓани што служат во легиите добиваат привилегии во однос на составување тестамент во текот на службата, во однос на платата, имотот и данокот од кој се ослободени.

5.2. СТАТУСОТ, БРАКОТ И СЕМЕЈСТВОТО НА ВОЈНИКОТ ВО *ЗАКОНИКОТ*

Во *Законикот*, освен што се наведени привилегиите во однос на правењето завештание, дадени се и казните поврзани со нивниот статус, односно во кои случаи фискот им го одзема имотот на војниците. Зачудува фактот што Египќанинот кој лажно се претставува Римјанин и за да служи во римски легии, и за да добие привилегии по отслужувањето на војничкиот рок, не е казнет од фискот, законот не е *minus quam perfecta* – не е предвидена казна, но *perfecta* - од совршен вид, затоа што чинот се смета за ништовен[88]. Египќанинот, исто како и во однос на бракот со повисока класа, ниту по војничката служба не се стекнува со граѓанство, макар и да ја завршил до крај, како што вели *Законикот*:

> 55. „Ако Египќанин скришно служи во војска, во легија, по разрешувањето се враќа на статус Египќанин. Слично и разрешените веслачи се враќаат, освен само оние од Месинската флота. “

Сето тоа е во прилог на главната мотивација, да биде контролирано доделувањето на римското граѓанство, од кое, секако, се исклучуваат Египќаните.

Да се задржиме на бракот на војниците, како и правата на децата од таквите бракови.

Општо кажано, децата родени надвор од законски брак (iustum matrimonium), не влегувале под власта на таткото на семејството. Ова значи дека тие деца биле значително онеправдани во однос на нивните права за наследување и други права поврзани со нивниот татко. Во одговор на овој проблем, институцијата позаконување (legitimatio) се јавува како резултат на законска акција во која незаконските деца не можат да стекнат статус на законитост и да бидат под татковска власт. Но таа институција не е позната во овој период од римската историја, туку во подоцната империја.

Има три класи незаконски деца:

[88] Затоа се издаваат војничките дипломи, кои точно утврдуваат каков статус има ветеранот, или војникот.

(a) *liberi naturales* — природни или родени деца, коишто се родени во конкубинат (concubinatus), долготрајна врска меѓу маж и жена кои живеат заедно без да имаат право да склучат законски брак;

(b) *spurii* и *vulgo concepti* — деца родени надвор од брачна заедница или од врска на мајката со непознат татко; и

(c) *adulterini et incestuosi* — деца родени од прељубнички и/или инцестуозни врски.

Во однос на војниците, особено во првите векови од н. е., на располагање се значајна група документи кои се однесуваат на семејниот статус на децата на војниците, кој е во тесна врска со нивниот правен статус, но може да биде според погоре наброените категории. Во секој случај важи правилото дека војниците не смеат да се женат додека им трае службата и оттука не може да имаат законски деца. Нивните деца што ќе се родат во текот на службата се класифицираат како *liberi naturales*. Првата група документи во кои се спомнуваат децата на војниците се епиграфски споменици. Но во ваквите споменици не е вообичаено да се наведуваат децата како незаконски, така што доведуваат до забуна дали навистина била ефективна забраната. Во другиот тип документи, пак, папирусите, експлицитно се класифицираат децата на војниците родени во служба како природни, т.е. како незаконски деца. За овие работи дава објаснување правникот Гај (*Inst.* 1.56), кој вели децата чиј татко е Римјанин, се под татковска власт само ако неговата сопруга е Римјанка, Латинка или перегринка со *ius conubii*: Latinas peregrinasve cum quibus conibium habeant („Латинки или туѓинки со кои имаат право на брак“). Имено, немале сите Латини и перегрини право на римски брак. Според Чери (Cherry 1990) Гај овде не мисли на римските граѓани по потекло, туку на натурализираните, а имено војниците кои добиваат римско граѓанство по отпуст од војската.

Се чини дека државата многу користи од војникот, ако тој не ги почитува правилата за склучување брак и тоа е новина во службата „Посебна сметка“, која до римскиот период не се занимава со прашањата за војничкиот статус, брак или наследство. Тие случаи се решавале во други институции, како што кажува примерот во *SB* VIII. 9790 од 60 г. пр. н. е., каде ќерката бара да ѝ се признае наследство од таткото,

припадник на коњаниците, упатено до стратегот на топархијата. Тоа е документ што припаѓа на птолемајскиот период.

Но најстрогото правило е сепак погоре споменатата забрана на војниците да склучуваат брак за време на војничката служба. Во тој период тие немаат ius conubii, така што жената која ќе ја земат во тој период е конкубина, а нејзиниот мираз го конфискува државата по раскин на бракот. Бракот станува законски по службата, но сè што е внесено претходно не може да се легитимизира, вклучително и децата родени претходно. Нивните браќа и сестри родени по службата се законски. Ова правило навистина се почитувало во пракса, како што може да се види во следниве примери, кои претставуваат судски одлуки, од кои ќе видиме две:

Chr.mitt.372 = BGU I.114 (II век н. е. (?))[89]

> „Во двааесеттата година од владеењето на божествениот Трајан, на дванаесеттиот ден од месецот Тиби. Бидејќи Лукија Макрина преку адвокатот Фаниј рече дека судски бара депозит од имотот на Антониј Герман, починат војник, а Лупус рече: „Сметаме дека депозитите се мираз. Од такви причини не давам судија. Не му е дозволено на војникот да се жени. А ако судски бараш мираз, за да ти дадам судија треба да бидам убеден дека бракот е законски.“[90]

Оваа жена, која си го бара миразот од својот починат маж, бидејќи го има тоа право доколку бракот е легитимен, не може да го добие назад, затоа што бракот е склучен за време на службата. За да го заобиколи правилото, таа го насловува миразот како остава (депозит), но правникот Лупус е дециден дека станува збор за мираз прикриен како остава. Тука се гледа дискреционото право на правникот да одлучува според свое видување, кое треба да го оправда.

---

[89] Датирањето не се однесува на текстот, кој временски претходи, туку на целиот документ во кој се цитираат овие одлуки на Лупус како референција.

[90] 1гр
[- ca.22 -]ẹι[. .]τος καὶ αὐτὸν | ἔχ[ει]ν περί τινων πρὸς αὐτήν, Λοῦπος εἶπεν· περὶ | [- ca.23 -] τὸν στρατηγὸν | τῆ[ς] πόλεως κριτή[ν σοι] δ[ίδ]ωμι. |

———

[5] (ἔτους) κ Θεοῦ Τραιανοῦ Τῦβι δεκάτη. | Λουκίας Μακρίνας διὰ Φανε̣ίου ῥ[ήτ]ορος εἰπούσης | ἀπαιτεῖν παρακαταθήκην ἐξ ὑπαρχόντων | Ἀντωνίου Γερμανοῦ στρατιώτου τετελευτηκό|τος Λοῦπος εἶπεν· νοοῦμεν ὅτι αἱ παρακα-|[10] ταθῆκαι προῖκές εἰσιν. ἐκ τῶν τοιούτων αἰτιῶν | κριτὴν οὐ δίδωμι. οὐ γὰρ ἔξεστιν στρατιώτην | γαμεῖν. εἰ δὲ προῖκα ἀπαιτεῖς, κριτὴν διδο̣ὺ[ς] | δόξω πεπεῖσθαι νόμιμον εἶναι τὸν γάμον. |

———

Во следниот извадок од судските процеси, истиот правник Лупус не му дозволува на војникот, иако е римски граѓанин, а исто така и неговата сопруга, да ги запише своите деца како законски; децата се римски граѓани, но не се законски деца, зашто се родени за време на службата. Имено, во овој случај војникот е лишен од *patria potestas*:

> „Во 18 година од владеењето на Трајан, на дваесет и седми фаофи. Лонгин изјави дека е Римјанин и дека служел војска во првата кохорта од Тебанци под [водство на] Север и дека за време на воената служба живеел во брачна заедница со жена Римјанка со којашто има деца = Лонгин Аполинариј и Лонгин Помпониј, за кои бараше да бидат регистриррани (ἐπίκρισις). Лупус, откако се советуваше со правниците, рече: „Бидејќи децата се означени како родени од Римјанка, а ти самиот сакаш да ги регистрираш како законски, не можам да те направам нивни законски татко.“[91]

Во прилог даваме уште еден документ со кој се покажува дека правилата навистина се почитувале. Станува збор за извод за раѓање на незаконско дете (P.Mich. VII 436), составен 138 г. н.е., во Пселхис. Ова е крајот на изводот од книга на родените на Нумисиј, кој е незаконски син на војник во римската војска, кому не му е дозволено да влегува во брак. Изјавата на таткото е потврдена со потписите на седум сведоци, кои не се зачувани во текстот, бидејќи е оштетен. Материјалот е типичен за римски документи, а тоа е восочна табличка.

> [*Внатрешен текст на восок*]
>
> „[*... војникот изјавува дека му се родил син*] за време на конзулатот на Камерин и Нигер, во местото Пселхис, во зимските простории на кохортата запишана погоре, во 22 година од владеењето на императорот кајсар Трајан Хадријан Август, кој се вика Нумисиј и дека ова е посведочено во согласност со *Законот на Аелиј-Сентиј* и *Законот на Папиј-Попај*, кои беа донесени за раѓање деца и дека не можел да го запише поради зафатеноста со воената служба. Направено во

[91] P. Catt. recto col. III 11-22
(ἔτους) [ι]ῃ Τραιανοῦ Φαῶφι ἑβδόμῃ καὶ εἰκάδι. Λονγίνου | Υ. . [. .]ου εἰπόντος Ῥωμα[ῖ]ον ἑαυτὸν ὄντα ἐστρα|[τεῦσθαι ἐν] σπείρῃ πρώτῃ Θηβαίων ὑπὸ Σε|ουῆ[ρον], συνῳκηκέναι δὲ ἐν τῇ στρατείᾳ | [15] γυν[αι]κὶ Ῥωμα[ί]ᾳ ἐξ ἧς πεπαιδοποιῆσθαι | Λον[γε]ῖν[ο]ν Ἀπολινάριον καὶ Λονγείνιον Πομ|πώ[νι]ον οὕσπερ ἀξιοῖ ἐπικριθῆναι, | Λοῦπ[ος] λαλήσας μετὰ τῶν νομικῶν εἶπεν·| [ἐπεὶ σεσ]ή[μα]νται(*) οἱ παῖδες ὡς ἐκ Ῥωμαίας | [20] [γεγενημέ]νοι, σὺ αὐτοὺς καὶ θ[έ]λει[ς] ἐξ ἐπι|[κρίσεως νομί]μους(*) καταλείπειν, νόμιμον | δὲ πατέρα αὐτῶν ποιεῖν οὐ δύνομα[ι](*). |

претходно запишаниот Пселхис во зимските простории на кохортата претходно запишана, за време на истиот конзулат на Нигер ..... во местото Пселхис во погоре спомнатите зимски простории на кохортата во 22 година од владеењето на императорот кајсар Трајан Хадријан Август изјавува дека има син кој се вика Нумисиј и и дека ова е посведочено во согласност со *Законот на Аелиј-Сентиј* и *Законот на Папиј-Попај*, кои беа донесени за раѓање деца и дека не можел да го запише поради ....“[92]

Овој војник е Јунијан, т.е. нема римско граѓанство зашто бил роб ослободен пред 30-тата година од животот. Неговото дете што го запишува нема римско име, а освен тоа го наведува Законот на Аелиј-Сентиј, со кој на Јунијаните им се дозволува граѓанство со услов, како што беше кажано погоре, а тоа е да се оженат со или со Римјанка, или со Латинка, или со жена која има ист статус како него, но да им се роди машко дете кое трба да се пријави во надлежните служби со сведоци. Тоа го прави овој војник чие име не е зачувано, но доцни со пријавувањето, кое треба да го направи кога дететео е една година, бидејќи бил зафатен поради службата. Не се знае како завршува оваа приказна.

Оваа ситуација со децата на војниците, а не и со миразот на нивните жени што ги земале во текот на службата, се коригира во извесен степен во времето на Хадријан, така што природните деца на војниците, добиваат статус когнати и добиваат право да наследуваат од нивните татковци како когнати според третиот наследен ред. Хадријан им дава право на бонитарна сопственост на наследниците (bonorum possessio intestati (ab intestato) = διακατοχὴ ὑπαρχόντων), односно право да го имаат во владение имотот на починатиот. Ова е еден чекор напред кон стекнување сопственост со одршка. Во прилог е превод на допустот на Хадријан.

[92] [Camerino et] Nigro cos |
[loco Pselchi a]d hib(erna) coh(ortis) s(upra)· s(criptae) | [anno xxii][I]mp(eratoris) Caesaris Traiani | [Hadriani A]ug(usti) et vocari eum Nuṃis-| [5] [sium at]que se testari ex lege
[A(elia)]· S(entia)·| [et Papia] poppaeae quae de| filis | [procreandi]ṣ latae sunt nec potuisse ṣe | [10] [profiteri propt]er distrinctionem militiae | [actum in] ṣ(upra) s(cripta) Pselchi ad hib(erna) coh(ortis) s(upra) s(criptae) | [-ca.?-]ṣ isdem cos | et Nigro cos loco Pselchi ad hib(erna) coh(ortis) s(upra) s(criptae) | anno xxii Imp(eratoris) Caesaris Traiani | Hadriani Aug(usti) et vocari eum Nuṇṇissiụm | ạtqụe se testari ex lege A(elia) S(entia) | [5] et Ṗapiae poppaeae quae de filis procre-
aṇdis latạe sunt nec potuisse se profiteri
[pro]ṗtẹṛ [di]ṣ[-ca.?-]

Допустот на Хадријан

(*BGU* I. 140)

119 (?) г. н.е.

„Препис од писмо на господарот, преведено колку што е можно, во третата година од владеењето на Трајан Хадријан Август за време на конзулатот на Публиј Ајлиј по трет пат, и на Рустик, во Александрија во зимскиот камп на третата легија Киренајка и дваесет и втората легија Деиотеријана, на четврти Август, што е 11 во месецот месора, во главниот штаб.

Драг Рамиј, знам дека оние лица кои нивните родители за време на војничката служба ги признале, се спречени од приход од татковиот имот и оваа мерка се чини дека не беше строга зашто нивните дејствувања беа во спротивност со војничката обука. Но јас самиот со задоволство нудам можности со кои ќе го толкувам на почовечки начин прилично строгото правило востановено од императорите пред мене.[93] Иако на тој начин не се законски наследници на своите татковци што за време на воената служба ги признале, сепак, одлучувам да имаат право да го поседуваат имотот (bonorum possessio) од оној дел од едиктот, во кој се дава право на роднини по раѓање. Овој мој допуст ти треба да го направиш добро познат и на војниците и на ветераните, но не за да се покажам одличен пред нив, туку за да го искористат овој подарок, доколку не им е познат.“[94]

Ова се наследни права што ги давал преторот, значи не се дел од граѓанското право, а во Египет префектот (хегемонот), на лица кои припаѓаат на еден од четирите наследни редови: liberi, legitimi, cognati, vir et uxor, по истиот редослед, на нивно барање – *agnitio*.

---

[93] Не дефинира кога е дадено ова правило, но дефинитивно не е востановено во времето на Октавијан Август.

[94] ἀν[τί]γρα(φον) ἐπιστ[ολ(ῆς) τοῦ κυρίου με]θηρμ[ην]ευ|μένης [κατὰ τὸ δυνατ]ὸν | [ἥ γ]ε Τραι[α]νο[ῦ Ἀδριανοῦ Σεβαστο]ῦ <τὸ γ> | [Που]πλίου Δ[ασσουμίου] [Ῥου]στικοῦ | [5] [ὑπά]τοις προε[τέθη ἐν Ἀλεξ(ανδρείᾳ) ἐν τ]ῇ παρεμβολ(ῇ) | τῇ[ς] χειμασία[ς λεγιῶνο(ς) τρίτης] Κυ[ρ]ηναικῆς | κ[αὶ] λεγιῶνο(ς) [β] κ[αὶ εἰκο]στ[ῆ]ς Δηιοτεριανῆς | πρίδιε νό[ν]ας Ἀουγο[ύσ]τας, ὅ ἐστιν Μεσορὴ | ια ἐν πρινκε[π]ίοι[ς]. | [10] ἐπί[σ]ταμαι, Ῥάμμιέ μου, τ[ο]ύτους, ο[ὓ]ς οἱ | γονεῖς αὐτῶν τῷ τῆς στρατείας ἀνεί|λα[ν]το χρόνῳ, τὴν πρὸς τὰ πατρικὰ | [ὑπάρ]χοντα πρόσοδον κεκωλῦσθαι, | κ[αὶ τ]οῦτο οὐκ ἐδόκει σκληρὸν ε[ἶ]ναι | [15] [τὸ ἐν]αντίον αὐτῶν τῆς στρατιω[τι]κῆ[ς] | [διδα]χῆς πεποιηκότων. ἥδιστα δὲ | αὐτὸς προείεναι τὰς ἀφορμὰς δι’ ὧν | τὸ αὐστηρότερον ὑπὸ τῶν πρὸ ἐμοῦ | Αὐτοκρατόρων σταθὲν φιλανθρωπό-| [20] τερ[ο]ν ἑρμηνεύω. ὅνπερ τοιγαροῦν | τ[ρόπ]ον οὔκ εἰσιν νόμιμοι κληρο|[νόμ]οι τῶν ἑαυτῶν πατέρων οἱ τῷ [τ]ῆς στρατε[ί]ας χρόνῳ ἀναλ[η]μφθέν|τες, ὅμως κατ[ο]χὴ[ν] ὑ[πα]ρχόντων | [25] ἐξ ἐκείνου τοῦ μέ[ρ]ους τοῦ διατάγμα|τος, οὗ καὶ τοῖς πρὸς [γ]ένους συνγενέσι | δίδοται, αἰτεῖσθαι δύνασθαι καὶ αὐτοὺς | κρε[ίν]ω . ταύτην μου τὴν δωρεὰν | καὶ τοῖς στρατιώταις ἐμοῦ καὶ τοῖς οὐε-| [30] τρανοῖς εὔγνωστόν σε ποιῆσαι δεή|σει, οὐχ ἕνεκα τοῦ δοκεῖν με αὐτοῖς | ἐνλογεῖν, ἀλλὰ ἵνα τούτῳ χρῶνται, | ἐὰν ἀγνοῶσι. |

Хадријан, пак, во својот допуст ги смета децата на војниците за когнати, така што имаат право да наследуваат како трет наследен ред. Лицата што се рангираат пониско на оваа листа можеле да станат наследници само ако нема наследници рангирани погоре, или tie [to se rangirani pogore се отфрлени од наследството поради законски причини. Прв наследен ред се законските деца (liberi) на оставителот (вклучувајќи ги еманципираните деца-sui iuris и посвоените деца); втор наследен ред се оние што се legitimi, т.е. тие лица што можеле да наследуваат во согласност со Законот на дванаесет таблици (proximi agnati, gentiles)[95], т.е. тие што се наследници heredes според граѓанското право (heredes legitimi); трет наследен ред се крвните роднини до шесто колено (proximi cognati), пред сè оние што се исклучени од наследството според граѓанското право; (4) четвртиот наследен ред се vir et uxor - мажот или жената, т.е. преживеаниот брачен другар.

Сепак, војникот и да бил разршен со почести и да стекнал римско граѓанство, доколку се оженил со Египќанка, таа немала право да стекне римско граѓанство (*Gn.* 53) и тоа се смета за узурпација на статус доколку се претставува како Римјанка. Сопругите кои припаѓале на другите категории го добивале римското граѓанство како награда на сопругот. Исто така, и ќерката на војникот која се стекнала со римско граѓанство, не може да наследи од својата мајка, доколку таа е Египќанка (*Gn.* 54).

Во 144 година н. е. составен е еден документ (*BGU* III 729) во Александрија, во кој еден римски војник, кој служел во римска легија, склучува брак за време на службата. И војникот и жената што стапува со него во брак имаат гентилно име, така што е несомнено дека се со статус Римјани. Во првиот документ жената приложува депозит, што станува сомнително имајќи ги предвид другите документи каде под името депозит жената носи мираз во бракот, бидејќи тој брак е склучен за време на службата. Но следната година во документот *P. Lond.* II 178 бракот се разведува и војникот треба да го врати миразот како да е склучен бракот lege artis. Овде се доведува во прашање забраната за брак за време на служба, односно дали таа сè уште важела во средината на вториот век, кога веќе жената си го бара миразот под наслов мираз. Но тој заклучок не може да се направи со сигурност, бидејќи освен овој папирус, нема други документи што ќе го потврдат сомневањето.

[95] Во Законот на дванаесет таблички (V, 4 и V, 5), кога агнатското семејство сè уште има големо значење, имотот без завештание оди на „своите наследници“(sui heredes), т.е. оние што по смртта на таткото на семејството стануваат еманципирани, а доколку нема свои наследници, имотот оди на најблиските агнати (proximi agnati); во третиот наследен ред се гентилите, членовите на истиот генс (род). Во времето кога е составен Законикот, ова правило е изменето, како што е наведнео во текстот горе.

„До Дионисиј, син на Дејос, поранешниот стратег во градот, неокорос на великиот Сарапис, архидикаст на оние свештеници кои добиваат прехрана во Музејот, како и надзорник на хрематистите и други што се изземени од данокот, од Петронија Сарапијада со нејзиниот брат Гај Петроний Маркел како застапник и од Гај Јулиј Аполинариј, војник од првата кохорта, Апаменејска, од кентуријата на Јулијан.

Гај Јулиј Аполинариј изјавува заеднички дека зел од Петронија Сарапијада како остава женска облека со вредност од три илјади сребрени драхми и златни украси со вредност од 32 четвртини, дека дава гаранција дека тој ќе ги чува и ќе ѝ ги врати кога таа ќе ги побара веднаш, во согласност со законот за остава. Петронија Сарапијада има право на егзекуција за сиот имот на Гај Јулиј Аполинариј, како да бил случајот веќе на судење. Во осмата година од Кајсар Титиј Аелиј Хадријан Антонин Август Пиј, на шести фаофи.[96]

Следната година, 145, Петронија си го бара миразот, повторно во придружба на својот брат, бидејќи не е еманципирана, а ниту е писмена:

„Петронија Сарапијада со нејзиниот брат Гај Петроний Маркел како застапник гопоздравува Гај Јулиј Аполинар, војник од првата кохорта „Апаменајска“, во кентуријата на Јулијан.

Потврдувам дека сум примила од тебе четиристотини драхми сребро според јавните стандарди, кои ти ги донесов како мираз, задржувајќи го правото на преостанатите шестотини драхми. Документот е запишан двојно, без додатоци и одложувања и нека биде правосилен, зашто е депониран во јавниот регистар. Во осмата година од императуст Порот Кајсар Тит Аелиј Хадријан Антонин Август Пиј, фармути 10. Јас, Петронија Сарапаијада, во придужба на мојот брат Гај Петроний Маркел како застапник, си ги враќам назад четиристотините драхми

[96] Διονυσίῳ Δε[ί]ου γενομένου στρατηγοῦ τῆς πόλεως │ υἱῷ, νεωκόρῳ τοῦ μεγάλου Σαράπιδος, τῶν ἐν τῷ Μουσείῳ │ σειτουμένων(*) ἀτελῶν ἱερεῖ ἀρχιδικαστῇ καὶ πρὸς τῇ ἐπι- │ μελείᾳ τῶν χρηματιστῶν καὶ τῶν ἄλλων κριτηρίων 5 παρὰ Πετρωνί[α]ς Σαραπιάδος μ[ετὰ κ]υρίου τοῦ ἀδελ- │ φοῦ Γαίου Πετρων[ίο]υ Μαρκέλλου καὶ παρὰ Γαίου Ἰου- │ λίου Ἀπολιναρίου στρατιώτου σπείρης πρώτης Ἀπα- │ μηνῶν ἑκα[τοντα]ρχίας Ἰουλια[ν]οῦ. συνχωρεῖ — │ ὁ Γάιος Ἰούλιος Ἀ[πολι]νάριο[ς εἰληφέ]ναι παρὰ τῆς │ 10 Πετρωνίας Σαρα[πιά]δος παραθήκην ἀκίνδυν[ο]ν │ παντὸς κινδύν[ο]υ ἱμάτια γυν[αι]κεῖα συντετειμη- │ μένα(*) ἀργυρίου δραχμῶν τριακοσίων καὶ χρυσᾶ κοσ- │ μάρια ἐν εἴδεσι ἐπὶ τὸ αὐτὸ τετάρτων τριάκοντα │ δύο ἅπερ φυλάξει παρ᾽ ἑαυτῷ καὶ ἀποκαταστήσει — │ 15αὐτῇ ὁπότε ἐὰν ἀπαιτῆται ἀνυπερθέτως ἢ ἐκτεί- │ σει κατὰ τὸν τῶν παραθηκῶν νόμον, γεινομέ- │ νης τῇ Πετρωνίᾳ Σαραπιάδι τῆς πράξεως ἐκ τῶν │ τοῦ Γαίου Ἰουλίου Ἀπολιναρίου ὑπαρχόντων πάν- │ των καθάπ[ε]ρ ἐγ(*) δίκης. ἀξιο(ῦμεν(?))(*). ἔτους ὀγδόου Αὐτοκράτορο(ς) │ 20Καίσαρος Τίτου Αἰλίου Ἀδριανοῦ [Ἀντ]ωνίνου Σεβαστοῦ │ Εὐσεβοῦς Φαῶφι [ς]
(hand 2) . . . . [. .]. . .

> дадени како мираз, задржувајќи го правото на шестотитините драхми како што е кажано погоре. Јас, Гај Петронај Маркел сум назначен како застапник-кириос на сестра ми, и се потпишав место неа, зашто таа е неписмена.“[97]

На прв поглед се чини дека се менува насловот на имотот што го дава Петронија. Имено, како што видовме во погорниот пример, било забрането миразот да се прикажува како депозит, зашто во тој случај државата ќе го конфискува. Но, овде е поинаку, затоа што депозитот кој е приложен во првиот документ има поинаква вредност од миразот што Петронија го добива назад и во овој документ го потвдрува тоа. Веројатно, во текот на бракот таа му дала и мираз на војникот, документ кој не е зачуван. Но признавањето на миразот е веројатен показател за губење на оваа практика, а имено да се забранува ius conubii на римските војници во текот на службата.

[97] [Π]ετρ[ων]ία Σαραπιὰς μ[ε]τὰ κυρίου τοῦ ἀδελφοῦ Γαΐ(*)ου Πετρωνίου Μαρκέλλου [Ἰ]ουλίῳ Ἀπολιναρίῳ στρατιώτῃ χώρ[της] πρώτης Ἀπαμηνῶ(ν) ἑκατονταρχίας 5Ἰουλιανοῦ χαίριν(*) ὁμολογῶ ἀπεσχηκέναι παρὰ [σοῦ] ἀφ᾽ ὧν προσ[ή-]νεγκά σοι ἐν προοικὶ(*) δραχμῶν χειλί[ων](*) διὰ δημοσίου χρηματισμοῦ ἀργυρίου δραχμὰς τετρακοσίας διὰ χειρὸς μὴ 10ἐλαττουμένης μου περὶ τῶν λοιπ[ῶν] ἀργυρίου δραχμῶν ἑξακοσίων τὸ δὲ χειρόγραφον τοῦτο δισσὸν γραφὲν καθαρὸν ἀπὸ ἐπιγραφῆς καὶ ἀλι- φάδος(*) κύριον ἔστω ὡς ἐν δημο-15σίῳ κατακεχωρισμένον ἔτους ὀγδόου Αὐτοκράτορος Καίσαρος Τίτου Αἰλίου Ἀδριανοῦ Ἀντωνίνου Σεβαστοῦ Εὐσεβοῦς Φαρμοῦθι ι (hand 2) Πετρωνία Σεραπιὰς μετὰ κυρίου τοῦ ἀδ[ελ-] 20φοῦ Γαίου Πετρωνίου Μ[α]ρκ[έ]λλου ἀπέ[χω] τὰς τοῦ ἀργυρίου δραχμὰς τετρα[κο-]σίας εἰς τὸν λόγον τῆς προοικο(*) μου μὴ ἐλατουμενη(*) περὶ τῶν δραχμῶν ἑξακοσίων ὡς πρόκειται 25Γάιος Πετρῶνις Μάρκελλος ἐπικέγρα[μ-]μαι(*) κύριος τῆς ἀδελφῆς μου καὶ ἔγρ[α-] ψα ὑπὲρ αὐτῆς ἀγραμματω(*) οὐης(*)

6. ЗАКЛУЧОК

Во Уводот на овој труд е најавено дека истражувањето ќе започне од следниве претпоставки: *ius civile,* (односно римското право кое се однесува на римските граѓани и е создадено преку законите и преторското право) како и *ius gentium* (правото што се однесува на жителите во империјата кои немаат статус на римски граѓани), добиваат преобликување во римската провинција Египет. Тие веќе не претставуваат хомоген корпус од правила, кои имаат сила во сите провинции. Овие базични претпоставки потоа во трудот се истражуваат преку конкретни документи, со цел да се објасни процесот „провинцијализација“ на правото. Истражувањето се темели пред сè на *Законикот на „Посебната сметка“*, кој претставува законски прирачник составен за потребите на одредена служба во провинцијата Египет. Но, римското право во овој законик не се разгледува во целост, туку она што е доминантно во него, а тоа е Августовата политика за промоција на брак и раѓање деца, кои доживува промени, повторно поради различниот состав на населението, односно доживува провинцијализација. Овие правила од *Законикот* се споредуваат со документите од пракса, правните папируси, но и со правната теорија, пред сè со делата на правникот Гај и делови од корпусот на Јустинијан што се однесуваат на овој значаен период од римската империја, а имено принкипатот. Истражувањето беше поделено на четири дела: во првото беше претставен *Законикот* и службата за која бил издаден, за да се добие комплетна слика за она што следува понатаму во истражувањето. Таква служба – Посебна сметка, во останатите провинции на империјата нема. Но, од служба која се занимава само со конфискуваниот имот, негово продавање, оданочување и сл., „Посебната сметка“ во римскиот период добива многу повеќе ингеренции и компетенции и се здобива со судска и извршна власт за сите прашања што доведуваат до конфискување на имотот на граѓаните, па дури и повеќе од тоа. Оттука излегла потребата да се состави законски прирачник, кој ќе им помогне на службениците полесно да ја извршуваат својата работа.

Она што е особено важно за испитување на процесот на провинцијализација се законите со кои се регулира правото на наследување, стекнување статус со склучување брак и регулирање на миразот. За сите тие прашања во *Законикот* се применети римски закони донесени или во времето на Август или пред неговото законодавство, со

исклучок на оние што се однесуваат на војникот. Римското право го дефинира бракот како моногамна и егзогамна заедница, во која брачните партнери имаат право да склучат правосилен брак. Тоа е правилото што се применува и во *Законикот*, но не за сите категории жители во Египет. Населението во римски Египет има поинаков состав од останатите провинции, односно немаме само Римјани и перегрини, туку: Римјани, граѓани-асти (хеленизирано население што живее во метрополите) и Египќани. Привилегираните категории се Римјаните и граѓаните-асти за кои важат поинакви закони во споредба со Египќаните, кои во ниедно правило од *Законикот* не се поттикнуваат на создавање потомство, ниту се принудуваат да ги почитуваат римските закони што се однесуваат на семејството и на потомството, а ниту пак е навестено во некое правило дека имаат можност за добивање граѓанство.

Создавањето римски граѓани всушност е цел на Августовото законодавство, која се гледа и во *Законикот на „Посебната сметка“*. Тоа е во согласност со Августовата социјална политика, во која нагласокот е на поттикнување законски бракови, во кои се раѓаат законски деца, што ќе го наследат имотот и статусот на својот татко, но и ќе ги преземат татковите пенати, т.е. ќе ја продолжат лозата. Оттука се дадени низа закони кои ја потврдуваат главната идеја, а меѓу другото, најконтроверзен во оваа смисла е *Законот на Јулиј за прељубите*, со кој прељубата станува кривично дело, најмногу заради можноста да се внесе туѓо дете во бракот. Но тој закон не е наведен во *Законикот,* бидејќи е веројатно, како и низа други закони, дека се однесува само на жителите на Рим и Италија. Римските граѓани во Египет се исклучени од некои закони што произлегуваат од *ius civile*. Ова е само еден показател колку е разнолик поимот граѓанство во Римската империја и колку многу зависи од местото на живеење. Она на што е посветено внимание при истражување на провинцијализацијата е правната култура во еден временски и просторно ограничен период: првите два века од новата ера во Египет. Сама по себе оваа провинција подразбира мултикултура, а тоа е потврдено во обемната документација, бидејќи станува збор за етнички различно население, уште пред да се појави Римјанинот во сликата. Ова разновидно население се здобива со различни граѓански статуси, кои честопати не кореспондираат со етничката десигнација. Но, видовме дека и Римјанинот во Египет не е исто толку Римјанин како оној во привилегираната Италија.

Задачата на *Законикот на „Посебната сметка“* не е промовирање семејни вредности, бидејќи воооопшто не е произлегува од таа идеја. Законикот ги дава во скратен

облик правилата за „Посебната сметка“, т.е. во кои случаи царската ризница им го конфискува имотот на граѓаните. Во *Законикот* гледаме како законите за семејството и бракот, законите за наследување во рамките на семејството, се искористени за една служба, чија главна задача пред сè е да се грижи за имотот без титулар, но и за конфискуваниот имот на граѓаните. Ниеден од законите што се преземени во *Законикот* не е експлицитно наведен во правилата, но тие се препознаваат по содржината, а во ова истражување наведено е детално кои делови од тие закони се искористени за *Законикот*. На пример, *Lex Iulia et Papia Poppaea* се покажува као многу згоден за *Законикот,* бидејќи овој комбиниран закон содржи делови што се *leges minus quam perfectae*, каде што казните се материјални: конфискација на имотот. Во основа речиси секое правило во *Законикот* предвидува таква казна, така што според таа основа се вклучувани законите. Во својата интегрална форма, сите овие закони кои се наведени во истражувањето како основа на Законикот, содржат многу повеќе провизии и комбинирани казни, како и награди за тие што ги почитуваат законите. Се разбира, оној дел што предвидува награда е изоставен во *Законикот*, бидејќи не е во прилог на службата „Посебна сметка“.

Целта на овие правила се богатите граѓани: Римјаните и граѓаните-асти, како и оние што имаат проспекти да станат Римјани: робовите кои немаат египетско потекло. Не станува збор за Римјани кои се доселени од Рим и Италија, ниту за припадници на сенаторскиот ред, кој впрочем е највисокиот, туку за припадници на декурионите, кои биле најимотните членови на муниципалниот совет, како и воените ветерани. Имено, законите во *Законикот* ги опфаќаат главно тие две класи граѓани: декурионите и војниците (или ветераните), кои се натурализирани Римјани или припадници на хеленизираното население-асти. Египќаните не се засегнати во иста смисла од овие закони, како погорните слоеви. Законите всушност ги принудуваат богатите граѓани да стапуваат во брак во периодот кога се плодни мажот и жената, бидејќи според римската дефиниција целта на бракот е токму тоа: создавање потомство. Затоа е особено важен *Законот на Јулиј и Папиј-Попај*, со кој се регулираат овие односи. Овој закон ги казнува бездетните и неженете/немажените со конфискување на наследството, со принудување да плаќаат извесен данок, со неможност да си го земат миразот и слични материјални казни, зашто тие не произведуваат потомство кое ќе го наследи нивниот ред и нивните обврски во тоа општество. Но, *Законикот* не принудува каков било брак, туку оној што е меѓу рамни, односно меѓу припадници од истиот општествен ред. Ако се склучат

мешани бракови, тогаш бракот се прогласува за незаконски, а сопружниците и децата се подложни на казни, кои може да бидат материјални, губење на статус, лишување од привилегиите што се предвидени со тие закони. Ако стапат во брак со некој од истиот општествен ред, создаваат законски деца, кои ќе го наследат татковиот имот, татковиот статус, односно ќе го продолжат семејното име. Сепак, имало многу награди за мажите и жените кои ја почитувале оваа принудна политика, така што процесот бил поднослив и достоен. Измените наметнати за Грците и Египќаните биле направени за да ги задржат во нивните општествени редови. Во ниедно правило *Законот на Јулиј и Папиј-Попај* не е насочен кон најдолните редови на ова општество, а во однос на граѓаните-асти се направени нови правила што произлегуваат од овој закон.

Еден од тие закони кои претрпува модификација во провинцијата е *Законот на Миникиј*, кој пропишува дека дете родено од родители со различен статус го добива понискиот статус што е спротивно на *ius gentium* според кој детето го добива статусот на мајката. Тој закон се однесува на некој начин на промовирање законски брак, во кој родителите ќе бидат од истиот општествен ред, а казните што следуваат за непочитување се главно материјални, со конфискување на имотот. Целта на овој закон е да се промовира прокреација на деца во рамките на редот. Така се контролирал и бројот на населението што плаќа данок tributum capitis, што било особено лукративно за фискот. Од тие причини овој *Закон на Миникиј* бил важен за *Законикот на „Посебната сметка“*. Но, во Египет, според правилата во *Законикот* 45—54, *Законот на Миникиј* се провинцијализира. Затоа што се приклучени правила кои се однесуваат и на граѓаните-асти, зашто и тие припаѓаат во привилегираното население што не плаќа непосреден данок, на кои им се забранува мешање со пониските редови, а имено Египќаните. Исклучоци се дозволени само во случај на незнаење, но се знае дали во тие случаи се очекува да се раскине бракот, бидејќи партнерот кој е со понизок статус очигледно знаел дека има понизок статус. Оној што не знае е партнерот со повисок статус и всушност нему му се простува грешката. Провинцијализацијата е очигледна и во Законот на Аелиј-Сентиј, кој пред сè се однесува на законското ослободување робови. Ако робовите се ослободени пред 30-тата година од животот или господарот што ослободува има помалку од 20 години, робот не го добива статусот на својот господар, не станува римски граѓанин, туку Латин Јунијан. Сепак, има право да стане граѓанин ако се ожени (не со Египќанка) и ако добие син. Од ваквото ослободување со привилегии се исклучени Египќаните. Ним всушност не им е дозволено ниту да одат во Рим за да не бидат

ослободени таму, бидејќи по автоматизам ќе станат Римјани. Всушност, законите си добиваат верзии, за да се прилагодат за различните категории граѓани.

Правните папируси, пак, демонстрираат како се практикувале овие правила од *Законикот*, иако тој воопшто не е споменат. Сè на сè, Египќаните биле исклучени од оваа промоција на Августовото законодавство, бидејќи тие биле најнискиот ред во ова мешано општество. Тие се казнуваат, според *Законикот*, претежно заради земање лажен идентитет, т.е. кога се прикажувале себеси или своите роднини како Римјани, но не и заради тоа што се бездетни или невенчани, или зашто влегле во брак со некој со повисок статус, како што се казнуваат Римјаните и граѓаните-асти.

Што се однесува до војниците, правилата за нив зафаќаат голем дел од *Законикот*. Тие се, исто така, дел од ова истражување, кое се однесува на промоција на семејните вредности бидејќи речиси сите правила за војникот во *Законикот* се однесуваат на неговиот брачен и воопшто семеен статус, на правилата за составување наследство и наследување, што исто така тесно е поврзано со семејството.

Се чини дека најмногу привилеги од воената служба добиваат астите, бидејќи тие можат во текот на службата или по отпуштањето со почести да стекнат римско граѓанство. Со тоа и нивната жена и нивните деца стекнуваат статус на Римјани. Така семејството на војникот станува дел од привилегираната класа заедно со декурионите. Војниците кои биле Римјани уште кога се пријавиле во служба, кои се помалубројни, добиваат забрана да склучуваат законски брак за време на воената служба, но имаат привилегија да составуваат какво сакаат завештание за време на службата. Фактички тие склучувале бракови во кои им се раѓале деца. Што се случува со децата од ваков брак, на тоа прашање теоретски одговара *Законикот*, но практично ни даваат одговори папирусите во кои се решаваат статусни спорови за деца родени во ваква ситуација. Зошто им било забрането на овие војници да склучуваат брак додека се во служба? Војниците чија служба подразбира патување на различни локации во империјата, често се женеле со перегринки – домицилно население каде што биле стационирани, така што без контрола ги натурализирале тие мештанки. Оваа забрана е начин да се спречи тоа натурализирање. За астите, од друга страна, тое е неважно, бидејќи тие секако имале жени перегрини – за нив добрата служба се наградува со граѓанство и тие понатаму ќе бидат послушен апарат на императорот. Но и тоа се работи кои значително се менуваат, во зависност од императорот. Во времето на Клавдиј, кога се потврдени најраните воени

дипломи, ветераните имале право на брак со перегринки, ограничени на една идна невеста или de facto сопруга. Царското законодавство исто така развило либерална политика за доделување државјанство ретроспективно на децата ветерани кои биле родени за време на воената служба. За време на Хадријан, императорот им дозволил на децата на војниците да наследуваат од нивните татковци како когнати според римскиот закон, односно според третиот законски ред. Како и да е, сопругите на ветераните во допустот на Хадријан не добиаат римско државјанство, ако претходно го немале. Следствено, провинциското семејство на ветеранот никогаш не било вистинско римско семејство, целосно интегрирано во правниот поредок на римското општество, затоа што неговата судбина е неизвесна и зависи во голема мера од дискреционото право на судијата во статусните спорови или од волјата на императорот за наградување.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. **Извори и помагала**:

Beekes. R. S. P. (2010), *Etymological Dictionary of Greek*, vols. 1-2, Brill, Leiden, Boston.

Chantraine, Pierre. (1968-1980), *Dictionnaire étimologique de la langue grecque*. I-IV$_2$. Les Éditions Klincksieck: Paris.

Coleman-Norton. P. R. (1952), (trans.), *The Twelve Tables*, Princeton University, Department of Classics.

Corpus iuris civilis, volumen tertium. (1959), *Novellae Iustiniani*, recognovit, Rudolfus Schoel, Berolini, MCMLIX.

Corpus iuris civilis, volumen secundum. (1906), *Codex Iustinianus*, Paulus Kruger, Berolini, MCMVI.

Corpus iuris civilis, volumen primum. (1928), *Institutiones*, Paulus Kruger, Berolini, MCMXXVIII.

Crawford, M.H. (ed.) (1996), *Roman statutes*, vols. I-II, Institute of Classical Studies, School of Advanced Studies, University of London.

Der Gnomon des Idios logos, (1919), Ägyptische Urkunden aus den Staatlichen Museen zu Berlined. Griechische Urkunden V. Band. 1. Heft. Bearbeitet von Emil Seckel und Wilhelm Schubart. Berlin: Weidmannsche buchhandlung.

Dio Cassius. (1548), *Dionis Romanarum historiarum libri XXIII, à XXXVI ad LVIII vsque* (The Roman History), Greek text edited by Robert Estienne, Paris.

Dionysius of Halicarnassus. (1885), *Dionysii Halicarnasei Antiquitatum Romanarum quae supersunt*, Vol I-IV. Karl Jacoby. In Aedibus B.G. Teubneri. Leipzig.

Glare. P. G. W. (ed.) (1968), *Oxford Latin Dictionary*, Oxford University Press.

Gordon, W. M., O.F. Robinson. (1988), *The Institutes of Gaius*, Duckworth, London.

Justinian. (1865), *The Institutes of Justinian*, English translation, introduction and notes, Thomas Collett Sandars, Londman Green, London.

Legis Duodecim Tabularum Reliquiae. (1866), edidit, constituit prolegomena addidit Rudolphus Schoell, Lipsiae.

Liddel. H.G. R. Scott. (eds.) (1996), *A Greek–English Lexicon*, Clarendon Press, London.

Mosaicarum et Romanarum Legum Collatio. (1913), with introduction, facsimile and transcription of the Berlin codex, translation, notes ad appendices by Rev. H. Hyamsom, Oxford University Press.

Пановски, Стефан (прев.) (2007), „Делата на Божествениот Август“, *Историја,* година XLIII, Скопје, бр.1-2, стр. 87-115.

Remains of Old Latin III: Lucilius, The Twelve Tables. (1938), edited and translated by E.H. Warmington, Willian Heinemann ltd, Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press, London.

Select Papyri in Five Volumes: Non-literary papyri. Public documents. Volume 2. With an English translation by A. S. Hunt First printed 1934, reprinted 1956, 1963.

Софрониевски, Валериј. (2001), *Латинско – македонски речник*, БИГОСС, Скопје.

Suetonius (1908), C. *Suetonius Tranquillus. De Vita Caesarum* (C. Suetoni Tranquilli Opera. Vol. 1, ed. M. Ihm, 1908).

Theodosiani libri XVI cum constitutionibus sirmonlianis et leges novellae ad Theodosianum pertinentes. Ed. Th. Mommsen et P. Meyer. Berolini, 1905. Vol. I-II.

Vaan. M. de. (2008), *Etymological Dictionary of Latin and the other Italic Languages*. Brill, Leiden, Boston.

2. Консултирана литература:

Bauman. Richard A. (1996), *Crime and Punishment in Ancient Rome*, Routledge.

Bagnall, R. S. (1993), "Egypt and the Lex Minicia", *The Journal of Juristic Papyrology*, vol. XXIII, 25-28.

Bagnall, R. S. (1995), *Reading Papyri, Writing Ancient History*, Routledge, London and New York.

Bagnall NALL, R. S. (2011), *The Oxford Handbook of Papyrology*, Oxford University Press, USA.

Bryen, Ari Z. (2013), *Violence in Roman Egypt: A Study in Legal Interpretation*, University of Pennsylvania Press.

Campbell, Brian. (1978), “The Marriage of Soldiers under the Empire”, *The Journal of Roman Studies*, Vol. 68 (1978), pp. 153-166.

Cherry, David. (1990), “The Minician Law: Marriage and the Roman Citizenship”, *Phoenix*, Vol. 44, No. 3 (Autumn, 1990), pp. 244-266.

Czajkowski, Kimberley. (2017), *Localized Law: The Babatha and Salome Komaise Archives*, Oxford University Press.

Dolganov, Anna. (2020[1]), "Imperialism and Social Engineering: Augustan Social Legislation in the Gnomon of the Idios Logos" in Kruse, T. (ed) *Studien zum "Gnomon des Idios-Logos" und seinem Umfeld*, Wien.

Dolganov, Anna. (2020[2]), "A New Date for the Oxyrhynchite Epitome of the Gnomon of the Idios Logos (P. Oxy. XLII 3014)", *Chiron*.

Frier, Bruce W. Thomas A.J. McGinn. (2004), *A Casebook on Roman Family Law*, Oxford University Press.

Grubbs, Judith Evans. (2002), *Women an d Law in the Roman Empire: A sourcebook on Marriage, Divorce and Widowhood*, Routlegde, London and New York.

Камбовски, Владо. (2010), *Филозофија на правото.* МАНУ, Скопје.

Машкин. Н.А. (1996), *Историја на Стариот Рим,* Зумпрес, Скопје.

McGinn, Thomas A. J. (2007), "The Lex Iulia et Papia" in *Prostitution, Sexuality, and the Law in Ancient Rome,* Published to Oxford Scholarship Online.

Mellor, Ronald. (1978/1979), "A New Roman Military Diploma", The J. Paul Getty Museum Journal, Vol. 6/7 (1978/1979), pp. 173-184.

Mousourakis, George. (2015), *Roman Law and the Origins of the Civil Law Tradition*, Springer International Publishing Switzerland.

Nowak, Maria. (2015), "Ways of Describing Illegitimate Children vs. Their Legal Situation" in *Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik*, Bd. 193 (2015), pp. 207-218.

Pestman, P.W. (1994), *The New Papyrological Primer*, second edition, revised. E.J. Brill.

Piwowarczyk, Dariusz R. (2012), "A Note on Greek ὀμείχω 'to urinate' and μοιχός 'adulterer', *Studia Etymologica Cracoviensia*, vol. 17, Kraków, pp. 123-125.

Plutarch. (1914), *Plutarch's Lives*. with an English Translation by. Bernadotte Perrin. Cambridge, MA. Harvard University Press. London. William Heinemann Ltd.

Rathbone, Dominic. (1993), Egypt, Augustus and Roman taxation. In: *Cahiers du Centre Gustave Glotz*, 4, 1993. pp. 81-112.

Rawson, Elizabeth. (1987), "Discrimina Ordinum: The Lex Julia Theatralis" in P*apers of the British School at Rome,* vol. 55 (1987), pp. 83-114.

Rowlandson, Jane (2013), "Dissing the Egyptians: Legal, Ethnic, and Cultural Identities in Roman Egypt", in *Bulletin of the Institute of Classical Studies*, Supplement , No. 120, *CREATING ETHNICITIES & IDENTITIES IN THE ROMAN WORLD* (2013), pp. 213-247.

Саракински, Војислав, Стефан Пановски. (2019), *Антички државни системи*, Филозофски факулет, Скопје.

Sherk. R. K. (1969), *Roman documents from the Greek East, Senatus Consulta and Epistulae to the Age of Augustus*, The John Hopkins Press, Baltimore.

Shultz. Fritz. 1936. *Priciples of Roman Law.* Oxford at Clarendon Press.

Светониј. (2001), *Гај Светониј Транквил – Дванаесетте римски цареви,* Превод од латински јазик и белешки Весна Димовска-Јањатова, Војислав Саракински, предговор Весна Димовска-Јањатова, Култура, Скопје.

Swarney, Paul R. (1970), *The Ptolemaic and Roman idios logos*, American studies in papyrology, v. 8. A. M. Hakkert, Toronto.

Thoma, Marianna. (2016), "Women's Role in Domestic Economy of Roman Egypt" in *The Material Sides of Marriage: Women and Domestic Economies in Antiquity*, edited by Ria Berg, ACTA INSTITUTI ROMANI FINLANDIAE Vol. 43, 145-151.

Тошева, Даниела. (2020), *Положбата на жените во антиката: Правни папируси од Птолемајски и Римски Египет*. Институт за култура и уметност при МСУ, Свети Николе.

Wallace-Hadrill 1981: Andrew Wallace-Hadrill. "Family and Inheritance in the Augustan Marriage Laws, *Proceedings of the Cambridge Philological Society*. New Series, No. 27 (207), 58-80.

Westbrook. Reymond. 2015. *Ex Oriente Lex: Near Eastern Influences on Ancient Greek and Roman Law.* Edited by Deborah Lyons and Kurt Raaflaub. Johns Hopkins University Press.

Законот на дванаесет таблици. (2018), Превод од латински, белешки и предговор, Даниела Тошева. МСУ, Свети Николе.

3. Интернет датабази за папируси:

www.papyriinfo.org

www.trismegistos.org

www.tyndalearchive.com

ДОДАТОК

Законикот на „Посебната сметка“ (BGU 5.1210)

col. I	кол. 1
τ̣ο[ῦ γ]νώμ̣ο̣ν̣[ος], ὃν ὁ θεὸς Σεβαστὸς τῇ τοῦ ἰδίου λόγου | ἐπ̣ι̣τροπῇ [παρ]ε̣στήσατο, καὶ τῶν ὑπὸ χεῖρα αὐτῷ | π̣[ρ]οσγεγο̣ν̣ό̣τ̣[ω]ν̣ ἤτοι ὑπὸ αὐτοκρατόρων ἢ συνκλή|[το]υ ἢ τῶν [κατ]ὰ καιρὸν ἐπάρχων ἢ ἰδίων λόγων τὰ | [5] ἐν μέ[σ]ῳ [κεφ]άλ̣α̣ια συντεμὼν[98] ὑπέταξ[ά] σοι, ὅπως τῇ | .τ[ῆς] ἀναγρ̣α̣φῆς ὀλιγομερίᾳ τὴν μνήμην ἐπιστή|[σας] εὐχερ[ῶς] .τ̣ῶν πραγμάτων περικ[ρ]ατῇς.	[*Преамбула*] Од листата на законски правила, кои божествениот Август ги достави до Управата за посебни прашања [*идиологот*], со додатоци кои се направени или од императорот или од сенатот, или, со текот на времето, од епарсите или од идиолозите, ти подготвив кратка содржина на главите за јавна употреба, за да се потсетуваш со овој скратен облик на изложување и лесно да ги совладаш работите.
β. [- ca.9 -]. . . .ιας τάφους ἀκαταχρηματίστους [πω]λ̣ε[ῖν οὐδ]ε̣ν̣ὶ ἐξὸν ἢ μόνοις Ῥωμαίοις. ὁ γὰρ θε[ὸς Ἁ]δ̣ρ̣ι[ανὸ]ς ε̣ἶ̣πεν μηδὲν εἶναι παρὰ Ῥωμαίοις 20 [ἀκ]α[τ]α̣χ̣[ρημ]άτιστον.	2. ... само на Римјаните им е дозволено да продаваат недостапни гробови. Бидејќи божествениот Хадријан рече дека ништо не е недостапно за Римјаните.
γ .τ̣ῶν \εἰ[ς ἀ]ρχὴν/(*) εἰς ἴ[δ]ιο̣ν λόγον εἰσδιδομένων ὁ πόρος πρὸ [.]. . [.]δ. κ. . . ου κρατεῖται τέταρτον.	3. Приходот од она што е дадено на идиологот во почетокот, се задржува четвртина претходно ...
δ [τ]ῶν [τ]ελευτω[ν] ἀδιαθέτως οἷς οὐδείς ἐστιν |	4. Имотот на оние лица што ќе умрат без завештание, но немаат ниеден
col. II	кол. 2
ἄλλος κατὰ νόμους κληρονόμος τὰ ὑπάρχοντα τῷ φίσκῳ | [25] προσκρείνεται .	наследник според законот, се доделува на државната ризница.

[98] corr. ex συντελων

ε. τ[ὰ] ὑπὸ Ἀλεξανδρέων οἷς οὐ προσήκει διατασσόμενα χωρεῖ | τοῖς κατὰ νόμους ⟦αυ⟧ κληρονομεῖν αὐτοὺς δυναμένοις, ἐάν|περ ὦσι καὶ ἐπιδικάζονται[99].	5. Имотот на Александријците, доколку е распределен на несоодветни лица, преминува на оние кои според законот можат да наследат од нив, ако има такви и ако им се додели судски.[100]
ς Ἀλεξανδρεῖ οὐκ ἐξὸν διατάξαι γυναικὶ γενεᾶς αὐτῷ ἐξ αὐ-| [30] τῆς μὴ οὔσης πλέον τετάρτου μέρους ἧς ἔχει περιουσίας, | τέκνων δὲ αὐτῷ ἐξ αὐτῆς ὄντων οὐ πλείονος ἐξὸν | μερίζειν τῇ γυναικὶ ἢ ὅσων ἐὰν ἑκάστῳ τῶν υἱῶν διατάξῃ.	6. На Александриецот не му е дозволено да ѝ остави на својата жена повеќе од четвртина дел од имотот, доколку нема деца со неа. Ако има деца со неа, не му е дозволено да ѝ додели на жената поголем дел од она што ќе го остави во наследство на секој од синовите.
ζ δ[ι]αθῆκαι, ὅσαι μὴ κατὰ δημοσίους χρηματισμοὺς γείνων|ται, ἄκυροί εἰσι.	7. Завештанијата, кои не се направени како јавни документи, се неважечки.[101]
η [35] ἐὰν Ῥωμαικῇ δια⟦κ⟧θήκῃ[102] προσκαίηται[103] ὅτι ὅσα δὲ ἐὰν διατά|[ξ]ω κατὰ πινᾰκίδας Ἑλληνικὰς κύρια ἔστω, οὐ παραδεκτέα | [ἐ]στίν, οὐ γὰρ ἔ[ξ]εστιν Ῥωμαίῳ διαθήκην Ἑλληνικὴν γράψαι.	8. Ако на римскиот вид завештание се додаде клаузулата „сè што ќе завештам според хеленските таблички, нека биде важечко“, нема да се прифати, бидејќи не му е дозволено на Римјанинот да напише хеленско завештание.
θ τ[ο]ὺς ἀπελευ[θ]έρους τῶν ἀστῶν \ἀτέκνους/ καὶ ἀδιαθέτους[104] τελευτῶν|τας κληρονο[μ]οῦσιν οἱ πάτρωνες ἢ οἱ τούτων υἱοί, ἐὰν ὦσι | [40] καὶ ἐπιδικά[ζ]ονται, θυγατέρες δὲ ἢ ἄλλος τι\ς/ οὐ κληρονο|μήσουσι ἀλλὰ ὁ φίσκος.	9. Ако ослободеници на граѓани[105] умрат без деца или без завештание, тогаш ги наследуваат патроните или нивните синови, доколку имаат [синови], и доколку им се додели судски. Но ќерките [*на патроните*] или некое друго

[99] ἐπιδικάζωνται
[100] Законот, кој не е наведен овде, кажува кои се соодветни лица за тестаментално наследување кај Александријците, односно жителите на хеленските градови.
[101] Нужно било договорите во случај на смрт (*mortis causa, μετὰ τὴν τελευτήν*) да се направат кај агораномот и да бидат регистрирани во јавниот регистар, за да им биде овозможено јавно отворање по смртта на завештателот.
[102] διαθήκῃ
[103] προσκέηται
[104] corr. ex διαθετους
[105] Со називот *граѓани* (ἀστοί) се именуваат жителите на хеленските градови, а не римските граѓани. Римските граѓани се именувани со називот *Римјани* (Ῥωμαῖοι).

	лице, не наследуваат, туку државната благајна.
ι ὅσα ἐὰν ἀπελ[ε]ύθερος διατάξη\ταί/ τινι οὐκ ὄντι τῆς αὐτῆς | τ̣άξεως, ἀναλαμβάνεται.	10. Она што ослободеникот го завештал на лице што не е од истиот ранг (τάξις), се одзема [од страна на државната благајна].
ια γυνὴ Κρηνέα τέκνον οὐ κληρ[ο]νομεῖ.	11. Жена од Крена не наследува од своето дете.[106]
ιβ [45] τὰ ἐκ Κρηνέας κ̣αὶ ξένου γενόμενα τέκνα τοὺς γονεῖς ἀμφο|τέ[ρ]ους κληρονομεῖ.	12. Децата родени од Кренејка и од странец, наследуваат од обата родителa.
col. III	кол. 3
ιγ τὰ ἐξ ἀστῆς καὶ ξέν̣ου γενόμενα[107] τέκνα ξένα γ̣είνεται καὶ | οὐ κληρονομεῖ τὴν μητέρα.	13. Децата родени од граѓанка и од странец [*перегрин*], стануваат странци и не наследуваат од мајката.
ιδ οὐκ ἐξὸν ἀστῷ ἀπελευθέροις διατάσσειν πλέον φ (δραχμῶν) ἢ [μ]ηνιαίων[108] | (δραχμῶν) ε.	14. На граѓанин не му е дозволено да им додели [*во завештание*] на [своите] ослободеници повеќе од 500 драхми или месечно повеќе од 5 драхми.
ιε οὐκ ἐξὸν ἀπελευθέραις ἀστῶν διατίθεσθαι ὥσπερ οὐ[δ]ὲ ἀσταῖς.	15. Не им е дозволено на ослободеничките на граѓаните да прават завештание, како што не им е дозволено ниту на граѓанките.
ις ὅσα ἀπελευθέροις Ῥωμαίων[109] διατάσσεται ἐπὶ τῷ καὶ εἰς ἐ̣γγόνους | αὐτῶν ἐλθεῖν, ἐὰν ἀποδειχθῇ τὰ ἔγγονα μηδέπω γε[γο]νότα ὅτε | ἡ διάταξις ἐγράφετο, ἐγλιπόντων τῶν λαβόντων ἀνα[λ]αμβάνεται.	16. Она што им се распределува [во завештание] на ослободеници од Римјани со услов да премине на нивното потомство, се одзема кога ќе починат примателите, доколку се докаже дека

[106] Во римското право жените не наследуваат од своите деца преку интестатска сукцесија, но во Крена на мајките не им било дозволено да наследуваат од своите деца ниту законски ниту со завештание.
[107] corr. ex γεναμενα
[108] corr. ex [μ]ηναιων
[109] corr. ex ρωμαι⟦ους⟧

	немале потомство кога се пишувала [тестаменталната] распределба.
ιζ τὰ καταλειπόμενα εἰς θυσίας κατοιχομένων, ὅταν μη[κ]έτι ὦσιν | [55] οἱ ἐπιμεληθησόμενοι[110] του[111], ἀναλαμβάνεται.	17. Она што е оставено за правење жртви [во чест] на починатите, се одзема кога веќе нема никој од оние што се грижат за таа работа.
ιη τὰ\ς/ κατὰ πίστιν γεινομένας κληρονομίας ὑπὸ Ἑλλήνων \εἰς/ ⟦ὑπὸ⟧ Ῥω|μαίους[112] ἢ ὑπὸ Ῥωμαίων \εἰς/ Ἕλληνας ὁ θεὸς Οὐεσπασιανὸς [ἀ]νέλαβεν, | οἱ μέντοι τὰς πίστεις ἐξωμολογησάμενοι[113] τὸ ἥμισ[υ ε]ἰλήφασι.	18. Наследства што се оставени во доверба од Хелени на Римјани или од Римјани на Хелени, се одземаат според одлуката на божествениот Веспасијан[114]; на оние, пак, што ги признаваат довербите, им се остава половина.[115]
ιθ τὰ διατασσόμενα ἀπελευθέροις οὐδέπω ἐσχηκό[σι ν]ομίμην | [60] ἀπελευθέρωσιν ἀναλαμβάνεται. νομίμη δέ ἐστιν [ἀ]πελευθέρω|σις, ἐὰν ὁ ἀπελευθερούμενος[116] ὑπὲρ τρίοκοντα[117] [ἔ]τ[η] ἦν γε[γ]ονώς.	19. Она што е оставено во завештание на ослободениците, кои сè уште не добиле законско ослободување, се одзема. Ослободувањето е законско доколку ослободеникот е над триесет години стар.[118]
κ δουλευ[119] ἐν δεσμοῖς γενομένῳ καὶ ὕστερον ἀπελευθερωθέντι ἢ καὶ | μηδέπω τριάκοντα ἐτῶν γενομένῳ τὰ διατασσόμενα ἀναλαμβ(άνεται).	20. Она што му е оставено во завештание на роб што бил во окови, а подоцна бил ослободен, или [на роб што] сè уште не наполнил триесет години, се одзема.

[110] corr. ex επιμελεθησομενοι
[111] τού<των>, corr. ex τού⟦του⟧
[112] corr. ex ρωμαι⟦ων⟧
[113] ἐξομολογησάμενοι, corr. ex εξωμολογησα⟦ντες⟧
[114] Веспасијан (Titus Flavius Caesar Vespasianus Augustus) бил император од 69 до 79 г. н. е.
[115] Станува збор за фидеикомис (fideicommissum). Фидеикомисот е неформална молба што оставителот ја оставал на наследникот, за да тој како фидуцијар, на товар на наследството, му даде или му стори нешто на трето лице, фидеикомисар.
[116] corr. ex απολευθερουμενος
[117] τρίακοντα
[118] Со *Законот на Фуфиј Канинај* (2 г. н.е.) започнуваат ограничувањата во однос на ослободување на робовоите; според овој закон господарот можел да ослободи извесен процент робови преку завештание. Во 4 г. н. е., со *Законот на Аелиј Сентиј* била ограничена и возраста на господарот и на робот кој се ослободувал: господарите да не бидат помлади од 20 години, а робовите да не бидат помлади од 30 години. На овој закон реферираат законските одредби 19-21 од *Гномонот*.
[119] δούλῳ

κα ὁ ἐλευθερωθεὶς ἐντὸς τριάκοντα ἐτῶν καὶ οὐιδίκταν[120] λαμβάνων | [65] δι᾽ ἐπαρχος[121] ἴσος ἐστὶν τῷ μετὰ τρι[ά]κοντα ἔτη ἐλευθερωθέντι.	21. Оној [роб] што е формално ослободен со виндикта[122] од страна на епархот, а е на возраст под триесет години, има исти права како оној што е ослободен на возраст над триесет години.
κβ τῶν τελευτώντων Λατίνων τὰ ὑπάρχοντα δίδοται τοῖς πά\τ/ρω\σι[123] καὶ υἱοῖς αὐτῶν καὶ θυγατράσι καὶ κλη[ρ]ονόμοις, τὰ δὲ διατασσό\μενα ὑπὸ μηδέπω ἐσχη\κότων/[124] νομίμ[η]ν ἐλευθερ\είαν/[125] Ῥωμαῖος | ἀναλαμβάνεται.	22. Имотот на починатите Латини[126] се дава на патроните и на нивните синови и ќерки и на наследниците. Но она што им е завештано на Римјани од страна на оние што сè уште немаат стекнато законска слобода, се одзема.
col. IV	кол. 4
κγ [70] οὐκ ἐξὸν Ῥωμαίοις ἀδελφὰς γῆμαι οὐδὲ τηθίδας, ἀδελφῶν | θυγατέρας συνκεχώρηται. Παρδαλᾶς μέντοι ἀδελφῶν συν\ελθόντων \τὰ ὑπάρχοντα/ ἀνέλαβεν.	23. Не им е дозволено на Римјаните да се женат со своите сестри, а ниту со своите тетки, но дозволено е со ќерките на своите браќа[127]. Пардалас [*идиологот*], навистина, кога брат и сестра стапуваат во брак, им го одзема имотот.[128]

[120] οὐι<ν>δίκταν
[121] ἐπάρχου
[122] Ослободувањето на робовите се нарекува манумисија (manumissio од manus = рака; mitto = отпуштам, праќам), кое може да се изведе на три начини признати од законот: manumissio vindicta (кога ослободувањето го прави преторот формално допирајќи го робот со стапот vindicta), manumissio testamento (кога господарот го ослободува робот во своето завештание), manumissio censu (кога господарот го запишува робот во цензорските списоци).
[123] corr. ex υιαρωσι
[124] corr. ex εσχηκοσι
[125] ἐλευθερίαν, corr. ex ελευθερ⟦ωσι⟧ν
[126] Латини се однесува на *Latini Iuniani*, робови кои биле ослободени под законот *Lex Iunia Norbana*, кои живееле како ослободеници, но умирале со статус на робови. Според тоа, нивниот имот, без разлика дали оставале потомство или не, припаѓал на нивниот поранешен господар, односно на патронот.
[127] Кај Атињаните бил дозволен бракот меѓу чичко и внука преку институцијата *епиклерос.*
[128] Бракот меѓу брат и сестра кај домицилното население не бил забранет. Што се однесува до брак меѓу внука и чичко, во римското право станува законски поради императорот Клавдиј, кој ја зема за жена Агрипина, ќерката на својот брат, како што нè информира правникот Гај:

> Fratris filiam uxorem ducere licet: Idque primum in usum venit, cum divus Claudius Agrippinam, fratris sui filiam, uxorem duxisset: Sororis vero filiam uxorem ducere non licet. Et haec ita principalibus constitutionibus significantur. (Gaius, *Inst*. I.62)
>
> „Дозволено е да се земе за жена ќерката на братот; ова првпат влезе во пракса кога божественият Клавдиј ја зеде за жена Агрипина, ќерката на неговиот брат. Сепак, не му е дозволено никому да ја земе за жена ќерката на својата сестра. Ова правило е назначено во царските конституции.“

Тоа значи дека владеењето на Клавдиј е *terminus post quem* за оваа верзија од текстот на *Гномонот*.

κδ τὴν διδομένην προοῖκα[129] ὑπὸ γυναικὸς Ῥωμαίας ὑπὲρ πεν|τήκοντα ἔτη γεγονυ[ί]ας ἀνδρὶ Ῥωμαίῳ ἐντὸς ἑξήκοντα | [75] ἐτῶν γεγονότι μετὰ θάνατον ὁ φίσκος ἀναλαμβάνει[130]. ／	24. Миразот што е даден од сопруга Римјанка над педесет години возраст, на сопруг Римјанин кој има под шеесет години, по смртта [*на кој било сопружник*], го одзема државната благајна.[131]
κε ὁμοίως καὶ τὴν διδομένην ὑπὸ γυναικὸς ἐντὸς ν ἐτῶν | οὔσης ἀνδρὶ ὑπὲρ ἑξήκοντα ἔτη γεγονότι ἀναλαμβανεται[132].	25. Исто така, ако жена под педесет години му даде нешто на маж над шеесет години, се одзема.
κς κἂν[133] Λατείνα ὑπὲρ πεντήκοντα ἔτη δῷ τι ὑπὲρ ἔτη ὁμοίω(ς) ἀναλαμβ(άνει).	26. Ако и Латинка[134] над педесет години му даде нешто на маж над шеесет, исто така се одзема.
κζ ὅσα Ῥωμαῖοις[135] ἑξηκονταετὴς ἄτεκνος ἀγύναιος ὢν κληρονο- [80] | μεῖ, ἀναλαμβάνεται. ἐὰν δὲ ἔχῃ γυναῖκαν[136] τέκνα δὲ μὴ καὶ ἑαυ|τὸν προσανγείλῃ, τὸ ἥμισυ αὐτῷ συνχωρεῖται.	27. Ако Римјанин над шеесет години наследи каков и да е имот, а нема деца и жена, му се одзема. Ако има жена, а нема деца, му се дозволува половина [од наследството само] ако се пријави.
κη γυνὴ ἐὰν <ᾖ> ἐτῶν ν, οὐ κληρονομεῖ, ἐ[ὰ]ν δὲ ἡττόνων καὶ ἔχῃ τέ|κνα γ, κληρονομεῖ, ἀπελευθερικὴ δ̣έ, ἐὰν ἔχῃ τέκνα τέσσαρα.	28. Жена која има над педесет години, не може да наследува; ако има помалку [години] и има три деца, наследува, а жена ослободеничка [може] ако има четири деца.[137]

[129] προῖκα
[130] corr. ex αναλαμβανεται
[131] Ова е дел од *Законот на Папиј и Попај* (*Lex Papia-Poppaea*), со кој им се забранува на жени под 50 години да се мажат со мажи над 60 години и обратно. Тоа се нарекува несоодветен брак (impar matrimonium), бидејќи не произведува потомство.
[132] ἀναλαμβάνει
[133] καὶ ἄν
[134] Латините во основа се странци (peregrini, ξένοι), кои имаат привилегирана положба, бидејќи освен право на слобода (status libertatis), тие можеле да стекнат и римско граѓанство ако вршеле должност на декурион или биле членови на општинскиот совет, или на други начини доколку ги исполнувале предвидените услови. Во однос на правата, тие немале право на гласање (ius suffragii), а некои категории Латини ниту право на римски брак (ius connubii).
[135] Ῥωμαῖος
[136] γυναῖκα
[137] Станува збор за *ius trium liberorum*.

κθ Ῥωμαία ἐνγενὴς ἔχου[σ]α οὐσίαν σηστερτίων κ, μέχρι ἄγαμός | [85] ἐστιν, δίδωσι κατ᾽ ἔτος ἑκατοστήν, καὶ ἀπελευθερικὴ δὲ ἔχου|σα[138] σηστερτίων κ τὸ αὐτὸ δίδωσι, ἕως ἂν γαμήσῃ.	29. Слободнородена Римјанка, која поседува 20.000 сестерции, сè додека е немажена ќе плаќа 1/100 годишно [данок]; но и ослободеничка ако поседува 20.000 сестерции ја плаќа истата сума сè додека не се омажи.
λ αἱ καταλειπόμεναι κ̣ληρονομείαι[139] γυναιξὶ Ῥωμαίαις ἐχούσ|αις οὐσίας σηστερτίων ν ἀγάμοις κ[α]ὶ ἀτέκνοις ἀναλαμβανεται.[140]	30. Наследство оставено на Римјанки, кои имаат имот од 50.000 сестерции, но се немажени и бездетни, им се одзема.
λα Ῥωμαίᾳ ἐξὸν ἀνδρὶ [κ]αταλείπειν τ̣ὸ̣ δέκατον ὧν κέκτη̣τ[αι], | [90] ἐὰν δὲ πλείονα, ἀναλαμβάνε[ται].	31. На Римјанка ѝ е дозволено да му остави на мажот 1/10 од она што го поседува; ако е повеќе, му се одзема.
λβ Ῥωμαίοις[141] ὑπὲρ ἑκατὸν σηστέρτ̣ι̣α ἔχοντες ἄγαμοι καὶ |	32. Римјаните кои поседуваат над 100.000 сестерции, но се неженети
col. V	кол. 5
ἄτεκνοι οὐ κληρονομοῦσι, οἱ δὲ ἔλαττον ἔχοντες κληρονομοῦ̣σ̣ι̣[142].	и бездетни, не наследуваат, но оние што имаат помалку, наследуваат.
λγ Ῥωμαίᾳ οὐκ ἐξὸν ὑπὲρ τὴν καλουμένην κουη εμπτιωνα δια|τάσσειν· ἀνελήμφθη δὲ καὶ ληγᾶτον[143] καταλειφθὲν ὑπὸ Ῥωμαί-| [95] ας ἀφήλικι Ῥωμαίᾳ.	33. На Римјанка не ѝ е дозволено да остава во наследство, освен ако не влегла во брак наречен *купување* (coemptio). Легат[144] оставен од Римјанка на Римјанка која е малолетна, се одзема.

[138] corr. ex εχουσι
[139] κληρονομίαι
[140] ἀναλαμβάνονται
[141] Ῥωμαῖοι
[142] corr. ex κληρονο⟦υ⟧μουσι
[143] corr. ex ληγαδον
[144] Во Just. *Dig.* 30. 116 легатот се дефинира како „намалување на наследството каде што оставителот упатува дека нешто, кое инаку е дел од наследениот имот на наследникот, треба да оди кај трето лице.“ Види исто Just. *Inst* 2. 20. 1: „Легат е вид подарок оставен од починатото лице.“ Интересно е тоа што и Јустинијан и Гај го делат истото мислење дека легатот не спаѓа во областа на Наследното право, бидејќи не е форма на стекнување сопственост на ствар per universitatem. Но, бидејќи темата за легати е тесно поврзана со тестаменталната сукцесија, тие сметале дека може да ги стават како поттема од наследното право. (Види *G*. 2. 191 и *Inst* 2. 20.) Имено, оставителот со едностран изјава му наредува на наследникот на товар на имотот стекнат со наследство, да му даде некоја точно утврдена ствар (res singulae) на трето лице (кое не е наследник), кое се нарекува легатар (legatarius). Легатарот, за разлика од универзалниот наследник, не можел да ги преземе и долговите на оставителот.

λδ τοῖς ἐν στρατείᾳ καὶ ἀπὸ στρατείας οὖσι ⸗συνκεχώρηται διατίθεσθα[ι] | καὶ κατὰ Ῥωμαικὰς[145] καὶ Ἑλληνικὰς διαθήκας καὶ χρῆσθαι οἷς βού|λωνται ὀνόμασι, ἕκαστον δὲ τῷ ὁμοφύλῳ καταλείπειν καὶ οἷς ἔξ[εσ]⸗τιν.	34. На војници додека се во служба, но и по воената служба, им е дозволено да го завештуваат својот имот и според римските и според хеленските завештанија и да се служат со какви сакаат имиња[146]; како и да е, [имотот мора да го остават] само на историодници или на оние на кои им е дозволено.
λε τοὺς στρατευομένους καὶ ἀδιαθέτους τελευτῶντας ἐξὸν τέκνοι[ς] | [100] καὶ συνγενέσει[147] κληρονομεῖν, ὅταν τοῦ αὐτοῦ γένους ὦσι οἱ μετερχ[όμε]⸗νοι.	35. Дозволено им е на децата и на роднините на војниците кои умреле без завештание, да наследат, доколку оние што бараат дел припаѓаат на истиот сталеж според занимање[148].
λς τῶν ἐπὶ φόνοις ἢ μίζοσιν[149] ἁμαρτήμασιν κολαζομένων ἢ καὶ δ[ι' ὁ-] | μοίας αἰτίας αὐθέρετον[150] φυγὴν ἑλομένων τὰ ὑπάρχοντ⸗ | ἀναλαμβάνεται, δίδοται δὲ τοῖς τέκνοις αὐτῶν τὸ (δέκατον) καὶ ταῖς γυ[να]ι- | ξὶν αἱ ἐν ἀργυρίῳ προῖκες, καὶ αὐτοῖς δὲ τὸ (δωδέκατον) Ἀντωνῖνο[ς] | [105] Καῖσαρ κ[151] κύριος συνεχώρησεν.	36. Имотот на оние што се казнети за убиство или за капитални кривични дела, или доброволно избегале поради слични причини, им се одзема; но една десетина им се доделува на нивните деца, а мираз во сребро на нивните жени, но императорот Антонин им дозволи дванаесетти дел.
λζ οἱ παρὰ προστάγματα βασιλέων ἢ ἐπάρχων τι πράξαντες ἀκα[τα]λ | λήλως ἐζημιώθησαν ο[152] μὲν τετάρτῳ μέρει τῆς οὐσίας οἱ δὲ ἡμ[ισεί]⸗, οἱ δὲ ἐξ ὅλων.	37. Оние лица што ги прекршиле наредбите на кралевите или на епарсите, се казнети: едни со четвртина дел од имотот, други со половина, а некои со цел имот.

[145] ρωμαϊκασ papyrus
[146] На војниците, без разлика дали се со римско граѓанство или не се, не им било дозволено да се женат додека се во служба. Доколку сепак стапеле во брак и создале деца додека се во служба, тие деца се сметаат за незаконски и не можат да наследат од таткото.
[147] συγγενέσι
[148] За γένος види повеќе документ 1(*BGU* XIV. 2367) .
[149] μείζοσιν
[150] αὐθαίρετον, corr. ex αυθε⟦ιερ⟧ρετον
[151] ὁ
[152] ο<ἱ>

λη οἱ ἐξ ἀστῆς καὶ Αἰγυπτίου γενόμενοι μένουσι μὲν Αἰγύπτιοι, [ἀ]μ- | [110] φοτέρους δὲ κληρονομοῦσι τοὺς γονεῖς.	38. Оние лица што се родени од граѓанка и од Египќанин, остануваат Египќани, но наследуваат од обата родителa.
λθ Ῥωμαίου ἢ Ῥωμαίας κατ᾽ ἄγνοιαν συνελθόντων {ἢ ἀστοῖς} Αἰγυπτίοις | τὰ τέκνα <τῷ> ἥγτονι[153] γένει ἀκολουθεῖ.	39. Ако Римјанин или Римјанка не знаејќи стапат во брак со граѓанка/граѓанин или со Египќанин / Египќанка, децата го следат понискиот сталеж.[154]
μ τὰ περὶ τῶν ἐισαγόντων οὓς μὴ δεῖ εἰς τὴν Ἀλεξανδρέων πολε[ι]τ[ί]αν[155] | νῦν ἡγεμονικῆς γέγονεν διαγνώσεως.	40. Хегемоните сега имаат јурисдикција над оние случаи што вклучуваат незаконско доделување александриско граѓанство.
col. VI	кол. 6
μα [115] ἐὰν Αἰγυπτιόο[156] ἐκ κοπρίας [ἀν]έληται παῖδα καὶ τοῦτον υἱοποιήσηται, | μετὰ θάνατον τεταρτολο[γεῖτ]αι.	41. Ако Египќанин собере дете од ѓубриштето, и него си го стори син, по смртта му се одзема четвртина [од имотот].[157]
Μβ οἱ ἀκαταλλήλως χρηματίζ[ον]τες τεταρτολογοῦνται καὶ οἱ εἰδότες | καὶ \συν/χρηματίσαντες αὐτοῖς [τε]ταρτολογοῦνται.	42. Оние лица што несоодветно се опишуваат во документите, се казнуваат со четвртина, но и оние што знаејќи потпишуваат договор со нив, се казнуваат со четвртина.
Μγ Αἰγυπτίων μετὰ τελευτὴ[ν] τοῦ πατρὸς γραψάν[τ]ων τὸν πατέρα Ῥω- | [120] μαῖον τέταρτον ἀνελήμφ[θ]η.	43. Четвртина имот им се одзема на оние Египќани кои по смртта на својот татко, изјавиле написмено дека е Римјанин.

[153] ἥττονι

[154] Овде е применет *Законот на Миниџиј* (*Lex Minicia*) според кој децата од мешани бракови, меѓу Римјани и не-Римјани го добиваат понискиот сттаус. Модификација на овој закон има и во правилото 13 погоре, кое се однесува на дете од граѓанка и перегрин и во 38, кое се однесува на дете од граѓанка и од Египќанин.

[155] πολιτείαν

[156] Αἰγύπτιος

[157] Отфрлените бебиња ги оставале кај ѓубриштата и тоа е посведочено во документите во кои се најмува доилка за најдено бебе, кое станува роб на семејството кое ја плаќа доилката.

Μδ Αἰγυπτίου ἀπογραψαμένο̣[υ] υἱὸν ὡς ἐφηβευκό̣[τ]α̣ τῶν δύο τέταρτον | ἀναλαμβάνεται.	44. Ако Египќанин го запишал својот син во списокот на ефеби[158], им се одзема четвртина [од имотот] на двајцата.
Με ἐὰν ἀστὸς Αἰγυπτίαν γαμ[ῆ κ]αὶ τελευτήσῃ ἄτ[ε]κνος, ὁ φίσκος τὰ | ἐπίκτητα αὐτοῦ ἀναλαμ[βά]νει, ἐὰν δὲ τέκνα̣ ἔχῃ, τὸ δίμοιρον | [125] ἀναλαμβάνει. ἐὰν δὲ ἦν [πρ]οτετεκνὼς[159] ἐξ ἀστῆς καὶ ἔχῃ τέκνα γ | ἢ καὶ πλείονα, τούτοις χ[ω]ρεῖ καὶ τὰ ἐπίκτη̣τα, ἐὰν δὲ δύο <τὸ> τέταρτον | ᾗ τὸ πέμπτον, ἐὰν δὲ ἓν [τὸ] ἥμισυ.	45. Доколку граѓанин се ожени за Египќанка и умре бездетен, државната благајна му го одзема неговиот имот. А ако има деца, му одземаат само две третини. Но ако има три или повеќе деца од претходен [брак] со граѓанка, имотот им се доделува ним. Ако има две деца, [тогаш секое добива] четвртина или петтина, а ако е едно [дете добива] половина.
Μ[ϛ] Ῥ̣ωμαίοις καὶ ἀστο̣ῖς κατ᾽ ἄ[γνοι]αν Αἰγυπ[τί]αις συνελθοῦσι[160] συνεχω- | ρήθη μετὰ ἀ̣νευθύ̣ν[ους] ε̣ἶναι καὶ τ̣[ὰ] τέκνα τῷ̣ πατρικῷ̣ γένει ἀκολουθεῖ.	46. На Римјаните и на граѓаните, кои поради незнаење се оженале со Египќанки, им се дозволува да бидат без одговорност со [*одлуката ?*], а децата го преземаат татковиот статус. [161]
μζ [130] ἀστὴ συνελθοῦσα Ἀ̣ι̣[γ]υ̣[πτίῳ] κ̣ατ᾽ ἄγνοιαν ὡς ἀστῷ̣ ἀνεύθυνός ἐστιν. | ἐὰν δὲ καὶ ὑπὸ ἀμφοτ̣έρ[ων ἀπ]αρχὴ τέκνων τεθῇ̣, τηρεῖται τοῖς τέκνοις ἡ | πολιτε̣ία.	47. Граѓанка, која се омажила за Египќанин поради незнаење, не се смета за виновна, како и граѓанинот. Ако обајцата направиле извод за раѓање на децата, на децата им се дозволува граѓанство.[162]

[158] Тоа значи дека го запишал со повисок статус, како жител на грчки град.
[159] [πρ]οτετεκνω<κὼ>ς
[160] corr. ex συνελθουσ⟦αις⟧
[161] Оваа одредба се коси со 39, но станува збор за допуштање, бидејќи συνεχωρήθη може да се преведе и „(им) е допуштено“, со оглед на дативот Ῥ̣ωμαίοις καὶ ἀστο̣ῖς, наместо вообичаеното „одлучено е“. Ова „допуштање“ е веројатно резултат на извесна одредба (можеби Senatus Consultum), со која им се дозволува на мажите Римјани и на жителите на градовите да поминат неказнети поради грешката. Ова правило се однесува и на жителките на хеленските градови (правило 47), но не се однесува на Римјанките. Според Багнал (Bagnal 1993) овој допуст во 46 е дел од *ius civile*, а Законот на Миниций (правило 39), од кој отстапува, е варијација на *ius gentium* за оваа проблематика.
[162] Изводот ἀπαρχή, го прават двајцата родители, за да се види каков ќе биде статусот на детето, како што може да се види и од *PSI* IX.1067 подолу.

[μ]η ἀστοὶ[163] γήμαντες Νηϩιώτ[ιδα]ς ὅμοιοί εἰσι τοῖς Αἰγυπτίοις συνελθοῦσι.	48. Граѓани кои се оженile за островјанки, имаат иста положба како оние што се оженile со Египќанки.
[μ]θ ἀπελευθέροις Ἀλεξαν[δρέω]ν οὐκ ἐξὸν Αἰγυπτίαν γῆμαι.	49. На ослободеници на Александријци не им е дозволено да се оженат со Египќанка.
Ν ἀπελευθέρας ἀστοῦ τετ[εκν]ωμένης ἐξ Αἰγυπτίου Νωρβᾶνος τὰ ὑπάρ-| [135] χοντα ἀνέλαβεν, Ῥοῦφος [δὲ] τοῖς τέκνοις ἔδωκε.	50. На ослободеничка од граѓанин, која што родила деца од Египќанин, според одлуката на Норбан ѝ се одзема имотот, но според одлуката на Руфус им се доделува на децата.
Να Σύρου καὶ ἀστῆς υἱὸς ἔγημ[εν Αἰγ]υπτίαν καὶ κατεκρίθη ὡρισμένον | κεφάλαιον.	51. Син на Сириец и на граѓанка, којшто се оженил за Египќанка, е осуден на одредена сума.
Νβ Ῥωμαίοις ἐξὸν Αἰγυπτίαν γ[ῆμα]ι.	52. На Римјаните им е дозволено да се женат со Египќанки.
Νγ αἱ ἀγόμεναι ὑπὸ μισσικίων [γυν]αῖκες Αἰγύπτιαι, ἐὰν χρηματίσωσι ὡς Ῥω- | μαῖα[164], τῷ τῆς ἀκαταλληλία[ς κρ]ατειται[165].	53. Жените Египќанки, кои се омажиле за разрешени војници, доколку се служат со римските закони, ќе се држат одговорни за несоодветствување на статусот.
col. VII	кол. 7
νδ [140] θυγατρὶ μ[ι]σσικίου Ῥωμαίᾳ γεν[ομ]ένη Οὖρσος οὐκ [ἐπέτρε]ψε | κληρον[ομ]ῆσαι τὴν μητέραν[166] Αἰγ[υπ]τίαν οὖσαν.	54. На ќерката на разрешен римски војник, која станала Римјанка, не ѝ е дозволено според одлуката на Урсус[167], да наследи од мајка ѝ, која е Египќанка.

[163] corr. ex αστοι⟦ς⟧
[164] I. Ῥω\|μαῖαι
[165] I. κρατοῦνται
[166] μητέρα
[167] Урсус бил префект на Египет во 84-85 г. н.е.

νε ἐὰν Αἰγύπτ[ιο]ς λαθὼν στρατεύσητα[ι ἐ]ν λεγ\ε/ῶνι, ἀπολυθ[εὶς εἰ]ς τὸ | Αἰγύπτιο[ν] τάγμα ἀποκαθίστατ[αι]. ὁμοίως δὲ καὶ οἱ ἐκ [τοῦ] ἐρε- | τικοῦ ἀπ[ολ]υθέντες ἀποκαθίστανται πλὴν μόνων τῶ[ν] ἐκ | [145] Μησινῶν[168] [σ]τόλου.	55. Ако Египќанин скришно служи во војска, во легија[169], по разрешувањето се враќа на статус Египќанин. Слично и разрешените веслачи се враќаат, освен само оние од Месинската флота.
νς οἱ στρατευ[όμ]ενοι καὶ μὴ νομίμην [ἔ]χ[οντ]ες ἀπόλυσιν, ἐ[ὰν χ]ρ[η-] | ματίσωσ[ι] ὡς Ῥωμαῖοι, τεταρτολο[γ]οῦνται.	56. Војниците, кои не добиле законско разрешување, доколку се служат со римските привилегии, се казнуваат со четвртина од имотот.
νζ Παρᾳιτον[ίω]ν τῶν συνερχομέν[ω]ν γυναιξὶν ἀλλ[ο]φυλ[ο]υς[170] ἢ | Αἰ[γ]υπτία[ις] τὰ τέκνα τῷ ἥττονι [γέ]νε[ι] ἀκολουθε[ῖ].	57. Ако Парајтонијци се оженат со туѓинки или со Египќанки, децата го следат понискиот статус.[171]
νη [150] οἱ μὴ ἀπογεγραμμένοι[172] ταῖς [κατ'] οἰκίαν ἀπογ[ρα]φα[ῖς ἐ]αυτούς | τε κα[ὶ] οὓς [δ]εῖ τεταρτολογοῦνται, [κα]ὶ ἐὰν δυσὶν ἀπογρ[αφ]α[ῖς μ]ὴ | ἀπογρα\ψά/μενοι[173] εἰσδοθῶσιν, δ[ὶ]ς[174] τέταρτ[ο]ν ⟦αναλ[α]⟧ [κατακ]ρίνονται.	58. Лицата што не се запишале ниту себеси, ниту оние што треба, во [цензорскиот] попис на домаќинства, треба да платат четвртина [од имотот]. Но ако два пати се пријавени дека не се запишале [во цензорскиот список], два пати плаќаат четвртина [од имотот] за казна.
νθ Ῥωμαῖοι κ[α]ὶ Ἀλεξανδρεῖς μὴ ἀπ[ογρ]αψάμενοι οὓς δεῖ, ἐά[ν τ]ε ἕνα | ἐὰν τε πλεί[ο]υς, ἓν τέταρτον κατ[ακρ]ίνοντα[ι].	59. Римјани и Александријци, кои не ги запишале [во цензорскиот список] оние што треба да ги запишат, без разлика дали се работи за едно лице или за повеќе лица, се осудува на една четвртина [од имотот].

[168] Μισηνῶν
[169] Во легија служат само Римските граѓани.
[170] ἀλλοφύλοις
[171] Парајтониј е град во Мармарика. Не се знае дали Парајтонијците или Египќаните имале понизок статус.
[172] corr. ex απογραψαμενοι
[173] corr. ex απο⟦γε⟧γρα⟦μ⟧μενοι
[174] *BL* 7.19 : [ἓν]

ξ [155] οἱ μὴ ἀπογραψάμενοι ἀνδράπο[δα μ]όνων τῶν ἀ̣νδ[ρα]πόδω[ν] στέρωνται[175].	60. Лицата што не ги запишале робовите [во цензорскиот список], ќе бидат лишени само од робовите.
ξα ὧ̣ν ἀναπογ[ρ]άφων δούλων ἡ ἐπ[αφ]ὴ[176] δίδοται τοῖς δ[ε]σπότ[αι]ς, ἐάν- | νπερ μηδέ̣να̣ πόρον ἔχωσι ἢ ⟦μη⟧ μ̣[όν]ους τοὺς δούλου[ς].	61. Породот на незапишани робови им се доделува на господарите, доколку немаат средства за издржување освен само робовите.
ξβ οἱ ἐν στρατε̣[ί]α̣ ὄντες ἀναπόγραφ[οι ο]ὐ κρατοῦνται, γυναῖκ̣[ε]ς δὲ | αὐτῶν κ[αὶ] τέκνα εὐθύνοντ[αι].	62. Лицата што се во воена служба а не се запишани [во цензорскиот список], не се сметаат виновни, но нивните жени и деца се одговорни.
ξγ [160] οἱ εὐθυνόμενοι ὡς μὴ ἀπογρα[ψά]μενοι τῇ̣ προτέρᾳ ἀπογ[ρα]φῇ̣, | ἐὰν ἡ προσθ̣ήκη μέχρι γ ἐτῶν [ᾖ̣], συ̣γνωμονοῦνται.	63. Лицата што се одговорни затоа што не се запишале на претходниот попис, ќе им биде простено доколку надминувањето не е повеќе од три години.
ξδ τὰ περὶ τῶν χωρὶς ἀποστόλου ἐκ̣πλεόντων νῦν ἡγεμονικῆς δια- | γνώσεως [ἐ]γένετο.	64. Хегемонот сега има јурисдикција над случаите на оние што без дозвола отпловуваат [од Египет].
ξε δοῦλοι κατ᾽ ἄ̣γνοιαν τοῦ δεσπότου ἐ̣ξαχθέντες ἐπράθησαν.	65. Робовите, кои се одведени поради незнаење на господарот, ќе бидат продадени.
col. VIII	кол. 8
ξς [165] οἱ ἐξ̣[ὸ]ν̣ ἐκπλεῖν ἀναπόστολοι πλέοντες τριτο̣̣λογο[ῦντ]αι, ἐὰν δὲ δούλους | ἰδίο̣[υς] ἐξάγωσιν ἀναποστόλους, ἐξ ὅλων ἀναλαμβάν[οντα]ι.	66. Оние што отпловуваат без дозвола за пловење, ќе бидат казнети со третина [од имотот]; но ако ги носат сопствените робови без дозвола, целосно ќе им бидат одземени.
ξζ οἱ Αἰγυ[πτ]ίων δούλων οἰκογενεῖς[177] τάσσοντ̣ες ἢ πωλοῦντ̣ες [ἀ]πὸ οἰκογενείας ὑπὲρ | τοῦ [ἐκ]πλεῖν αὐτοὺς ὅτε μὲν ἐξ ὅλων	67. Оние што оставаат во наследство или продаваат египетски робови родени во домаќинството, но надвор од

[175] στέρονται
[176] *BL* 2.28 : ἐπ[ιγον]ὴ
[177] corr. ex οικογονεις

ὅτ̣ε δὲ ἐξ ἡμίσου[ς ὅτ]ε̣ δὲ ἐκ τετάρτ[ο]υ ἀνε|λήμ[φ]θησαν· κατὰ τῶν συνγνόντων ἐ[π]ίτ̣ειμα[178] ὡρίσθ[η]· τ̣[ῶ]ν μέντοι οἰκογε-| [170] νῶ[ν], κ̣ἂ̣ν[179] [μ]ὴ Αἰγυπτίων μητέρων ὦσιν, τ̣ὸ μητρικὸν [γ]έ̣νος οὐκ ἐξετάζεται.	домаќинството, со тоа што ќе отпловат, понекогаш им се одзема сиот имот, понекогаш половина, понекогаш четвртина. Се определува казна и за оние што дозволиле. За оние што се родени дома, дури и да не е Египќанка мајката, не се истражува мајчиното потекло.[180]
ξη Ῥωμ[αῖ]ο[ς ἐκπ]λεύσας μὴ πλήρη τὰ πρὸς ἔκ̣πλο̣υ̣ν γράμματα [ἐσχ]ηκ̣ὼ̣ς | κατεκρίθ[η] (τάλαντον(?)) [.].	68. Римјанин кој отпловил без да ги има целосни документите за отпловување, ќе биде казнет со [...] таланти.
ξθ Αἰγυ[πτ]ία διὰ Πη̣λουσίου δούλους ἐκπέμψα̣σ̣α σ̣ὺ̣ν υ[ἱο]ῖ̣[ς - ca.9 -]υμέν[ο]ις κ̣α̣τ̣ε̣|κρ̣ί[θη] (τάλαντον) α (δραχμὰς) Γ.	69. Египќанка, која пратила робови преку Пелусиј[181] со синовите [...] ќе биде осудена на еден талант и 3000 драхми.

[178] ἐπίτιμα
[179] καὶ ἄν
[180] Робови кои имаат египетско потекло можеле да бидат продадени преку море, ако имаат римски господари и така можеле да станат Римски граѓани. За да се спречи ова, било забрането извезувањето на египетски робови, а оние што биле фатени биле продавани од страна на фискот.
[181] Пелусиј бил значаен град пристаниште на источните краеви од египетската Делта на Нил.